O P [ T I N A   G E V G E L I J A

# SLU@BEN GLASNIK
# NA OP[TINA GEVGELIJA
# REGISTAR 2011

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 61 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09 и 48/10 год.) и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина ("Службен весник на РМ" бр.147/08 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**ОДЛУКА**
**за организирање на јавна расправа и јавен увид по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на урбанистичкиот план вон населено место за ЈЗУ Психијатриска болница Негорци, КО Негорци општина Гевгелија за плански период 2009-2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлика се организира јавна расправа и јавен увид по Извештајот за сратегиска оцена на животната средина на урбанистичкиот план вон населено место за ЈЗУ Психијатриска болница Негорци, КО Негорци општина Гевгелија за плански период 2009-2019 година (во натамошниот текст: Извештајот).

**Член 2**

Јавниот увид ќе се спроведе со излагање на Извештајот во просториите на Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина на општина Гевгелија и ќе трае 30 дена и на веб страната на општина Гевгелија.

**Член 3**

Јавната расправа по Извештајот ќе се одржи во административните простории на општина Гевгелија на ден 09.02.2011 година со почеток во 11 часот.

**Член 4**

За времето и местото каде ќе биде изложен Извештајот и ќе се спроведе јавната расправа ќе се објави известување во јавните гласила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр. 08-177/1 Градоначалник
20.01.2011 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 29, 30 и 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.66/03, 82/05 и 24/07) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на директор на Јавна Општинска Установа**
**Дом на култура "Македонија"-Гевгелија**

1.За директор на Јавна Општинска Установа Дом на култура "Македонија"-Гевгелија, се избира лицето

-Миле Ничевски, со завршен Факултет за ликовни уметности - Дипломиран ликовен педагог со графика.

2.Избраното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ЈОУ Дом на култура "Македонија", Законот за култура и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-51/1 Градоначалник
05.01.2011 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 12 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04 и 89/08) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на директор на Јавна Општинска Установа**
**Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија**

1.За директор на Јавна Општинска Установа Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија, се избира лицето,

-Драги Хаџи-Николов, со завршен Факултет за ликовни уметности - Дипломиран сликар со дизајн на уникатна и индустриска керамика.

2.Избраното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев", Законот за библиотеките и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-52/1 Градоначалник
05.01.2011 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.19/10 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2011 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 10.000,00 денари се доделуваат на Елма Попова од Гевгелија за новородено дете во 2011 година од општина Гевгелија..

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка на родителите на новороденото дете.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

## О б р а з л о ж е н и е

Општина Гевгелија,традиционално секоја година доделува средства од Буџетот на општина Гевгелија, на првото новородено дете во Новата година.

Врз основа на добиеинте податоци од Општата болница во Гевгелија, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година во износ од 10.000,00 денари како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.13-25/1
3.01.2011год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Иван Франгов с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Одлука за организирање на јавна расправа и јавен увид по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на урбанистичкиот план вон населено место за ЈЗУ Психијатриска болница Негорци, КО Негорци општина Гевгелија за плански период 2009-2019 година ........................................................................ 1

2.Решение за избор на директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија" Гевгелија ........................................................................................................ 2

3.Решение за избор на директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија ............................................................................................................ 2

4.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година на Елма Попова од Гевгелија ............................................. 2

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр. 79/09 год.) и член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 25.01.2011 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Гевгелија и општина Дојран**

**Член 1**

Советот на општина Гевгелија го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен од Градоначалникот на општина Гевгелија, број 08-91/4 од 14.01.2011 година, за вршење на работите од член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа, помеѓу општина Гевгелија и општина Дојран.

**Член 2**

Утврдениот Предлог од член 1 на оваа Одлука, процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка, се доставува до општина Дојран заради усвојување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-215/1 Претседател
25.01.2011год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр. 79/09 год.) и член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 25.01.2011 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Гевгелија и општина Дојран**

**Член 1**

Се формира заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка (МОС) помеѓу општина Гевгелија и општина Дојран.

**Член 2**

Заедничката комисија за меѓуопштинска соработка (МОС):

- ќе изготви предлог акт за воспоставување на меѓуопштинска соработка (МОС);
- ќе изготви предлог акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува меѓуопштинска соработка (МОС).

Заедничката комисија ги доставува предлог актите до Советот на општините кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка (МОС), во рок од 30 дена.

**Член 3**

Заедничката комисија е составена од 4 члена, од кои по 2 члена од секоја од општините.

Комисијата од своите редови избира претседател, кој ја координира работата на комисијата.

Во работата на комисијата може да учествуваат и стручни лица од областа во која се воспоставува меѓуопштинска соработка (МОС).

**Член 4**

Комисијата од член 1 на оваа одлука, предлозите и актите ги подготвува врз основа на претходно направена анализа.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-216/1
25.01.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија
***Александар Тодов** с.р.*

Врз основа на член 27 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04,96/04,76/07 и 159/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.01.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на Буџетски календар

**Член 1**

Роковите за планирање и усвојување на Буџетот на општина Гевгелија се определуваат со буџетски календар.

**Член 2**

Со Буџетскиот календар се утврдуваат следните рокови во кои ќе се преземаат и донесуват потребните дејствија за изготвување и донесување на Буџетот на општината и тоа:

| Р. бр | назив на органот | Опис на постапката/дејствието што се превзема | Месец во тековната година | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
| 1 | Советот на општината | донесува **буџетски календар** | * | * | * | | | | | | | | |
| 2 | Министерот за финансии | изготвува **извештај** и го доставува до **Владата** за фискалната состојба во текот на годината | | | * | | | | | | | | |
| 3 | Советот на општината | ја донесува или разгледува **Фискалната стратегија на општината** | | | * | | | | | | | | |
| 4 | Градоначалникот на општината | ги утврдува главните **насоки за подготвување на финансиските планови** на општинските буџетски корисници | | | * | * | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на општината | општинските буџетски **корисници** главните насоки за изготвување на финансиските планови | | | * | * | | | | | | | |
| 6 | Општинските буџетски корисници | ги доставуваат до општината своите **предлог буџетски пресметки/ финансиски планови**, со образложение за висината на износите по позиции | | | | * | * | | | | | | |
| 7 | Одделението за финансии и буџет | ги **анализира барањата** на општинските буџетски корисници и го известува Градоначалникот за **основните параметри** (зголемени или намалени барања) | | | | | | * | * | | | | |
| 8 | Министерот за финансии | го доставува до општината **буџетскиот циркулар** за подготовки на буџетите на општ. и износот на даноци од буџет.на РМ | | | | | | | | до 30. 09. | | | |
| 9 | Одделението за финансиски прашања со градоначалникот на општината | го подготвуваат **нацрт-буџетот на општината** и поднесува на Советот на општината | | | | | | | | | * | * | |
| 10 | Градоначалникот на општината | го доставува до Советот на општината **предлог-буџетот** на општината | | | | | | | | | | * | * |
| 11 | Советот на општината | **го донесува буџетот** на општината за наредната година | | | | | | | | | | | до 31. 12. |

Забелешка: Обележените полиња ги означуваат роковите во кои треба да се преземат предвидените дејствија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07- 214/1
25.01.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ"бр.111/08,64/09 и 88/10 год.), и член 38 став 1 точка 15 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.01.2011 година, донесе

## П РОГРАМА
## за измена и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2011 година

1.Во Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2011 година ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.19/2010 година) во поднасловот " III.ПОСТАВУВАЊЕ НА САДОВИ ЗА ОТПАД И ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ" ставот 2 се менува и гласи:

"Во 2011 година ќе се набават корпи за отпадоци за замена на оштетените кои се веќе поставени и контејнери кои ќе се постават пред зградите за колективно домување во Гевгелија и во населените места."

2.Во поднасловот"IV.Финансиски средства"во ставот 1 точката 4 се менува и гласи:

"4.Набавка и поставување на садови за фрлање на отпадоци .........700.000,00 денари и тоа за:

-Контејнери за комунален отпад од 1,1м3...........................................500.000,00

-Корпи за комунален отпад...................................................................200.000,00

3.Оваа Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Гевгелија''.

Бр.07-217/1 Претседател
25.01.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 32 став 3 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04,89/08 и 116/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.01.2011 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За усвојување на Извештајот за работа на Јавната општинска установа- Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија за 2010 година**

1.Се усвојува Извештајот за работа на Јавната општинска установа- Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија за 2010 година усвоен од Управниот одбор на библиотеката со Одлука бр.0202-138 од 16.12.2010 година.

2.Да се направат напори за вработување на стручни лица во библиотеката за да може да се извршува дејноста на библиотеката, посебно електронската обработка на добиената стручна и друга литература и дела како и за функционирање на COBISS системот (автоматското внесување на библиотечниот материјал) во кој библиотеката е членка.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-212/1 Претседател
25.01.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 32 став 3 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04,89/08 и 116/10 год.) и член 38 став 1

точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.01.2011 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Програмата за работа на Јавната општинска установа - Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија за 2011 година**

1.Се усвојува Програмата за работата на Јавната општинска установа-Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија за 2011 година, усвоена од Управниот одбор на библиотеката со одлука бр.0202-139 од 16.12.2010 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07- 213/1 Претседател
25.01.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 41 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на РМ" бр.51/03 95/05 и 113/07 год.) и член 38 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.01.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување два члена во Управниот одбор на Водната заедница "Напредок" од Негорци како претставници на локалната самоуправа**

1.Во Управниот одбор на Водната заедница "Напредок" од Негорци се разрешуваат двата члена, како претставници на локалната самоуправа,поради истекот на мандатот и тоа:

-Насо Костадинов,средна стручна спрема
-Ѓорѓе Петров, средна стручна спрема

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-219/1 Претседател
25.01.2011год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 41 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на РМ" бр.51/03, 95/05 и 113/07 год.) и член 38 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.01.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување два члена во Управниот одбор на**
**Водната заедница "Напредок" од Негорци како**

1.Во Управниот одбор на Водната заедница "Напредок" од Негорци се именуваат два члена како претставници на локалната самоуправа и тоа:

-Мите Тодор Марков од Негорци со средна стручна спрема

-Ѓорѓе Атанас Петров од Негорци со средна стручна спрема

2.Со влегување во сила на ова решение престанува да важи Решението бр. 07-2323/1 од 12.09.2007 година.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-221/1 Претседател
25.01.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на РМ" бр.51/03,95/05 и 113/07 год.) и член 38 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.01.2011год., донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување два члена во Одборот за контрола на Водната заедница "Напредок" од Негорци како претставници на локалната самоуправа**

1.Во Одборот за контрола на Водната заедница "Напредок" од Негорци се разрешуваат двата члена, како претставници на локалната самоуправа, поради истекот мандатот и тоа:

-Горан Илиев, дипломиран економист

-Мите Марков, средна стручна спрема

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-220/1 Претседател
25.01.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на РМ" бр.51/03,95/05 и 113/07 год.) и член 38 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.01.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување два члена во Одборот за контрола на Водната заедница "Напредок" од Негорци како претставници на локалната самоуправа**

1.Во Одборот за контрола на Водната заедница "Негорци" од Негорци се именуваат два члена како претставници на локалната самоуправа и тоа:

-Златко Митров од Негорци со завршен Земјоделско шумарски факултет

-Игор Илков од Негорци, дипломиран инженер за фармерско производство

2.Со влегување во сила на ова решение престанува да важи Решението бр.07-2325/1 од 12.09.2007 година.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07- 222/1 Претседател
25.01.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.01.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за именување на членови во Заедничката комисија за за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Гевгелија и општина Дојран за проектот "Градење на меѓуопштински капацитети за подобра социјална заштита".**

1.За членови во Заедничката комисија за за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Гевгелија и општина Дојран за проектот "Градење на меѓуопштински капацитети за подобра социјална заштита", се именуваат:

-Дијана Шалева, државен службеник со завршен Филозовски факултет - Институт за социјална работа

-Благој Ристов, државен службеник со завршен Факултет за правни науки

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-218/1 Претседател
25.01.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Гевгелија и општина Дојран .......................................... 4

2.Одлука за формирање на Заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Гевгелија и општина Дојран ........................................................................................................ 4

3.Одлука за донесување на Буџетски календар ............................................... 5

4.Програма за измена и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2011 година ................................................ 6

5.Решение за усвојување на Извештај за работата на ЈОУ-Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2010 година ........................................................................ 7

6.Решение за усвојување на Програма за работата на Јавната општинска установа-Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2011 година ................................ 8

7.Решение за разрешување два члена во Управниот одбор на Водната заедница "Напредок" од Негорци како претставници на локалната самоуправа .. 8

8.Решение за именување два члена во Управниот одбор на Водната заедница "Напредок" од Негорци како претставници на локалната самоуправа .. 8

9.Решение за разрешување два члена во Одборот за контрола на Водната заедница "Напредок" од Негорци како претставници на локалната самоуправа .. 9

10.Решение за именување два члена во Одборот за контрола на Водната заедница "Напредок" од Негорци како претставници на локалната самоуправа .. 9

11.Решение за именување на членови во Заедничката комисија за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Гевгелија и општина Дојран за проектот "Градење на меѓуопштински капацитети за подобра социјална заштита" .......................................................................................................... 10

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 24 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09 и 124/10 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**ОДЛУКА**
**за организирање јавна презентација и јавна анкета по Локална урбанистичка планска документација за Пречистителна станица на КП бр. 101, м.в. Зауста КО Гевгелија, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува организирање на јавна презентација и јавна анкета по Локална урбанистичка планска документација за Пречистителна станица на КП бр. 101, м.в. Зауста КО Гевгелија.

**Член 2**

Јавната презентација и јавната анкета ќе се спроведе со излагање на Локална урбанистичка планска документација во просториите на Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина на општина Гевгелија и во објектот на Туристичко информативниот центар на општина Гевгелија, на ул. " Маршал Тито " бб во градот Гевгелија.

**Член 3**

Јавната презентација ќе се организира во салата на советот на општина Гевгелија на ден 07.02.2011 година (Понеделник) со почеток во 12 часот.

**Член 4**

Јавната анкета ќе трае 5 раборни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетните листови се доставуваат во архивата на Одделение за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина Гевгелија.

Анкетни листови може да се подигнат во Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложена Локална урбанистичка планска документација и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-175/2 — Градоначалник
02.02.2011 год. — на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Иван Франгов с.р.***

# С О Д Р Ж И Н А

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Одлука за организирање јавна презентација и јавна анкета по Локална урбанистичка планска документација за Пречистителна станица на КП бр.101, м.в.Зауста КО Гевгелија, општина Гевгелија ............................................................ 12

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 61 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09 и 48/10 год.) и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина ("Службен весник на РМ" бр.147/08 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**ОДЛУКА**
**за организирање на јавна расправа и јавен увид по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на Државна урбанистичка планска документација за бензинска пумпна станица и услужен центарна магистралниот пат М1 на КП 1826/1,1827,1828/1 и 1830/1**

**Член 1**

Со оваа Одлика се организира јавна расправа и јавен увид по Извештајот за сратегиска оцена на животната средина на Државна урбанистичка планска документација за бензинска пумпна станица и услужен центар на магистралниот пат М1 на КП 1826/1,1827,1828/1 и 1830/1 (во натамошниот текст: Извештајот).

**Член 2**

Јавниот увид ќе се спроведе со излагање на Извештајот во просториите на Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина на општина Гевгелија и ќе трае 30 дена и на веб странатa на општина Гевгелија.

**Член 3**

Јавната расправа по Извештајот ќе се одржи во административните простории-сала на Совет на општина Гевгелија на ден 09.03.2011 година со почеток во 12 часот.

**Член 4**

За времето и местото каде ќе биде изложен Извештајот и ќе се спроведе јавната расправа ќе се објави известување во јавните гласила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр. 09-234/2
21.02.2011 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
**Иван Франгов** с.р.

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за организирање на јавна расправа и јавен увид по извештајот за стратегиска оцена на животната средина на Државна урбанистичка планска документација за бензинска пумпна станица и услужен центарна магистралниот пат М1 на КП 1826/1,1827,1828/1 и 1830/1 ........................................................................ 14

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007 и 156/2009 год.),член 36 став 3 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 103/08, 156/09 и 95/2010 год.) и член 20 став 4 од Законот за платен промет ("Службен весник на РМ" бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09 и 145/10 год.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.19/2010 година) во членот 5 ставот 2 се менува и гласи:

"Доколку во текот на извршувањето на буџетот Градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот".

**Член 2**

Во членот 14 став 2 зборовите "100 ЕВРА"се заменуваат со зборовите "6.000 денари".

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија, а ќе се применува од 01 Јануари 2011 година.

Бр.07-547/1 — Претседател
28.02.2011 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 28/99, 49/03, 82/05, 24/07 и 116/10 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Програмата за работа на Јавната општинска установа-Работнички универзитет"Кирил и Методија" Гевгелија за 2011 година**

1.Се усвојува Програмата за работа на Јавната општинска установа-Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2011 година, усвоена од Управниот одбор на Јавната установа со Одлука бр.02-8 од 31.01.2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-544/1 Претседател
28.02.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 46 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на РМ" бр.82/08, 143/08 и 56/10 год.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/010 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 28.02.2011 година, донесе:

## ПРОГРАМА
## За измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2011 година

### Член 1

Во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2011 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.19/10 год.), глава "VI.Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и начин на плаќање", се менува и гласи:

**"VI.3. Начин на утврдување на корисната нето површина на објектите и Коефициенти врз основа на кои се пресметува надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште, се пресметува врз основа на новата корисна (нето) површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините по метар квадратен на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножени со следните коефициенти:

| 1 | **СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ** | **Коефициенти** |
|---|---|---|
| - | Станбени простории | 1,0 |
| - | Станбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор | 0,2 |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,4 |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| - | Балкони, тераси | 0,2 |
| - | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 |
| - | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| 2 | **ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ** | |
| - | Простории | 1,0 |
| - | Магацини | 0,5 |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,4 |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| - | Балкони, тераси | 0,4 |
| - | Отворен наткриен простор | 0,3 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | **ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | |
| - | Катни гаражи | 0,2 |
| - | Спортски покриени објекти | 0,5 |
| - | Спортски откриени објекти | 0,3 |
| - | Бензински пумпи, гасни станици и базни станици за 50% од површина на локацијата | 1,0 |
| - | Отворени пазаришта за 30% од површина на локацијата | 1,0 |
| - | Базени | 0,2 |
| - | Трафостаници над 35 Кв | 1,0 |
| 4 | **ЗА ОБЈЕКТИТЕ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ** | |
| - | Г1 – Тешка и загадувачка индустија | 0,05 |
| - | Г2 – Лесна и незагадувачка индустија | 0,05 |
| - | Г3 – Сервиси | 0,05 |
| - | Г4 – Стоваришта | 0,05 |

Во новата корисна нето површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметува површината на:

- Ѕидовите и другите конструктивни елементи;
- Инсталационите канали;
- Окната за лифтови;
- Окна за врати; и
- Отворени паркиралишта.

За сите објекти од табелата со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина.

За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина, согласно коефициентите од табелата и другите одредби од оваа точка.

Доколку на локацијата на која се гради, претходно постоел објект, а истиот е заведен во катастарот на недвижности (постои во Имотниот лист за предметната парцела), на инвеститорот ќе му се признае површината на објектот со платени комуналии, односно за површината на претходниот објект ќе се намали соодветна површина од новиот објект во сооднос $1м^2/1м^2$, а а пренамена на објектите ќе се доплати разлика за површината која се пренаменува".

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-546/1 Претседател
28.02.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка ( Службен весник на Република Македонија бр.79/09 год.), член 14 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За воспоставување меѓуопштинска соработка**

**Член 1**

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу општините Гевгелија и Дојран заради заедничко вршење работи од надлежност на општините коишто се однесуваат на социјалната заштита и заштитата на децата, преку проектот "Градење на меѓуопштински капацитети за подобра социјална заштита".

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука ќе се остварува преку заедничко работно тело, согласно член 9, став 1, точка а, од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ", бр.79/09 год.).

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-548/1 Претседател
28.02.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 10 од Законот за меѓуопштинска соработка ( Службен весник на Република Македонија бр.79/09 год.), член 14 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на заедничко работно тело**

1.Се формира заедничка 5-члено заедничко работно тело на општина Гевгелија и општина Дојран.

2.Заедничкото работно тело го сочинуваат по 2 претставници од секоја општина, именувани од страна на Советот, и еден надворешен експерт на полето на социјалната заштита.

3.Од општина Гевгелија, за членови на комисијата се именуваат:

-Дијана Шалева, институт за социјална политика, државен службеник во општинската администрација на општина Гевгелија.

-Благој Ристов, дипломиран правник, државен службеник во општинската администрација на општина Гевгелија.

4.Надворешниот експерт Ангелина Петкова, доаѓа од редот на вработените при Меѓуопштинскиот центар за социјални работи (МЦСР) со седиште во Гевгелија, кој што ги покрива териториите на двете општини Гевгелија и Дојран.

5.Заедничкото работно тело од член 1 ќе изготви развојна програма за социјална заштита на:

-стари лица без семејна грижа

-лица со посебни потреби на возраст постари од 26 години

-лица зависници од дрога

6.Заедничкото работно тело ќе иницира донесување одлуки од Советот на општина Гевгелија во делот на социјалната заштита и заштита на децата.

7.Заедничкото работно тело ќе разменува искуства и остварува стручна соработка во областа на социјалната заштита и заштита на децата.

8.За својата работа, Заедничкото работно тело ќе достави извештај до Советот на општина Гевгелија.

9.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањто во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-550/1 Претседател
28.02.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ", бр 79/09 год.), член 14 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", бр.05/02 год.) и член 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 28.02.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## За формирање координативно тело

### Член 1

Се формира Координативно тело за следење и координација на Меѓуопштинската соработка воспоставена помеѓу општините со одделни одлуки на советите на општините Гевгелија и Дојран.

Координативното тело се формира за периодот на остварувањето на воспоставената меѓуопштинска соработка.

### Член 2

Координативното тело го сочинуваат по 2 претставници од општините од член 1 став 1 на оваа одлука.

Претставниците на Координативното тело ги определуваат Советите на општините од член 1 став 1 на оваа одлука со мандат од **2 (две) години**.

### Член 3

За членови на Координативното тело од општина Гевгелија се именуваат лицата:

-**Љубица Карајанова**, дипломиран правник, државен службеник во општинската администрација,

-**Лилјана Калинова**, дипломиран правник, државен службеник во општинската администрација.

### Член 4

Координативното тело ги врши работите што се однесуваат на:

-Координативното тело ќе ја анализира МОС и ќе предлага на советите и градоначалниците активности поврзани со воспоставената МОС како и за други можности и области за МОС,

-Кординативното тело ќе предлага мерки за подобрување на соработката или за надминување на проблемите доколку се појават при имплементирањето на соработката и др.

**Член 5**

Координативното тело донесува деловник за работ.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-549/1
28.02.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 42 од Законот за средно образование - Пречистен текст (Основен текст на законот "Службен весник на РМ" бр.44/95 год. и измените "Службен весник на РМ" бр.24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07,81/08, 92/08 и 33/2010год.), и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 28.02.2011 година, донесе

## П Л А Н
### за запишување на ученици во I година средно образование во СОУ"Јосиф Јосифовски"-Гевгелија во 2011/2012 година

***Во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, во учебната 2011/2012 година,*** во ***прва година се планира да се запишат*** вкупно *408* ученици; распоредени во *12* паралелки,

во настава на македонски јазик вкупно *408* ученици распределени во *12*, паралелки;

во настава на албански јазик вкупно *_/_* ученици распределени во / паралелки;

во настава на турски јазик вкупно _/_ ученици распределени во /паралелки;

во настава на српски јазик вкупно _/_ ученици распределени во /паралелки;

Во ова средно општинско училиште, во прва година се планира да се запишат ***ученици од други општини***

1. **УЧИЛИШТЕ**

Име на училиштето ***Средно Општинско Училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија***

**Гимназиско образование**

Во прва година се планира да се запишат ***170*** ученици, во ***5*** паралелки.

*во настава на македонски јазик__________170 ученици, во 5 паралелки;*
*во настава на албански јазик________________/ ученици, во / паралелки;*
*во настава на турски јазик __________________/ ученици, во / паралелки;*
*во настава на српски јазик __________________/ ученици, во / паралелки.*

**Стручно образование**
Во прва година се планира да се запишат ***238*** ученици, во *7* паралелки.

| Струка | Профил | Ученици | | | | Паралелки | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Мак. Јаз. | Алб. Јаз. | Тур. Јаз. | вкупно | Мак. Јаз. | Алб. Јаз. | Тур. Јаз. | вкупно |
| Угостителско туристичка | Хотелско-туристички техничар | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 1 |
| Машинска | Автотехничар Мехатроничар | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 1 |
| Економско правна и трговска | Економски техничар | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 1 |
| Угостителско туристичка | Готвач | 68 | / | / | 68 | 2 | / | / | 2 |
| Угостителско туристичка | Келнер | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 1 |
| Машинска | Автомеханичар бравар | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 1 |

Овој План влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-551/1
28.02.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 35 и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2011 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на подрачјето на општина Гевгелија за периодот од 01.07.2010 година до 31.12.2010 година со забелешките изнесени во дискусиите.

2.Во Извештајот за јавната безбедност, во иднина, да се дадат податоци почитувањето,односно непочитувањето на работното време во угостителските објекти, за присуство на малолетни лица во угостителските објекти по 24 часот, за точење на алкохол на малолетни лица како и за бројот на поднесени прекршочни пријави против сторителите на прекршоците.

3.Во врска со безбедноста на сообраќајот да се обрне внимание на сообраќајот на улиците "Петар Мусев" и "Гевгелијски Партизански Одреди" во однос на паркирањето на возила, да се постави камера на влезот во Гевгелија и кај Алатницата т.е. кај семафорите на патот за Негорци,знак за забранeто паркирање на кружниот ток во Негорци, автобуска постојка и знак за паркирање на автобуси и други возила во Негорци спротив црквата, улиците "Ѓорги Стамов" и Кирил и Методиј" да бидат едносмерни како и реши проблемот со паркирањето пред продавницата "Промес".

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-545/1 Претседател
28.02.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година ........................................................................ 15

2.Решение за усвојување на Програма за работа на Јавната општинска установа Работнички универзитет"Кирил и Методија"Гевгелија за 2011 год....... 15

3.Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2011 година .................................. 16

4.Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка ............................ 17

5.Одлука за формирање на Заедничко работно тело з................................. 18

6.Одлука за формирање на Координатив тело ............................................. 19

7.План за запишување на ученици во I година средно образование во СОУ"Јосиф Јосифовски"-Гевгелија во 2011/2012 година ........................................ 20

8.Заклучок за усвојување на Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот за подрачјето на општина Гевгелија за периодот од 01.07.2010 година до 31.12.2010 година ........................................................................................ 21

Врз основа на член 22 и 24 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09,124/10 и 18/11 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 15.03.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување Нацрт-Детален урбанистички план за Блок 15.1, 15.2 и 15.3 КО Гевгелија, општина Гевгелија за плански период 2011-2016 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт- Детален урбанистички план за Блок 15.1, 15.2 и 15.3 КО Гевгелија,општина Гевгелија за плански период 2011-2016 година,со графички приказ на планот и текстуален дел (Во натамошниот текст: Нацрт-Детален урбанистичкиот план ).

**Член 2**

Нацрт-Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 21.3 ха.

Границата на просторот опфатен со планот се движи:

-Тргнува на северозападната страна по осовината на станбената улица"Новопроектирана 1", се движи кон североисток до спојот со улицата "Новопроектирана 15", по осовината на истата се движи кон југоисток до спојот со улицата "Новопроектирана 5"на југ. Продолжува кон запад по истата и свртува кон југ движејќи се по границите на новоформираните парцели 15.3.77, 15.3.84, 15.3.85, 15.3.86, 15.3.87, 15.3.88, 15.3.89 и 15.3.90 сечејќи ја улицата "Новопроектирана 7". Свртува повторно кон југ до улицата "Новопроектирана 8", па кон југ на спојот со улицата "Новопроектирана 7".Продолжува по осовината на истата кон југ до спојот со улицата "Новопроектирана 9", па се движи кон запад по неа се до "Новопроектирана 10",свртува кон север по истата до спојот со улицата "Новопроектирана 6",потоа кон северозапад до "Новопроектирана 5",повторно продолжува по истиот правец до спојот со улицата "Новопроектирана 2" и завршува на спојот со улицата "Новопроектирана 1"на северозапад.

**Член 3**

Просторот опфатен со Нацрт-Деталниот урбанистички план е со следните намени:

**А - Домување**

А1-Домување во станбени куќи

А2-Домување во станбени згради

**Г-Производство,дистрибуција и сервиси**

Г3-сервиси

**Член 4**

По Нацрт-Деталниот урбанистички план ќе се спроведе јавна презентација и јавна анкета.

Јавната презентација и јавнта анкета ќе ја организира градоначалникот на општината согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-719/1 Претседател
15.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07,91/09,124/10 и 18/11 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 15.03.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За донесување Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија-Граничен премин Богородица, општина Гевгелија, за плански период 2009-2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија-Граничен премин Богородица, општина Гевгелија, за плански период 2009-2019 година со графички приказ на планот и текстуален дел (Во натамошниот текст: Урбанистичкиот план вон населено место).

**Член 2**

Урбанистичкиот план вон населено место од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 119,16 ха.

Граница на опфатот е:

-На запад со сервисна улица

-На север по приклучен пат Гевгелија-Автопат, го сече Магистралниот пат М-1 (автопатот Табановце-граница со Република Грција), го сече локалниот пат Богородица - врска со Гевгелија и Дојран, оди по граници на КП бр.536,КП бр.558 и КП бр.553.

-На исток границата оди по граници на катастарски парцели КП бр.554; ја сече КП бр.587/1; оди по граници на КП бр.608, КП бр.609, КП бр.610 и КП бр.611; ја сече КП бр.587, оди по граници на КП бр.3086, КП бр.3085, КП бр.3084/2, КП бр.3084/1, КП бр.3083 и КП бр.3087; оди по постојна патека; по граница на КП 3066, КП бр.3053, КП бр.3029/1, КП бр.3029/2, КП бр.3028, КП бр.3024, по осовина на пат КО село Богородица; по осовина на пат кој оди кон Магистрален пат М-1 (автопатот Табановце - граница со Република Грција); го сече Магистралниот пат М-1 (автопатот Табановце - граница со Република Грција).

-На југ границата оди по осовина на сервисна улица, ја сече КП 3243 и оди до река Вардар.

**Член 3**

Просторот опфатен со Урбанистичкиот план вон населено место е со следните намени:

-Б комерцијални и деловни намени
 Б1 мали трговски единици
 Б2 големи трговски единици
 Б5 хотелски комплекси
-Е инфраструктура
 Е1,Е2,Е3 инфраструктура
-Д зеленило и рекреација
 Д1 парковско зеленило
 Д2 заштитно зеленило
 Д3 спорт и рекреација

**Член 4**

Урбанистичкиот план вон населено место се состои од текстуален дел и графички приказ, кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука, покрај документите од член 4, се и стручната ревизија,одговорот на стручната ревизија од надлежна институција, стручното мислење и согласноста бр.16-2067/2 од 10.03.2011 година на Министерството за транспорт и врски.

**Член 6**

Урбанистичкиот план вон населено место, текстуалниот и графичкиот дел од планот не се објавува, а се наоѓа во Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина. Примерок од Урбанистичкиот план вон населено место, по усвојувањето, се доставува и до надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 7**

Урбанистичкиот план вон населено место се заверува со печат и потпис на носителот на планот.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-720/1 — Претседател
15.03.2011 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2011 година, донесе

# О Д Л У К А
## за усвојување на Завршна сметка на општина Гевгелија Средства за солидарност за 2010 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Завршната сметка на општина Гевгелија - Средства за солидарност за 2010 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влгува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-706/1
15.03.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 46 од Законот за градежното земјиште (“Службен весник на РМ”бр.82/2008, 143/08 и 56/2010 год.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/2002 год.) и член 38 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија (“Службен гласник на општина Гевгелија” бр.25/2006 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 15.03.2011 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## За измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2011 година

**Член 1**

Во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2011 година („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.19/2010 и 05/2011 год.), во глава „VI.Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и начин на плаќање, во точка VI.2. Степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура“, петтиот пасус, се менува и гласи:

„Трошоците за уредување на градежно земјиште, согласно кои се формира висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветниот степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура, **во кои се засметани и трошоците за хидротехнички услови за приклучоци,** односно согласно проектираните трошоци за целосно уредување на градежното земјиште, за деловите за кои се планира уредувањето“.

**Член 2**

Во глава „VI.Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и начин на плаќање, во точка VI.3. Начин на утврдување на корисната нето површина на објектите и Коефициенти врз основа на кои се пресметува надоместокот за уредување на градежно земјиште“ во табелата во точка 3 во алинеја 4 зборовите „бензинска пумпа“ се бришат.

Во табелата по точка 4, се додаваат две нови точки 5 и 6 кои гласат:

| 5 | **За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории)** | **Коефициенти** |
|---|---|---|
| - | Продажни простории на бензински пумпни станици | 1,0 |
| - | Услужни простории на бензински пумпни станици | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | **За објектите од група на класа на намени Б 5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класа на намени А 4-хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом** | |
| - | Сите простории | 0,05 |

Во пасусот под табелата „Во новата корисна нето површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметува површината на:“, алинеја 1 се брише, а по алинеја 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:

„ – Подземни резервоари.“

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Гевгелија”.

Бр.07-709/1
15.03.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 124 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ"бр.103/08,33/10, ,116/10,156/10 и 18/11 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2011 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се усвојува Годишната сметка на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија за 2010 година, усвоена од Училишниот одбор на основното училиште со Одлуки бр.02-166/1 од 23.02.2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-710/1
15.03.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 124 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ"бр.103/08,33/10,116/10,156/10 и 18/11 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2011 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се усвојува Годишната сметка на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија за 2010 година, усвоена од Училишниот одбор на основното училиште со Одлуки бр.0201-102 од 25.02.2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-711/1
15.03.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 124 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ"бр.103/08,33/10,116/10,156/10 и 18/11 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2011 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се усвојува Годишната сметка на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци за 2010 година, усвоена од Училишниот одбор на основното училиште со Одлуки бр.02-71/1 од 28.02.2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-712/1 Претседател
15.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 124 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ"бр.103/08,33/10 ,116/10,156/10 и 18/11 год.) и член 38 став 1 точка 31 Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2011 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се усвојува Годишната сметка на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци за 2010 година, усвоена од Училишниот одбор на основното училиште со Одлуки бр.02-82/2 од 25.02.2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-713/1 Претседател
15.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 124 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ"бр.103/08,33/10,116/10,156/10 и 18/11 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2011 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се усвојува Годишната сметка на Општинското основно мизичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија за 2010 година, усвоена од Училишниот одбор на основното училиште со Одлуки бр.02-31/5 од 25.02.2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-714/1 Претседател
15.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89а став 1 алинеа 4 од Законот за средно образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06,30/07,49/07,81/08,92/08, 33/10,116/10, 156/10 и 18/11год.) и 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2011 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се усвојува Годишната сметка на Средно општинско училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2010 година, усвоена од Училишниот одбор на основното училиште со Одлуки бр.02-257/1 од 28.02.2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-715/1 Претседател
15.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 98 став 1 алинеа 2 од Законот за заштина на децата ("Службен весник на РМ" бр.98/00, 17/03, 65/04 , 113/05,98/08,107/08 и 83/09 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2011 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се усвојува Завршната сметака на ЈОУ Детска грдинка "Детска Радост" Гевгелија за 2010 година, усвоена од Управниот одбор на јавната установа со Одлука бр.02-54/3 од 26.02.2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-716/1 Претседател
15.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ"бр.31/98,49/03,82/05,24/07 и 116/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2011 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се усвојува Годишната сметака на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2010 година, усвоена од Управниот одбор на јавната установа со Одлука бр.0202-16 од 4.03.2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-717/1 Претседател
15.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 164 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ"бр.66/04,89/08 и 116/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2011 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се усвојува Годишната сметака на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2010 година, усвоена од Управниот одбор на јавната установа со Одлука бр.0103/43 од 7.03.2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-718/1 Претседател
15.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.03.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Одлуката за утврдување референтни цени на услуги за комунална хигиена заради рамноправно учество во тендерски постапки**

1.Се дава согласност на Одлуката за утврдување референтни цени на услуги за комунална хигиена заради рамноправно учество во тендерски постапки, усвоена од Управниот одбор на ЈПКД"Комуналец" Гевгелија бр.02-1110/4 од 1.11.2010 година

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-721/1 Претседател
15.03.2011 год. на Советот на општина Гевглија,
Гевгелија ***Александар Тодов*** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 10, а во врска со 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 15.03.2011 година, по расправата по Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија за 2010 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија за 2010 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-703/1 Претседател
15.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.61/04,96/04,67/07 и 156/09 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 15.03.2011 година, по расправата по Предлог-Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 01.01.2010-31.12.2010 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 01.01.2010-31.12.2010 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07- 704/1 Претседател
15.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 15.03.2011 година, по расправата по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2010 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2010 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-707/1 Претседател
15.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 15.03.2011 година, по расправата по Извештајот за реализација на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2010 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2010 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-708/1 Претседател
15.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелилја ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 15.03.2011 година, донесе

## ЗАВРШНА СМЕТКА
## на Буџетот на општина Гвглија за 2010 година

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на општина Гвгелија за 2010 година се состои од

| | Планирани | Реалилзирани |
|---|---|---|
| **-Вкупно приходи** | **364.225.767,00 ден.** | **291.289.966,00 ден.** |

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 122.406.235,00 ден. | 63.429.483,00 ден. |
| Неданочни приходи | 5.600.000,00 ден. | 3.027.076,00 ден. |
| Капитални приходи | 20.200.000,00 ден. | 9.689.722,00 ден. |
| Трансфери | 25.207.511,00 ден. | 26.956.791,00 ден. |
| Дотации | 173.987.641,00 ден. | 175.153.917,00 ден. |
| Приходи од самофинансирачки активности | 15.061.871,00 ден. | 11.391.968,00 ден. |
| Донации | 1.762.509,00 ден. | 1.641.009,00 ден. |

**-Вкупно расходи 364.225.767,00 ден. 277.049.013,00 ден.**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | 364.225.767,00 ден. | 277.049.013,00 ден. |

**-Салдо на 31.12.2010 год. 14.240.953,00 ден.**

**Член 2**

Разликата помеѓу оствaарените приходи и извршените расходи на основниот буџет на општина Гевгелија во износ од 2.179.082,00 денари се прнесува како вишок на приходи од претходната година на основниот буџет на општина Гевглија за 2011 година.

Разликата помеѓу остврените приходи и извршените расходи на буџетот на наменски дотации во износ од 10.379.276,00 денари се прнесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на наменски дотации на општина Гевгелија за 2011 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 1.259.095,00 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на самофинансирачки активности на општина Гевгелија за 2011 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации во износ од 423.500,00 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на донации на општина Гевгелија за 2011 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година и во Посебниот дел по прорами и основни намени по економска класификација и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година се прикажани расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-705/1 Претседател
15.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 61 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09 и 48/10 год.) и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти како и планови и програми од обласа на животната средина ("Службен весник на РМ" бр.147/08 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**ОДЛУКА**
**за организирање на јавна расправа и јавен увид по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на Локална урбанистичка планска документација за угостителски и туристички комплекс на КП 474,475/1,475/2 и 476 во КО Горничет, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлика се организира јавна расправа и јавен увид по Извештајот за сратегиска оцена на животната средина на Локална урбанистичка планска документација за угостителски и туристички комплекс на КП 474,475/1,475/2 и 476 во КО Горничет (во натамошниот текст: Извештајот).

**Член 2**

Јавниот увид ќе се спроведе со излагање на Извештајот во просториите на Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина на општина Гевгелија и ќе трае 30 дена и на веб страната на општина Гевгелија.

**Член 3**

Јавната расправа по Извештајот ќе се одржи во административните простории-сала на Совет на општина Гевгелија на ден 04.04.2011 година со почеток во 12 часот.

**Член 4**

За времето и местото каде ќе биде изложен Извештајот и ќе се спроведе јавната расправа ќе се објави известување во јавните гласила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-317/2 Градоначлник
16.03.2011 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 61 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09 и 48/10 год.) и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина ("Службен весник на РМ" бр.147/08 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**ОДЛУКА**
**за организирање на јавна расправа и јавен увид по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на Локална урбанистичка планска документација за Пречистителна станица на КП бр. 101, м.в. Зауста КО Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се организира јавна расправа и јавен увид по Извештајот за сратегиска оцена на животната средина на Локална урбанистичка планска документација за Пречистителна станица на КП бр. 101, м.в. Зауста КО Гевгелија (во натамошниот текст: Извештајот).

**Член 2**

Јавниот увид ќе се спроведе со излагање на Извештајот во просториите на Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина на општина Гевгелија и ќе трае 30 дена и на веб страната на општина Гевгелија.

**Член 3**

Јавната расправа по Извештајот ќе се одржи во административните простории-сала на Совет на општина Гевгелија на ден 04.04.2011 година со почеток во 13 часот.

**Член 4**

За времето и местото каде ќе биде изложен Извештајот и ќе се спроведе јавната расправа ќе се објави известување во јавните гласила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-315/2 Градоначлник
16.03.2011 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за утврдување Нацрт- Детелен урбанистички план за Блок 15,115,2 и 15,3 КО Гевгелија,општина Гевгелија за плански период 2011-2016 година ........................................................................................................................ 23

2.Одлука за донесување Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија-Граничен премин Богородица, општина Гевгелија, за плански период 2009-2019 година ................ 24

3.Одлука за усвојување на Завршната сметка на општина Гевгелија-Средства за солидарност за 2010 година ..................................................................... 25

4.Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2011 година .................................. 26

5.Решение за усвојување на Годишна сметка на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев"Гевгелија за 2010 година ........................................ 27

6.Решение за усвојување на Годишна сметка на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков"Гевгелија за 2010 година ............................................ 27

7.Решение за усвојување на Годишна сметка на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев"Негорци за 2010 година .................................................. 27

8.Решение за усвојување на Годишна сметка на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци за 2010 година ....................................... 28

9.Решение за усвојување на Годишна сметка на Општинското основно музичко училиште "Васо Карајанов"Гевгелија за 2010 година ............................. 28

10.Решение за усвојување на Годишна сметка на Средното општинското училиште "Јосиф Јосифовски"Гевгелија за 2010 година ......................................... 28

11.Решение за усвојување на Завршна сметка на ЈОУ Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за 2010 година ................................................................ 29

12.Решение за усвојување на Годишна сметка на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2010 година .................................... 29

13.Решение за усвојување на Годишна сметка на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"Гевгелија за 2010 година ........................................................................... 29

14.Решение за давање на согласност на Одлуката за утврдување референтни цени на услуги за комунална хигиена заради рамноправно учество во тендерски постапки на ЈПКД"Комунаклец"Гевгелија ............................................ 30

15.Заклучок по Извештајот за работа на Градоначалникот на општина Гевгелија за 2010 година ........................................................................................ 30

16.Заклучок по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 01.01.2010-31.12.2010 година .................................................. 31

17.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2010 година ............... 31

18.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2010 година ........................................... 31

19.Завршна сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година ........ 31

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Одлука за организирање на јавна расправа и јавен увид по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на Локална урбанистичка планска документација з угостителски и туристички комплекс на КП 474, 475/1, 475/2 и 476 во КО Горничет, општина Гевгелија ...................................................................... 35

2.Одлука за организирање на јавна расправа и јавен увид по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на Локална urбанистичка планска документација за Пречистителна станица на КП бр.101 м.в.Зауста КО Гевгелија ........................................................................................................................................ 36

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 80 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09, 124/10 и 18/11 год. год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.03.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување потреба за поставување на урбана опрема за детски игралишта**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за поставување на урбана опрема за детски игралишта, наменета за забава и рекреација на деца и се утврдуваат локациите за поставување( во натамошниот текст: детски игралишта).

**Член 2**

Детски игралишта ќе се постават на градежно изградено и уредено земјиште и тоа:

Во градот Гевгелија:

-на просторот на поранешна Лотарија на Македонија

-во Градскиот парк до железничката станица

-на просторот пред зградите на ул."Булевар Гевгелија" со крстосницата со ул."Деко Ковачев"во Гевгелија

-во игралиштето на улица "Гоце Делчев" во Гевгелија

Во Богородица на просторот до Домот и во паркот до црквата

Во Негорци во дворот на Детската градинка

Во Миравци на просторот пред Домот и во дворот на Детската градинка.

**Член 3**

Детските игралишта ќе се постават на локациите од член 2 на оваа одлука по издавањето на одобрение од Градоначалникот на општината со кое се утврдуваат условите, начинот и рокот за поставување и отстранување.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-844/1 Претседател
29.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.03.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување солидарна помош за настраданите во Јапонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува доделување на солидарна помош од општина Гевгелија за настраданите од природната непогода -земјотрес и цунамите, која ја зафати Јапонија.

**Член 2**

Средствата за солидарна помош ке се обезбедат од едномесечната наплата на надоместокот за јавна чистота на подрачјето на општина Гевгелија, односно во висина од 400.000,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-845/1 Претседател
29.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 54 од Законот за превозот на патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 127/06,114/09,83/10, 140/10 и 17/11 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.03.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
### За измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија

**Член 1**

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.18/05 и 1/10 год.) членот 17 се менува и гласи:

"За вршење на авто-такси превоз на патници, се утврдува следната тарифа за пресметување на цената на превозот:

-старт (почеток) на превозот до 2,0 км - 50,00 ден

-за секој изминат километар - 23,00 ден

-чекање во траење од 1 минута- 5 ден".

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-849/1 Претседател
29.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 133 и 134 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.03.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
### за набавка на специјално возило за собирање смет

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за набавка (купување) на специјално возило за собирање на смет, средствата за набавка и начинот на набавка(во натамошниот текст:возилото).

**Член 2**

За набавка на возилото доделен е грант од Владата на Јапонија во висина од 64.000 ЕУРА.

**Член 3**

Возилото ќе се набави од фирмната МАК-АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје, избрана од страна на донаторот.

Член 4

Возилото ќе се даде на користење на Јавното комунално претпријатие "Комуналец" Гевгелија за собирање на смет.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-850/1 Претседател
29.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07,83/09и 97/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.03.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2010 година**

1.Се дава согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2010 година , усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со одлука бр.02-245/2 од 28.02.2011 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07- 839/1 Претседател
29.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов*** *с.р.*

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 97/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.03.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање согласност на Годишната сметка на ЈПКД"Комуналец" Гевгелија за 2010 година**

1.Се дава согласност на Годишната сметка на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2010 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со одлука бр.02-245/3 од 28.02.2011 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-840/1 Претседател
29.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов** с.р.*

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 97/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.03.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За недавање согласност на Финансовиот извештај за финансово работење на ЈПВК"Миравци"Миравци за периодот од 01.01.до 31.12.2010 година**

1.Не се дава согласност на Финансовиот извештај за финансово работење на ЈПВК"Миравци"Миравци за периодот 01.01. до 31.12.2010 год., усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со заклучок бр.05-186/2011 од 21.03.2011 год.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-841/1 Претседател
29.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов** с.р.*

Врз основа на член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ"бр.31/98,49/03,82/05,24/07 и 116/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.03.2011 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се усвојува Годишната сметака на ЈОУПионерски дом"Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2010 година, усвоена од Управниот одбор на јавната установа со Одлука 21.03.2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-843/1 Претседател
29.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 34 и 37од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр. 31/98,49/03,82/05,24/07 и 116/10 год.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.03.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување членови во Управниот одбор**
**на ЈОУ Домот на културата "Македонија" Гевгелија**

1.Во Управниот одбор на ЈОУ Дом на културата "Македонија" Гевгелија се разрешуваат од членови преставниците на општината, по нивно барање и тоа:

-Светлана Митрова, од Гевгелија

-Гордана Хаџиниколова-Малашева од Гевгелија

-Димитар Делев од Гевгелија

2. Решението број 07-1480/1 од 18.06.2009 година во делот на членовите на управниот одбор од редот на вработените останува во сила.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-846/1 Претседател
29.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 34 и 37од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98,49/03,82/05,24/07 и 116/10год.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.03.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување членови во Управниот одбор**
**на ЈОУ Домот на културата "Македонија" Гевгелија**

1.Во Управниот одбор на ЈОУ Дом на културата "Македонија" Гевгелија се именуваат три члена преставници на општината и тоа:

-Марика Проданова од Гевгелија со завршено Високо образование

-Мирјана Костова од Гевгелија со завршено Високо образование

-Катерина Карајанова од Гевгелија со завршено Високо образование

2. Решението број 07-1480/1 од 18.06.2009 година во делот на членовите на управниот одбор од редот на вработените останува во сила.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-847/1 Претседател

29.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 97/10 год.), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/05 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.03.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за измена и дополнување на Решението за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија**

1.Во Решението за именување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.11/09 год) се вршат следните измени:

-во точка 1 алинеа 1 и 2 се разрешуваат од членови на Надзорниот одбор Емилија Крстева, дипломиран економист од Гевгелија поради вработеност во јавното претпријати и Трајче Ставров, дипломиран економист, по негово барање

2. За членови во Надзорниот одбор во истата точка се именуваат:

-Горан Стоилов, дипломиран економист од Гевгелија

-Влатко Димов, дипломиран економист од Гевгелија

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-848/1 Претседател
29.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.03.2011 година, по расправата по Извештајот за работата на Советот за заштита на потрошувачите за 2010 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за работата на Советот за заштита на потрошувачите за 2010 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-842/1 Претседател
29.03.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за утврдување потреба за поставување на урбана опрема за детски игралишта ........................................................................................................ 38

2.Одлука за солидарна помош на настраданите во Јапонија ........................ 38

3.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија ........................................................................... 39

4.Одлука за набавка на специјално возило за собирање смет ..................... 39

5.Решение за давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2010 година.............................................................

6.Решение за давање согласност на Годишната сметка на ЈПКД"Комуналец" Гевгелија за 2010 година.........................................................................

7.Пешение за недавање согласност на Финансовиот извештај за финансово работење на ЈПВК"Миравци"Миравци за периодот од 01.01.до 31.12.2010 година

8.Решение за усвојување на Годишната сметака на ЈОУПионерски дом"Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2010 година......................................................

9.Решение за разрешување членови во Управниот одбор на ЈОУ Домот на културата "Македонија" Гевгелија..........................................

10.Решение за именување членови во Управниот одбор на ЈОУ Домот на културата "Македонија" Гевгелија................................

11.Решение за измена и дополнување на Решението за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија...................

12.Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на Советот за заштита на потрошувачите за 2010 година ................................................................. 43

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07,91/09,124/10 и 18/11 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**О Д Л У К А**
**за организирање јавна презентација и јавна анкета по Нацрт- Детален урбанистички план за Блок 15.1, 15.2 и 15.3 КО Гевгелија, општина Гевгелија за плански период 2011-2016 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Детален урбанистички план за Блок 15.1, 15.2 и 15.3 КО Гевгелија,општина Гевгелија за плански период 2011-2016 година (Во натамошниот текст: Нацрт-Деталниот урбанистички план).

**Член 2**

Јавната презентација ќе се спроведе со излагање на Нацрт-Деталниот урбанистички план во просториите на Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина и во објектот на Туристичко информативниот центар на општина Гевгелија, на ул."Маршал Тито"бб во градот Гевгелија.

**Член 3**

Јавната презентација ќе се организира во малата сала во Пионерскиот дом "Јосип Броз Тито"во Гевгелија, на ден 19.04.2011 година (вторник) со почеток во 10,00 часот.

**Член 4**

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетните листови може да се подигнат и да се доставуваат во архивата на Одделението за урбанизам,архитектура,градежништо и заштита на животната средина.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Нацрт-Деталниот урбанистичкиот план и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-922/1
6.04.2011 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 61 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09 и 48/10 год.) и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина ("Службен весник на РМ" бр.147/08 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**О Д Л У К А**

**за организирање на јавна расправа и јавен увид по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на Локална урбанистичка планска документација за откупно-дистрибутивен центар на делови од КП бр.1472/1, 959 и 961 во КО Негорци, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се организира јавна расправа и јавен увид по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на Локална урбанистичка планска документација за откупно-дистрибутивен центар на делови од КП бр.1472/1, 959 и 961 во КО Негорци, општина Гевгелија (во натамошниот текст: Извештајот).

**Член 2**

Јавниот увид ќе се спроведе со излагање на Извештајот во просториите на Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина на општина Гевгелија и ќе трае 30 дена и на веб страната на општина Гевгелија.

**Член 3**

Јавната расправа по Извештајот ќе се одржи во административните простории - сала на Советот на општина Гевгелија на ден 21.04.2011 година со почеток во 12 часот.

**Член 4**

За времето и местото каде ќе биде изложен Извештајот и ќе се спроведе јавната расправа ќе се објави известување во јавните гласила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-434/2<br>06.04.2011 год.<br>Гевгелија

Градоначалник<br>на општина Гевгелија,<br>***Иван Франгов с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за организирање јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Детален урбанистички план за Блок 15.1, 15.2 и 15.3 КО Гевгелија, општина Гевгелија за плански период 2011-2016 година ........................................................... 45

2.Одлука за организирање на јавна расправа и јавен увид по Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на Локална урбанистичка планска документација за откупно-дистрибутивен центар на делови од КП бр.1472/1, 959 и 961 во КО Негорци, општина Гевгелија ....................................................................... 46

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 22 и 24 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09,124/10 и 18/11 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.04.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување Нацрт-Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 7.1 и дел од Блок 7.2 КО Гевгелија,општина Гевгелија за плански период 2011-2016 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт- Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Блок 7.1 и дел од Блок 7.2 КО Гевгелија,општина Гевгелија за плански период 2011-2016 година,со графички приказ на планот и текстуален дел (Во натамошниот текст: Нацрт-Детален урбанистичкиот план ).

**Член 2**

Нацрт-Измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 16.14 ха.

Границата на просторот опфатен со планот се движи на западната страна по осовината на собирната улица "Западна собирна", на север по осовината на собирната улица "Новопроектирана улица-10", на источната страна по осовината на станбената улица "Никола Карев", на јужната страна оди по осовината на "Пешачка Авенија" (река Раул).

**Член 3**

Просторот опфатен со Нацрт-Измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план е со следните намени:

**А - Домување**
А1-Домување во станбени куќи
А2-Домување во станбени згради

**Член 4**

По Нацрт-Измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план ќе се спроведе јавна презентација и јавна анкета.

Јавната презентација и јавната анкета ќе ја организира градоначалникот на општината согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1065/1 — Претседател
20.04.2011 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје ("Службен весник на РМ" бр.22/10год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен

гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.04.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За формирање на Совет за јавно здравје**
**за подрачјето на општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува формирање на Совет за јавно здравје, составот, именувањето на членовите и надлежностите на советот.

**Член 2**

За проучување на прашањата и политиките во областа на јавното здравје се формира Совет за јавно здравје за подрачјето на општина Гевгелија.

**Член 3**

Советот за јавно здравје се состои од 5 члена.

Во Советот за јавно здравје четири члена се преставници на општината, а еден член е преставник на центарот-установата која ги врши работите од областа на јавното здравје.

Членовите на Советот за јавно здравје ги именува Советот на општина Гевгелија.

Членовите на Советот за јавно здравје од своите редови избираат претседател.

**Член 4**

Советот за јавно здравје при проучувањето на прашањата и политиките од областа на јавното здравје изготвува мислења, дава иницијативи и предлози до органите на општината за преземање на активности и мерки предвидени со законските прописи.

**Член 5**

Советот за јавно здравје донесува деловник за својата работа.

**Член 6**

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„бр.05/2002 год.), член 80 од Законот за градење („Службен.весник на РМ„ бр. 130/09,124/10,18/11 и 36/11 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија„ бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 26.05.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потребата за поставување на урбана опрема и се уредуваат условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на општина Гевгелија.

**Член 2**

Потребата за поставување на урбана опрема во смисла на оваа одлука се смета за утврдена доколку за нивно поставување се исполнети општите и посебните стандарди утврдени во Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија број 07-1409/1 од 26.05.2011 година, како и условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема.

**Член 3**

Урбана опрема преставува опрема која се поставува на градежно изградено земјиште.Под урбана опрема, во смисла на Законот за градење, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници,автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни,спортски настани, јавни санитарни јазли,тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина,покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

**Член 4**

Поставување на урбана опрема се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема.

Одобрението од став 1 на овој член го издава Градоначалникот на општината.

**Член 5**

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:

-дневно за време од 24 часа (манифестации,презентации и др.)

-краткотрајно за период од 30 дена (манифестации, презентации, изложби и др.)
-сезонско за период од 3 до 7 месеци (трговија на мало и др.)
-годишно за период од 1 година (угостителство, трговија, градилиште и др.)
-долгогодишно, за период од 1 до 5 години.

## II. ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ

**Член 6**

За добивање на одобрение за поставувањена урбана опрема заинтересираниот субјект поднесува барање до Градоначалникот на општината.

**Член 7**

Во прилог кон барањето се приложуваат:
-заверен елаборат од член 8 на оваа одлука,
-одобрение за вршење дејност,
-доказ за регулирање на плаќањето на комуналната такса од член 11 на оваа одлука.

**Член 8**

Со барањето од член 6 на оваа одлука заинтересираниот субјект доставува соодветен елаборат што се изработува согласно пропишаите услови и стандарди.

Елаборатот од став 1 на овој член ги содржи следните податоци и прилози:

1.Назив и седиштe, односно име и презиме и адреса на живеење на заинтересираниот субјект,

2.Извод од соодветниот регистар каде што е регистриран заинтересираниот субјект,

3. Доказ дека се исполнети минимално-технички услови за вршење на дејноста и други услови пропишани со закон,

4. Употребна дозвола за деловната просторија пред која ќе се врши дејноста или доколку користење на јавна површина се бара за потреби на градилиште, акт за уредување и организација на градилиште,

5. Регистрација на дејност, лиценца и овластување од одговорниот проектант, за правниот субјект кој ја изготвува техничката документација,

6.Извод од ДУП за предметниот локалитет,

7.Технички опис,

8. Детален цртеж со опис на постојната состојба на површината на која се бара да се врши дејност со околниот простор во размер од кој може јасно да се согледа ситуацијата (1:1000 или 1:500),

9. Детален цртеж со опис на новата ситуација на површината на која се бара да се врши дејност со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура во размер (1:200 или 1:100),

10. Детален цртеж со опис на површината предвидена за користење (1:1000 или 1:50),

11. Детали на урбана опрема што ќе се лоцираат на површината на која се бара да се врши дејност во размер (1:20 или 1:10),

12.Во деталните цртежи од точките 6, 7 и 8 да се прикажат со опис предвидените мерки за заштита од пожар и експлозија дефинирани со технички прописи и правила.

Елаборатот од став 1 на овој член се доставува во четири примероци, од кои три по завршената постапка се враќаат на заинтересираниот субјект заверени со печат на општината.

**Член 9**

Деталниот цртеж од став 2 точка 9 на член 8 од оваа одлука треба да содржи приказ на регулационата линија на парцелата, градежната линија, постојни објекти и

рабникот на тротоарот, а кога станува збор за пешачка улица приказ на наведените објекти на двете страни на улицата. Во цртежот мора да бидат прикажани: влезовите во објектот, излози и други фасадни отвори, влезовите во соседните објекти, рампи, скали, велосипедски патеки, дрвја, дрвореди, улично осветлување и светилки, рекламни паноа, клупи, корпи за отпадоци, столбчиња, ПП апарати, хидранти, електрични разводни табли и други комунални уреди.

Деталниот цртеж од став 2 точка 10 на член 8 на оваа одлука треба да ги содржи границата на површината на која се бара да се врши дејност, урбана опрема и слободната проодна површина, како и пристапот за интервентни возила (пожарни, брза помош, полиција).

Сите елементи прикажани на деталните цртежи мора да бидат котирани и прецизно исцртани.

**Член 10**

Постапката по барањето, од започнување на постапката до донесување на решение ја спроведува Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животна средина (Во натамошниот текст: надлежно одделение на општината.

За предвидените мерки за заштита од пожар и експлозии со свое мислење се произнесува Територијалната противпожарна единица Гевгелија.

Надлежното одделение на општината врши увид на лице место и проверка на елаборатот од аспект на усогласеноста со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди, утврдени во Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија.

**Член 11**

Доколку барањето и елаборатот се во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди утврдени во Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија, надлежното одделение на општината ја утврдува висината на комуналната такса согласно Законот за комуналните такси и доставува до заинтересираниот субјект соодветна пресметка за плаќање на истата.

Пресметката од став 1 на овој член се изготвува во рок од 10 дена од денот на приемот на комплетираното барање, а заинтересираниот субјект е должен да го плати во рок од 5 дена од приемот на истиот.

Доколку во рокот од став 2 на овој член не се плати комуналната такса ќе се смета дека заинтересираниот субјект го повлекол своето барање за добивање одобрение за вршење на дејност и ќе се донесе решение за запирање на постапката согласно ЗОУП.

**Член 12**

По регулирање на плаќањето на комуналната такса од член 11 на оваа одлука Градоначалникот на општината издава одобрение за поставување на урбана опрема, во рок од 5 дена согласно Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на времени објекти и на одобрението за поставување на урбана опрема (,,Службен весник на РМ,, бр. 36/2010 год.).

**Член 13**

Одобрението за поставување на урбана опрема може да престане да важи и пред истекот на времето за кое е дадено доколку:

-урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување,

-престане важењето на одобрението за вршење на дејност,

-не се постапува по акти на надлежни инспекции, издадени во вршењето на инспекциски работи во рамките на нивните овластувања.

**Член 14**

Јавната површина на која се однесува издаденото одобрение за поставување на урбана опрема, имателот на одобрението не може да ја издаде или пренесе на користење во закуп или подзакуп на друго лице со договор за деловно-техничка соработка, ниту со било кој друг правен акт.

**Член 15**

Даденото одобрение за поставување на урбана опрема не значи ослободување од обврската за исполнување на други услови пропишани со закон.

**III. НАДЗОР**

**Член 16**

Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа одлука врши овластениот градежен инспектор и комуналниот инспектор на општината, во рамки на нивните законски овластувања.

**IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 17**

Правните лица, трговците поединци и физичките лица што имаат поставено урбана опрема, се должни да го усогласат своето работење со одредбите на оваа одлука во рок од еден месец од денот на нејзоното влегување во сила.

Доколку во рокот од став 1 на овој член, лицата од став 1 на овој член не добијат одобрение за поставување на урбана опрема, должни се јавната површина што ја користеле веднаш да ја ослободат од поставената урбана опрема, а во спротивно истата ќе биде отстранета на нивен трошок.

**Член 18**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во (,,Службен гласник на општина Гевгелија,,).

Бр.07-1410/1 Претседател
26.05.2011 год. на Совет на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 05/2002 год.), член 80 и 81 од Законот за градење (,,Службен.весник на РМ,, бр. 130/09,124/10,18/11 и 36/11 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Службен гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 26.05.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување на стандарди за поставување на времени објекти**

**и урбана опрема на подачјето на општина Гевгелија**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија.

**Член 2**

Времените објекти и урбанaта опрема може да се поставува согласно одредбите на законите, прописите донесени врз основа на закон, стандардите во оваа одлука и условите, начинот и постапката утврдени со посебни прописи.

**Член 3**

Поимите времени објекти и урбана опрема употребени во оваа одлука се со значење определно во Законот за градење („Службен весник на РМ„ бр. 130/09,124/10,18/11 и 36/11 год.)

Јавни површини се простори дефинирани во урбанистичките планови и означени со регулациони линии, на кои се изградени инвестициони и други инфраструктурни објекти во општа употреба, како и воздушниот простор над нив.

Како јавни површини, во смисла на оваа одлука се сметаат и неизградени површини чија намена е за општа употреба, до реализација на нивната намена утврдена со урбанистичките планови.

Слободна проодна површина е дел од јавната површина наменета исклучиво за движење на пешаци, на која не смее да се поставуваат времени објекти и урбана опрема.

**Член 4**

Одредбите на оваа одлука се применуваат при поставување на времени објекти и урбана опрема на јавна површина, како и во случаи кога урбанaта опрема е поставена на објекти или земјиште во сопственост, а при вршење на дејност се користи јавна површина како манипулативен простор (шалтерски или друг вид на давање на услуги надвор од регулационата линија) како и кога ова земјиште се користи за јавна употреба.

Одредбите на оваа одлука не се однесуваат на утврдените градежни парцели согласно детален урбанистички план каде организацијата на просторот се врши согласно планската и проектната документација (просторите за пазари, саеми, автобуски и железнички станици, трговски центри, индустриски и други јавни објекти).

## II. ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ И УРБАНА ОПРЕМА

**Член 5**

Со поставување на времени објекти и урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Времените објекти и урбанaта опрема, со својот изглед и форма, не смеат да го намалат естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

**Член 6**

ите
рто
поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

**Член 7**

Површината што служи за употреба на времените објекти и урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

**Член 8**

При поставување на времени објекти и урбана опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.

При поставување на времени објекти и урбана опрема, не смеат да се преземааат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.

При поставување на времени објекти и урбана опрема, на може да се монтираат платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на подлогата за терен во пад каде котата на едната страна од платформата се поклопува со котата на теренот и не го попречуваат или отежнуваат движењето на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

**Член 9**

Минималната широчина на јавната површина на која може да се постават времени објекти и урбана опрема изнесува 3.2 м, а за поставување на монтажно - демонтажен или типски објект од лесна конструкција истата треба да изнесува минимум 4.5 м.

При поставувањето на времените објекти и урбаната опрема мора да се запазат следните стандарди: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0.80 м од рабникот на коловозот (за кошничка за отпадоци, жардињери, рекламни направи и др.) односно 1.50 и 2.50 м од рабникот на коловозот (за автобуски стојалишта, киосци, дрвореди).

Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2.4 м, а при поставување на настрешници и тенди минималната височина изнесува 3.2 м над слободната проодна површина.

**Член 10**

Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети стандардите од оваа одлука и условите од други прописи.

Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење на угостителска дејност, секојдневно по завршувањето на работното време се отстранува од јавната површина.

**Член 11**

При поставување на времени објекти и урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1.5 м, а во централното градско подрачје 2.5 м.

Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столбчиња, денивелација и сл.) но просторот за движење не може да биде помал од 1.2 м.

на
на
тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото или од најистурената точка на пречникот на дрвото, на комунален или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

**Член 12**

Поставување на времени објекти и урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улицте, која изнесува минимум 8.0 м од пресечната точка на двете регулациони линии.

Доколку пешачката површина е поголема од 5.0 м во радиус на свртувањето дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина од 2.5 м од работ на коловозот односно од најистурениот елемент (дрво, комунален или рекламен објект).

**Член 13**

При поставување на времени објекти и урбана, сопственикот е должен да обезбеди:

- соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електронапојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл.) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица (даватели на услугите) односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата;

-примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на времените објекти и урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови -со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл;

-согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост, кога земјиштето се користи во јавна употреба (член 4 став 1 од оваа одлука) согласно закон.

**Член 14**

При поставувањето на времените објекти и урбаната опрема, покрај стандардите утврдени со оваа одлука, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и слично.

Доколку површината за која се бара поставување на времени објекти и урбана опрема, е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите за заштитата на културно -историското наследство, односно на природата.

**Член 15**

Времените објекти се поставуваат согласно Програма и истите може да бидат со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат во нив.

При поставување на времени објекти и урбана опрема се користи модуларен систем за објекти во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на времените објекти и урбаната опрема.

Времените објекти и урбаната опрема може да бидат само приземни, со максимална висина на венец до 3.5 м и висина на слеме добиена со минимален нагиб

зависно од видот на употребениот кровен покривач, само како заштита на објектот, со кота на приземје не повисока од 15 см.

## III.ПОСЕБНИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ И УРБАНА ОПРЕМА

**Привремени паркинзи и приодни патеки**

**Член 16**

Привремени паркинзи и приодни патеки на неизградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно можат да се отстранат,кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување на ниска ограда (не повисока од 0.80 м).

**Платформи**

**Член 17**

Платформите кои служат за организирање на спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации) како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивно користење.

Платформите се поставуваат на изградено или неизградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа одлука.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

**Сплавови и платформи за јавни настани на вода**

**Член 18**

Сплавови се површини поставени на вода поврзани со копно со максимална дозволена површина до 100 м2. Се поставуваат сезонски и се користат како летна тераса или краткотрајно за одредени манифестации.

**Информативни паноа**

**Член 19**

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на градот, возен ред и друго) и огласување на културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

**Летни дискотеки**

**Член 20**

Летните дискотеки треба да се предвидуваат со димензии во зависност од расположивата неизградена градежна површина, при што неопходно е да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко

и тротоари, заради непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, како и од лицата со посебни потреби.

Летните дискотеки не смеат да бидат целосно затворен и покриен простор, а може да бидат оградени со транспарентна ограда (платно, челично плетиво, трска и др.) на монтажно и демонтажна конструкција и делумно покриени. Можат да содржат платформа и бина, монтажно и демонтажна опрема за опслужување на посетителите (покриени и непокриени шанкови, санитарни јазли).

**Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе и сладолед**

**Член 21**

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири и сладолед да не биде поголема од 4.0 м2, а за продажба на цвеќе не поголема од 16.0 м2.

**Телефонски говорници**

**Член 22**

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на ѕид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите од став 1 на овој член изнесува 1.5 x 1.5 м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

**Монтажно и демонтажни типски објекти**

**Член 23**

Монтажно и демонтажни објекти од лесна конструкција се објекти со површина до 16.0 м2 кои можат да се постават на одредени места. Монтажно и демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалоци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи (без подготовка на храна).

Монтажно и демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно и промотивни или деловно и информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

**Обликовни услови**

Монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на времени објекти и урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот објект можно е поставување на рол тенда.

На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот со името на фирмата која го користи (врши дејност) без можност за истакнување надруги рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 50 см.

На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

**Сообраќајни услови**

Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалиди и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин. 1.5 - 2.5 м., а од раскрсница мин. 10.0 м од почетокот на радиусот за десно свртување.

**Технички услови**

При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно- технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко, бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација (мијалник и тоалет).

Подната, ѕидната и таванската облога како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен, неотровен, материјал кој не упива и кој лесно се чисти.

**Автобуски постојки**

**Член 24**

Поставувањето на автобуски постојки да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4.0-16.0 м2 и висина до 4.0 м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.

Во зависност од фреквенцијата на сообраќајот има четири типа на автобуски стојалишта и тоа:

а) Тип А и само автобуска постојка

Во рамките на овој тип има настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

б) Тип Б и автобуска постојка со билетара

Во рамките на овој тип има билетара, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

в) Тип В - автобуска постојка со киоск

Во рамките на овој тип има киоск, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

г) Тип Г - автобуска постојка со билетара и киоск

Во рамките на овој тип има билетара, киоск, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

Типот на автобуските постојки и микролокацијата каде ќе бидат поставени се одредува од страна на општината.

При лоцирање на автобуските постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 2.5 м.

**Објекти за обезбедување**

**Член 25**

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3.0 м2.

За нив важат стандардите за монтажно - демонтажни и типски објекти.

**Јавни санитарни јазли**

**Член 26**

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти.

Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини.

Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

**Тераси, шанкови и настрешници**

**Член 27**

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ„ бр. 78/06, 140/07 и 12/09 и 142/10) особено по однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возила на јавни служби).

Се забранува покривање на урбаната опрема на летната тераса со најлони. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. При тоа се забранува складирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување на куп.

**Член 28**

На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди.

Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси, столици, настрешници, чадори, постамент за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

Исклучително во пешачка зона, на плоштади, кеј и други пошироки површини без моторен сообраќај, опремата за летна тераса се поставува на начин утврден со елаборат.

Со елаборат се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата како и бојата, димензиите и др.

Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

**Член 29**

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1.5 м.

**Член 30**

Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали. На определени простори: пешачки зони, плоштад и во заштитени зони може да биде пропишан видот на опремата со посебен елаборат.

**Член 31**

Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и настрешници) поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

**Член 32**

Чадорите се со минимална слободна височина од 2.4 м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткриват само одобрената површина и не смеат да бидат прицврстени за подлогата.

**Член 33**

Тендите се типски и монтажни елементи со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.

При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси минималната слободна височина изнесува 3.2 м.

Поставена и монтирана тендата смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса.

Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

**Член 34**

Настрешница е лесен монтажно и демонтажен елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат прицврстени на јавната површина, со платно и со роло механизам.

При поставување на настрешници минималната слободна височина изнесува 3.2м.

Доколку се поставува настрешница не се поставуваат други видови на направи за заштита од атмосферски влијанија.

Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

**Член 35**

Оградите и жардињерите поставени на летна тераса не смеат: да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина поголема од 0.8 м.

Оградите и жардињерите треба да бидат изведени од квалитетни материјали со високо естеско ниво.

Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардињери кон пешачката зона односно истите се поставуваа само помеѓу соседни летни тераси.

**Покриени и отворени шанкови**

**Член 36**

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, покрај водни и рекреативни површини.

Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.

Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

**Самостоечки рекламни паноа**

**Член 37**

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ„ бр. 54/07, 86/08, 98/08 и 64/09) и акт на Советот на Општината.

**Опрема за забава на деца и детски игралишта**

**Член 38**

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

**Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци**

**Член 39**

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците. Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување на урбана опрема.

Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1.0 х 1.2 м за луѓето со хендикеп.

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

**Жардињери, граничници**

**Член 40**

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Максимална висина на жардињерите и граничниците е 0.80 м.

**Тезги**

**Член 41**

Тезгите се лесно подвижни елементи на урбана опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот определен со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи со пригодна намена. Не е



Минималната површина на тезгите изнесува 2.0 - 4.0 м2 и се поставуваат и одстрануваат по завршување на дејноста.

Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезот на јавни, деловни и станбени објекти.

**Елементи за изложување на производи**

**Член 42**

Елементи за изложување на производи се витрини, полици и фрижидери.

Елементите за изложување на производи се поставуваат на јавни површини пред трговски локали, по правило во широчина на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

Над елементите за изложување на производи може да се поставуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.

Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвара на било кој начин (најлони, застаклување и сл.).

**Член 43**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,.

Бр.07-1409/1<br>26.05.2011 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Совет на општина Гевгелија,<br>***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 14 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 9 и 29 став 2 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.05.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за остварување на меѓуопштинска соработка на општина Гевгелија со општина Дојран

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува остварување на меѓуопштинска соработка на општина Гевгелија со општина Дојран, обликот на меѓуопштинската соработка и предметот на соработката.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува со вршење на определени работи од страна на општина Гевгелија за општина Дојран.

**Член 3**

Работите кои општина Гевгелија ќе ѓи врши за општина Дојран се од областа на извршувањето на извршните акти (решенија и заклучоци) на овластениот градежен инспектор.

**Член 4**

За вршење на работите од членот 3 на оваа одлука општина Гевгелија со општина Дојран ќе склучат договор со кој поконкретно ќе се утврди видот на работите, извршителот на работите, начинот на извршувањето и висината на надоместокот за извршените работи.

Договорот ќе го склучат Градоначалниците на двете општини.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ("Службен гласник на општина Гевгелија").

Бр.07-1412/1 Претседател
26.05.2011 год. на Советот општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за угостителската дејност ("Службен весник на РМ" бр.62/04, 89/08,115/10 и 53/11 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.),Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.05.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Одлуката за определување висината на надоместокот за издавање лиценца за вршење на угостителски услуги

**Член 1**

Во Одлука се определува висината на надоместокот за издавање лиценца за вршење угостителски услуги ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.13/05 год.) во членот 2 се вршат следните измени и дополнувања:

-Во алинеа два износот "4.000" се заменува со износот "5.000".

-Во алинеа три износот "7.500"се заменува со износот "7.000"

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1411/1 Претседател
26.05.2011 год. Совет на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05,137/07,91/09,124/10 и 18/11 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 и 8/10 год.),Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.05.2011 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2011 година

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2011 година ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.19/10 год.)се вршат следните измени и дополнувања:

-Во делот "II.Посебни одредби"во поднасловот "1.Измена и дополнување со ревизија на сообраќајно решение за ГУП на град Гевгелија" точката "1.3. Во блок 8 предвидување намена на просторот исклучиво за спорт и рекреација со парковско зеленило" се брише.

-Во истиот дел по поднасловот "6.Изработка на Програма за поставување на времени објекти" се додава нов поднаслов со редн број 7 и со текст кој гласи:

"7.Урбанистички планови кои ќе се донесат во постапка пропишана во членот 24-а ставовите 2,3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Во постапката предвидена во претходно споменатиот член од законот,односно по скратена постапка во која урбанистичкиот план се изработува и донесува како предлог на планот, ќе се донесат следните планови предвидени со оваа програма и тоа:

Од поднасловот 2.Ревизија и измена на донесени и изработка на нови Детални урбанистички планови за град Гевгелија по блокови,согласно приложената скица, ќе се донесат плановите:

-2.5.Урбан блок 5 Урбана единица 5.7.

-2.9.Урбан блок 9 (Караорман) Урбана единица 9.2,9.3. и 9.4

-2.11.Урбан блок 11 (Индустриска зона)

-2.14.Урбан блок 14 (Ракита)

-2.16.Урбан блок 16

Од поднасловот 3.Урбанистички планови за село, ќе се донесат плановите:

-3.1.Урбанистички план за дел од село Миравци

-3.10.Урбанистички план за село Прдејци

-3.11.Урбанистички план за село Негорци

-3.12.Урбанистички план за село Богородица

2.Ова Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ("Службен гласник на општина Гевгелија").

Бр.07-1408/1
26.05.2011 год.
Гевгелија

Претседател
Совет на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07,83/09и 97/10 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.05.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За давање согласност на Програмата за работни активности за водоснабдување и одведување урбани отпадни води и комунална хигиена на општина Гевгелија за 2011 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија

1.Се дава согласност на Програмата за работни активности за водоснабдување и одведување урбани отпадни води и комунална хигиена на општина Гевгелија за 2011 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со одлука бр.02-191/2 од 6.04.2011 година.

Во програмата да се предвиде:

- дератизација на канализацијата
- двапати неделно изнесување на сметот од домакинставата во летниот период
-одржување на јавните површини во населените места

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07- 1413/1 Претседател
26.05.2011 год. на Советот на општина Гевглија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.61/04,96/04,67/07,156/09 и 47/11 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 26.05.2011 година, по расправата по Предлог-Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2011 до 31.03.2011 година,го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2011 до 31.03.2011 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07- 1407/1 Претседател
26.05.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

## АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИК

Врз основа на член 19-а од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07,83/09 и 97/10 год.) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на окпштина Гевгелија донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" во Миравци**

1.Се разрешува од вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" во Миравци

**Трипчо Димитровски**, вработен во Јавното претпријатие, поради истекот на рокот за кое беше именуван.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-1422/1 Градоначалник



Врз основа на член 19-а од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07,83/09 и 97/10 год.) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на окпштина Гевгелија донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
**за именување вршител на должноста директор на**
**Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" во Миравци**

1.За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" во Миравци се именува

**Венчо Атанасов**, вработен во Јавното претпријатие, до изборот на директор, но не подолго од шест месеци.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08- 1423/1 Градоначалник
27.05.2011 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 135 став 4 од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 156/10, 18/11, 42/11 и 51/11 год.) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за престанок на мандат на вршител на должноста директор на**
**Општинското Основно Музичко Училиште "Васо Карајанов" Гевгелија**

1.На Орце Издушнов од Гевгелија, му престанува мандатот на вршител на должноста директор на Општинското Основно Музичко Училиште "Васо Карајанов" Гевгелија, заради истекување на мандатот.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.15-1188/1 Градоначалник
6.05.2011 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 135 став 1 од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 156/10, 18/11, 42/11 и 51/11 год.) и член 50 став 1 точка

9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување Вршител на должноста директор на**
**Општинското Основно Музичко Училиште "Васо Карајанов" Гевгелија**

1.За Вршител на должноста директор на Општинското Основно Музичко [illegible] јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува

-**Орце Издушнов**, со завршена Музичка академија, вработен во Општинското Основно Музичко Училиште "Васо Карајанов" Гевгелија.

2.Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обрски предвидени со актите на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија, Законот за основно образование и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.15-1188/3 Градоначалник
6.05.2011 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 135 став 2 од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 156/10, 18/11, 42/11 и 51/11 год.) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 6.05.2011 год., донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за задолжување на Училишниот одбор на**
**Општинското Основно Музичко Училиште "Васо Карајанов" Гевгелија**
**за објавување на јавен оглас за избор на директор**

**Член 1**

Со оваа Одлука се задолжува Училишниот одбор на Општинското Основно Музичко Училиште "Васо Карајанов" Гевгелија да објави јавен оглас за избор на дирекор.

**Член 2**

Во јавниот оглас ќе бидат утврдени условите кои со закон треба да ги исполни кандидтот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.15-1188/5 Градоначалник
6.05.2011 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 19/10 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2011 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, ставка 464 подставка 464990-Други трансфери, Програма Д0 во износ од 18.647,00 денари и персонален данок според законот, се доделуваат за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија, за месец декември 2010 година и тоа:

- Ангела Мурџева______________________________ 1.490,00
- Анита Спасеска______________________________ 1.490,00
- Ѓорге Петков________________________________ 2.749,00
- Сузана Илиева Костенарова_________________ 1.352,00
- Александра Чурлинова______________________ 1.490,00
- Симона Тодова______________________________ 798,00
- Васко Ристов________________________________ 1.490,00
- Воислав Савиќ______________________________ 1.075,00
- Магица Цицмиловиќ_________________________ 4.424,00
- Борис Стоиловски___________________________ 2.289,00

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања а средствата ќе се исплатат на трансакциони сметки на корисниците.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија, поднесе барање до градоначалникот на општината за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година во износ од 18.647,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 08-97/2 Градоначалник
17.02.2011 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 19/10 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2011 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, ставка 464 подставка 464990-Други трансфери, Програма Д0 во износ од 17.769,00 денари и персонален данок според законот, се доделуваат за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија, за месец јануари 2011 година и тоа:

- Анита Спасеска_____ 1.490,00
- Ѓорге Петков_____ 2.518,00
- Сузана Илиева Костенарова_____ 1.490,00
- Александра Чурлинова_____ 1.259,00
- Васко Ристов_____ 1.029,00
- Ѓоргиев Анаштир_____ 1.596,00
- Воислав Савиќ_____ 1.121,00
- Магица Цицмиловиќ_____ 4.286,00
- Борис Стоиловски_____ 2.980,00

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања а средствата ќе се исплатат на трансакциони сметки на корисниците.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во IСлужбен гласник на општина Гевгелијав.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија, поднесе барање до градоначалникот на општината за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година во износ од 17.769,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 08-383/2 Градоначалник
17.02.2011 год. на општина Гевгелија
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 19/10 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2011 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, ставка 464 подставка 464990-Други трансфери, Програма Д0 во износ од 20.367,00 денари и персонален данок според законот, се доделуваат за финансиска поддршка на самохрани

родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија, за месец февруари 2011 година и тоа:

- Ангела Мурџева_________________________ 2.011,00
- Анита Спасеска_________________________ 1.490,00
- Ѓорге Петков___________________________ 2.980,00
- Сузана Илиева Костенарова_______________ 1.490,00
- Александра Чурлинова___________________ 1.167,00
- Васко Ристов___________________________ 1.444,00
- Анаштир Ѓоргиев________________________ 1.352,00
- Воислав Савиќ__________________________ 983,00
- Магица Цицмиловиќ______________________ 4.470,00
- Борис Стоиловски_______________________ 2.980,00

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања а средствата ќе се исплатат на трансакциони сметки на корисниците.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија, поднесе барање до градоначалникот на општината за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година во износ од 20.367,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 08-624/2 Градоначалник
8.03.2011 год. на општина Гевгелија
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 19/10 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2011 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, ставка 464 подставка 464990-Други трансфери, Програма Д0 во износ од 18.171,00 денари и персонален данок според законот, се доделуваат за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија, за месец март 2011 година и тоа:

- Ангела Мурџева_________________________ 1.490,00
- Анита Спасеска_________________________ 1.398,00
- Ѓорге Петков___________________________ 2.980,00

- Сузана Илиева Костенарова_________________ 1.490,00
- Александра Чурлинова______________________ 983,00
- Васко Ристов______________________________ 1.490,00
- Анаштир Ѓоргиев___________________________ 1.398,00
- Магица Цицмиловиќ__________________________ 4.470,00
- Борис Стоиловски___________________________ 2.472,00

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања а средствата ќе се исплатат на трансакциони сметки на корисниците.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ЇСлужбен гласник на општина Гевгелијав.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија, поднесе барање до градоначалникот на општината за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година во износ од 18.171,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 13-923/2
7.04.2011 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Иван Франгов с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 19/10 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2011 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, ставка 464 подставка 464990-Други трансфери, Програма Д0 во износ од 17.203,00 денари и персонален данок според законот, се доделуваат за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија, за месец април 2011 година и тоа:

- Ангела Мурџева_____________________________ 1.490,00
- Анита Спасеска____________________________ 1.490,00
- Ѓорге Петков______________________________ 2.980,00
- Сузана Илиева Костенарова_________________ 1.490,00
- Александра Чурлинова______________________ 1.075,00
- Васко Ристов______________________________ 1.490,00
- Анаштир Ѓоргиев___________________________ 983,00
- Магица Цицмиловиќ__________________________ 3.225,00
- Борис Стоиловски___________________________ 2.980,00

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања а средствата ќе се исплатат на трансакциони сметки на корисниците.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ІСлужбен гласник на општина Гевгелијав.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија, поднесе барање до градоначалникот на општината за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, за финансиска поддршка на самохрани родители и родители корисници на социјална помош, чии деца престојуваат во Јавна општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост" Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година, во износ од 17.203,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 13-1203/2 Градоначалник
10.05.2011 год. на општина Гевгелија
Гевгелија ***Иван Франгов с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите,начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема ........................................................................................................ 112

2.Одлука за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија ............................................. 115

3.Одлука за остварување на меѓуопштинска соработка на општина Гевгелија со општина Дојран ........................................................................................ 125

4.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за определување висината на надоместокот за издавање лиценца за вршење на угостителски услуги ......... 126

5.Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2011 година ............................... 126

6.Решение за давање на согласност на Програмата за работни активности за водоснабдување и одведување урбани отпадни води и комунална хигиена на општина Гевгелија за 2011 годиина на ЈПКД"Комуналец"Гевгелија ................. 127

7.Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2011 до 31.03.2011 година ........................................................................ 128

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Решение за разрешување вршител на должноста директор на ЈП за комуналии и водовод "Миравци" во Миравци ........................................................ 128

2.Решение за именување вршител на должноста директор на ЈП за комуналии и водовод "Миравци" во Миравци ....................................................... 129

3.Решение за престанок на мандатот на вршител на должноста директор на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија ......................................................................... 129

4.Решение за именување Вршител на должноста директор на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија ............................................................................................. 129

5.Решение за задолжување на Училишниот одбор на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за објавување на јавен оглас за избор на директор .......... 130

6.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година на Детската градинка "Детска радост" Гевгелија ....... 130
7.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година на Детската градинка "Детска радост" Гевгелија ....... 131
8.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година на Детската градинка "Детска радост" Гевгелија ....... 132
9.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година на Детската градинка "Детска радост" Гевгелија ....... 133
10.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година на Детската градинка "Детска радост" Гевгелија ....... 134

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07,91/09,124/10,18/11 и 53/11 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.06.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
**за донесување на Детален урбанистички план за дел од блок "7" Урбана единица "А" на градот Гевгелија,општина Гевгелија за плански период 2008-2013 година**

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува донесување на Детален урбанистички план за дел од блок "7" Урбана единица "А" на градот Гевгелија за 2008-2013 година со графички приказ на планот и текстуален дел(Во натамошниот текст: Деталниот урбанистички план).

### Член 2

Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 6.2 ха.

Границата на зафатот е:

На север: границата оди по улица "Деко Ковачев"

На запад: границата оди по западна магистрална улица

На југ : границата оди по осовината на улица "Булевар Гевгелија"

На исток: границата оди по осовината на западна собирна улица

### Член 3

Просторот опфатен со Деталниот урбанистички план е со следните намени:

А - домување

А1 - семејно домување во семејни куќи

Е2 - инфраструктура -трафостаници

Д - зеленило и рекреација

Д1 - парковско зеленило

### Член 4

Деталниот урбанистички план се состои од текстуален дел и графички приказ, кои се составен дел на оваа Одлука.

### Член 5

Составен дел на оваа Одлука, покрај документите од член 4, се и стручната ревизија,одговорот на стручната ревизија од надлежна институција,стручното мислење,извештајот од јавната презентација и согласноста бр.16-3208/2 од 10.05.2011 година на планот од Министерството за транспорт и врски.

### Член 6

Деталниот урбанистички план, текстуалниот и графичкиот дел од планот не се објавува, а се наоѓа во Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина. Примерок од Деталниот урбанистички план, по усвојувањето, се доставува до надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 7**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат и потпис на носителот на планот.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1719/1
30.06.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 7, 22 и 23 од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09,124/10,18/11 и 53/11 год.) и член 38 став 1 точка 6 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.06..2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување Нацрт-Измени и дополнувања на Генералниот урбанистички план на град Гевгелија,општина Гевгелија за плански период 2011-2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт- Измени и дополнувања на Генералниот урбанистички план на град Гевгелија,општина Гевгелија за плански период 2011-2021 година,со графички приказ на планот и текстуален дел (Во натамошниот текст: Нацрт-Измените и дополнувањата на Генералниот урбанистички план).

**Член 2**

Нацрт-Измените и дополнувањата на Генералниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 887.9 ха.

Границата на просторот опфатен со планот се движи:

Север: границата на ГУП на град Гевгелија 2006-2016

Исток: осовина на Река Вардар

Југ: осовина на регулирано корито на р. Сува

Запад: граница на ГУП 2006-2016,КО Гевгелија граница на КП 7517, 7523, 7524, 7561, 7562, 7563, 7564, 7565, 7589, 7588, 7587, 7590,6432, граница на ГУП 2006-2016, осовина на Р112, граница на КП 6303, 6382, 6372, 5909, 6355, 6042, 6043, 6044, 6037, граница на ГУП 2006 - 2016, КП 4960, 3804, 4902, 4882, 1650, 4780, 2054, КО Мрзенци, КП 1608, 1607, 1606, 1605, 1603, 1374, 1377, 1376, 1379, 1368, 1372, 1371, 1350, 1353, 1354, 1356, 1357, 1358, 1360, 1414, 1416, 1417, 1418, 1419, 1420, 1421, 1291, 1292, 1294, 1296, 1297, 1281, 1279, 1275, 1274, 1273 и 1272.

**Член 3**

Просторот опфатен со Нацрт-Измените и дополнувањата на Генералниот урбанистички план е со следните намени:

А - Домување

А0-Домување со посебен режим

А1-Домување во станбени куќи

А2-Домување во станбени згради

Б-Комерцијални и деловни намени
Б1-Мали комерцијални и деловни намени
Б2-Големи трговски единици
Б3-Големи угостителски единици
Б4-Деловни простори
Б5-Хотелски комплекси
Б6-Градби за собири

В-Јавни институции
В1-образование
В2-Здравство и социјална заштита
В4-Државни институции
В5-Верски заедници

Г-Производство,дистрибуција и сервиси
Г2-Лесна и незагадувачка индустрија
Г3-Сервиси
Г4-Стоваришта

Д-Зеленило,спорт,рекреација и меморијални простори
Д1-Парковско зеленило
Д2-Заштитно зеленило
Д3-Спорт и рекреација
Д4-Меморијални простори

Е-Инфраструктура
Е1-Комунална инфраструктура
Е2- Комунална супраструктура
Е3-Некомпатибилна инфраструктура

**Член 4**

По Нацрт-Измените и дополнувањата на Генералниот урбанистички план ќе се спроведе стручна расправа.

Стручната расправа ќе ја организира градоначалникот на општината согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1716/1
30.06.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 7, 13-а, 22 и 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09,124/10,18/11 и 53/11 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.06.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
**За утврдување Нацрт-Детален урбанистички план за Г.П. 926/1 за изградба на Антенски столб за радиорелејна мрежа на дел од КП 926/1 КО Мрзенци,општина Гевгелија за плански период 2011-2016 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за Г.П. 926/1 за изградба на Антенски столб за радиорелејна мрежа на дел од КП 926/1 КО Мрзенци,општина Гевгелија за плански период 2011-2016 година, со графички приказ на планот и текстуален дел (Во натамошниот текст: Нацрт-Детален урбанистичкиот план ).

**Член 2**

Нацрт-Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 240 м2.

Границите на планскиот опфат е новоформираната градежна парцела 1.1, дел од КП 926/1, КО Мрзенци, општина Гевгелија.

**Член 3**

Просторот опфатен со Нацрт -Деталниот урбанистички план е со намена Е1- комунална инфраструктура.

**Член 4**

По Нацрт-Деталниот урбанистички план ќе се спроведе јавна презентација и јавна анкета.

Јавната презентација и јавнта анкета ќе ја организира градоначалникот на општината согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1718/1
30.06.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 7, 22 и 24 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09,124/10,18/11 и 53/11 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.06.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
**За утврдување Нацрт-Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 1.3, 1.4 и 2.3 КО Гевгелија,општина Гевгелија за плански период 2011-2016 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт- Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Блок 1.3, 1.4 и 2.3 КО Гевгелија,општина Гевгелија за

плански период 2011-2016 година,со графички приказ на планот и текстуален дел (Во натамошниот текст: Нацрт-Детален урбанистичкиот план ).

**Член 2**

Нацрт-Измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 18.03 ха.

Границата на просторот опфатен со планот се движи на северозападната страна по осовината на станбената улица "Сараевска", се искачува кон север по осовината на станбената улица "Ристо Чавдаров", повторно оди кон север по осовината на станбената улица "Димитар Влахов", па на северната страна оди по осовината на станбената улица "Ристо Фршинин", на североисточната страна се симнува по осовината на станбената улица "Рајко Жинзифов", па оди кон исток по осовината на станбената улица "Самоилова", повторно се симнува по североисточната страна на станбената улица "Мечкин Камен",на јужната страна оди по осовината на станбената улица "Јужна собирна", па се искачува на запад по осовината на собирната улица "Собирна улица" до спојот со станбената улица "Сараевска".

**Член 3**

Просторот опфатен со Нацрт-Измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план е со следните намени:

А - Домување
А1-Домување во станбени куќи
А2-Домување во станбени згради

Б-Комерцијални и деловни намени
Б1-Мали комерцијални и деловни намени

Д-Зеленило и рекреација
Д1-Парковско зеленило

**Член 4**

По Нацрт-Измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план ќе се спроведе јавна презентација и јавна анкета.

Јавната презентација и јавнта анкета ќе ја организира градоначалникот на општината согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1717/1 Претседател
30.06..2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07,91/09,124/10,18/11 и53/11 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/05 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За исправки во табеларните податоци и графичкиот дел од Урбанистичкиот план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија-Граничен премин Богородица, општина Гевгелија, за плански период 2009-2019 година**

**Член 1**

Во Одлуката за донесување Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија-Граничен премин Богородица, општина Гевгелија, за плански период 2009-2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.6/11 год.) во тебеларните прегледи и графичките прилози на планот за градежните парцели 1.06, 1.07, 6.08, 2.02 и 7.02 се вршат следните исправки:

-за градежната парцела 1.06, коефициентот на искористеност од"0,72" се заменува со"1.80".

-за градежната парцела 1.07, коефициентот на искористеност од "0,72" се заменува со"1.80".

-за градежната парцела 6.08 коефициентот на искористеност од "0,28" се заменува со"1.80"

-за градежната парцела 2.02, се утврдува катна висина од П+1, максимална висина до венец h=8.00м и коефициент на искористеност 0.1.

- за градежната парцела 7.02, се утврдува катна висина од П+1 и максимална висина до венец h=8.00м.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е табелата со извршените исправки.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1720/1 Претседател
30.06.2011год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02 год.), а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот "Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" бр.83/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2011 година, ја дава следната

**И З Ј А В А**

**дека општина Гевгелија ги исполнува следните услови**

Општина Гевгелија има формирано Јавно претпријатие за комунални дејности "Комуналец"Гевгелија кое ги покрива услугите кои се однесуваат на

водоснабдување и одведување на отпадни води и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"Гевгелија со утврдената тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на Проектите.

Проектите со кои ќе аплицира општината ќе бидат одобрени со одлука од Советот на општината, за секој проект посебно.

Сите досега финансирани проекти за водоснабдување и одведување на отпадни води во општината Гевгелија од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку општината не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

Бр.07-1723/1
30.06.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02 год.), а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот "Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" бр.83/10 год.), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год. ) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2011 година, донесе

## ОДЛУКА
## За одобрување на Основен проект за фекална канализациона мрежа за населба Мрзенци-Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува одобрување на Основен проект за фекална канализациона мрежа за населба Мрзенци-Гевгелија (Во натамошниот текст:Основниот проект).

### Член 2

Основниот проект, со технички број 012-10-4/05, е изработен од ДИК ПРО КОНС Сашо Глигоров ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, заведен под број 012-10-4/05 од 31.08.2005 година.

### Член 3

Вредноста на проектот изнесува 30.713.062,00 денари.

### Член 4

Со Основниот проект општина Гевгелија ќе аплицира за доделување на распределените средства со Одлука на Владата на Република Македонија од заемот од Европската инвестициона банка согласно Договорот за заем по Проектот "Водоснабдување и одведување отпадни води".

### Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1721/1 Претседател
30.06.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02 год.), а во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот "Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" бр.83/10 год.), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год. ) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За одобрување на Основен проект за фекална канализациона мрежа за населба Прдејци-Гевгелија со идејно решение за пречистителна станица за отпадни води**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува одобрување на Основен проект за фекална канализациона мрежа за населба Прдејци-Гевгелија со идејно решение за пречистителна станица за отпадни води.(Во натамошниот текст:Основниот проект).

**Член 2**

Основниот проект, со технички број 011-10-3/05, е изработен од ДИК ПРО КОНС Сашо Глигоров ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, заведен под број 011-10-3/05 од 03.08.2005 година.

**Член 3**

Вредноста на проектот изнесува 28.931.765,55 денари.

**Член 4**

Со Основниот проект општина Гевгелија ќе аплицира за доделување на распределените средства со Одлука на Владата на Република Македонија од заемот од Европската инвестициона банка согласно Договорот за заем по Проектот "Водоснабдување и одведување отпадни води".

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1722/1 Претседател
30.06.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 17/2011 и 53/2011 год.) и член 38 став 1, точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.06.2011 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2011 година

Општ дел

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр. 17/2011 и 53/2011 год.), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, оштините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено или неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиштето на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановаат други стварни права.

А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на општина Гевгелија дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2011 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети:

1. За индивидуално домување
- Гевгелија, локалитет Караорман, ДУП за 9-та У.Е., Одлука бр. 08-68/4 од 24.02.1995 година;

2. Времено домување
- Гевгелија, ДУП за дел од УБ 5 плански опфат „А„ Одлука бр. 07-1017/1 од 11.05.2010 година;

3. Колективно домување
- Гевгелија, ДУП за градско централно подрачје. Одлука бр. 07-1961/1 од 22.06.2010 година.

4. Лесна индустрија и мало стопанство
- Негорци - локалитет Блокотехна, ДУП за стопанска зона, Одлука бр. 08-54/1 од 04.02.1993 година;

5. Комерцијални и деловни објекти
- Богородица, локалитет „Милци„ - урбанистички план вон населено место за мултинаменски комплекс, Одлука бр.07-554/1 од 10.02.2010 година;
- Богородица, урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, Одлука бр. 07-720/1 од 15.03.2011 година.

6. Спорт и рекреација
- Богородица, урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, Одлука бр. 07-720/1 од 15.03.2011 година.

7. Комерцијални и деловни објекти
- Гевгелија, ДУП за градско централно подрачје. Одлука бр. 07-1961/1 од 22.06.2010 година.
- ДУП на Гевгелија. Одлука бр. 08-448/2 од 15.10.1996 година.

Б) Основи за изработка на Програмата

- Законски основ
  Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ„ бр. 17/2011 и 53/2011) и член 38, став 1, точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија„ бр. 25/06 и 8/10)

- Основни плански документи

  - Стратегија за локален одржлив развој на општина Гевгелија за плански период од 2006 до 2011 година

Општина Гевгелија е надлежна за локалниот економски развој на подрачјето на својата територија, што подразбира:

- Планирање на локалниот економски развој;
- Утврдување на развојните и структурните приоритети и
- Водење на локалната економска политика.

Овој документ вклучува три стратешки компоненти, кои се меѓусебно поврзани и хармонизирани една со друга:

a) Локална проценка;

b) SWOT Анализа - во три сектори: Инфраструктура, одржлив економски развој и квалитет на живот;

c) Стратешки планови - вклучувајќи визија, стратешки цели, развојни цели и преглед на програмите и проектите.

Стратегијата идентификува приоритетни области и стратешки избори, истата поставува широка рамка за економски, социјален и културен развој на општина Гевгелија за периодот 2006 - 2011 година. Сепак, потребна е понатамошна елаборација за креирање на планови за имплементација кои ќе ги дадат деталите за програмите и проектите, учесниците во активностите, финансиски планови, предвидувања и ризици, развојни индикатори и временски проценки. Како што Република Македонија се движи кон ЕУ интеграциите, подобрените капацитети на локалните учесници ќе бидат искористени за интегрирање и хармонизирање на стратегијата со новите европски, национални и регионални политики.

  - Локален еколошки акционен план на општина Гевгелија, донесен на



Цели на локалниот еколошки акционен план на општина Гевгелија се:

1. Одредување, проценка и рангирање на Еко проблемите во општината врз основа на релевантниот ризик по човечко здравје, животна средина и квалитет на живеењето.
2. Создавање на таков ЛЕАП што ќе ги одреди специфичните стратегии и активности за намалување на најсериозните ризици во средината.
3. Подобрување на севкупните еколошки услови во општината и штедењето на парите и жителите преку нискобуџетски стратегии и добри резулатати со најмали трошоци.
4. Промовирање на јавната свест, разбирање и одговорност за заштита на животната средина и зголемена јавна подршка за еколошки инвестиции (решенија).
5. Зајакнување на можностите како на локалната самоуправа така и на ниво на Невладини организации (НВО) за управување со имплементирање на еколошките проблеми вклучувајќи ја нивната способност за привлекување и на странски финансиски средства (инвестиции).

- Потстратегија за рурален развој на општина Гевгелија за плански период од 2008 до 2013 година

Визија

Создавање целосно инкорпориран и финансиски стабилен регион со услови за квалитетно живеење и работење.

Мисија

Подобрување на квалитетот на животот во руралната заедница преку:

- Создавање услови за одржлив социо-економски развој;
- Ефикасни институции;
- Јавни - приватни партнерства;
- Развиен бизнис сектор;
- Ефикасно управување со природни ресурси и инфраструктура и
- Зачувување на традиционални вредности.

Цели на потстратегијата за рурален развој

Специфични цели

- Да се анимира територијата и локалната работна сила (локални оператори / субјекти);
- Да се оддржи локално претприемништво;
- Да се подобри менаџментот и комерцијалните капацитети на локалните фирми;
- Да се зголеми вработувањето;
- Да се заштитат природните и културните ресурси низ призмата на интегрираниот развој на територијата;
- Да се подобрат услугите за руралната популација за да се подобри квалитетот

Социјални цели

- Да се промовираат иницијативи;
- Да се создадат (ресоздадат) врски;
- Да се мобилизираат човечките и финансиските ресурси;
- Да се преразгледат и надминат традиционалните шеми.

Производствени цели

- Да се создадат нови субјекти и основни услови за рурален развој;
- Да се модернизираат структурите;
- Да се подобрат условите за производство.

    - Туристички акционен план на општина Гевгелија и општина Валандово

Развојот на туризмот ќе биде остварен со креирање на линкови помеѓу сите стопански и нестопански сектори (производен, трговски, културен, невладин, образовните институции и верски установи) се со цел, поддршка на јавните и приватните иницијативи за креирање на конкурентни низи од активности кои што се перспективни на подолг рок, поради остварување на економските и социјалните придобивки во регионот.

Стратешки цели:

1. Збогатување на туристичката понуда на регионот (настани, активности и туристички услуги)
2. Да се подобри туристичката инфраструктура;
3. Да се зголеми туристичкиот маркетинг и промоција;
4. Развивање на човечки ресурси во правец на унапредување на туризмот
5. Да се зголеми развојот и инвестициите во туризмот.

- Генерален урбанистички план на град Гевгелија за плански период од 2006 до 2016 година.

Просторната организација на градот подразбира дефинирање на одделни урбани содржини и инфраструктурни системи во рамките на комплексниот социоекономски и просторен систем на градот. Преку усвоените модели во чии рамки ќе се одвива развојот на најважните градски функции се предвидува подобрување на стандардот на домување, просторно дооформување на стопанските зони и нивно инфраструктурно екипирање, просторна дисперзија на нестоипанските дејности и функции на општествената надградба, оптимализирање на услови за одмор, рекреација и спортување, екипирање на градот со комунални инфраструктурни системи, прилагодување на сообраќајниот систем, заштита на културно-историското и градителско наследство на градот и примена на системот за у



- Програма за изработка на урбанистички планови за 2011 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 19/10 год.)

В) Лица вклучени во изработка на Програмата
1.Станка Карајанова - Раководител на Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина
2.Панче Ќиров, советник за планирање на просорот
3.Лидија Картова, советник - овластен урбанистички инспектор
4.Благица Митрова, советник за уредување на градежно земјиште, патишта и улици
5.Тони Николов, помлад соработник за изработка на проекти

## Глави на програмата:

1. Цели на Програмата

- Општи цели на Програмата
  Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој

- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети
  Заинтересираните граѓани на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработувања на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)

- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање на тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели.

- Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план.

  А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање
  Табела со следните информации:
  -број на градежна парцела
  -вкупна површина на градежна парцела
  -намена на земјиштето (основна класа)
  -намена на земјиштето (опис)
  -броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела
  -површина за градба
  -бруто развиена површина
  -процент на изграденост
  -коефициент на искористеност на земјиштето
  -максимална дозволена висина
  -катност
  -почетна/утврдена цена по метар квадратен, и

б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање

Табела со следните информации:

-број на градежна парцела
-вкупна површина на градежна парцела
-намена на земјиштето (основна класа)
-намена на земјиштето (опис)
-броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела
-површина за градба
-бруто развиена површина
-процент на изграденост
-коефициент на искористеност на земјиштето
-максимална дозволена висина
-катност
-почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина
-вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина, и
-времетраење на закупот.

в. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно надавање

Табела со следните информации:

-број на градежна парцела
-вкупна површина на градежна парцела
-намена на земјиштето (основна класа)
-намена на земјиштето (опис)
-броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела
-површина за градба
-бруто развиена површина
-процент на изграденост
-коефициент на искористеност на земјиштето
-максимална дозволена висина
-катност
-почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина
-вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина, и
-времетраење на закупот.

г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство

Табела со следните информации:

-број на градежна парцела
-вкупна површина на градежна парцела
-намена на земјиштето (основна класа)
-намена на земјиштето (опис)
-броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела
-површина за градба
-бруто развиена површина
-процент на изграденост



-катност

-основ за давање на земјиштето на користење (концесија или ЈПП)
-заинтересирано правно лице (компанија),
-предвидени услови за договорот.
(Табелите ќе се изработат по изработка на Геодетски елаборати).

3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

- Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
- Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна група на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни. Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

4.Динамика на реализација на Програмата

- Број на турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на Програмата да се објават во два турнуси, и тоа во третиот и во четвртиот квартал од 2011 година.

Во третиот квартал да се објават сите градежни парцели предмет на Програмата, а во четвртиот квартал да се објават градежните парцели од Програмата кои нема да бидат отуѓени во третиот квартал.

- Пропишување на условите за надавање

Постапката за отуѓување се спроведува согласно Законот за градежно земјиште со електронско наддавање на интернет страницата www.gevgelija.gov.mk со претходно дадена објава од страна на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање во:

- два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата, и
- "Службен весник на РМ"

Висината на депозитот за учество во јавното наддавање изнесува 10% од вкупната почетна цена за јавно наддавање.

На денот на јавното наддавање учесниците се легитимираат со лични исправи /лична карта или патна исправа/ и уредно полномошно за полномошниците.

Јавното наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник а јавното наддавање ќе биде успешно доколку има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена за отуѓување на градежното земјиште.

Наддавањето се врши „чекорно„ со зголемување на вредноста со секој ,,чекор,, не помалку од 50,00 ден. по м2.

Рокот за поднесување на пријавата за учество во јавното наддавање е 30 календарски дена сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријава за земјиштето.

Депозитот за учество на јавно наддавање се враќа на подносителот на пријавата за учество на јавното наддавање во целост, во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање.

Депозитот за учество на јавно наддавање на најповолниот понудувач му се враќа намален за 10% одреден за трошоци на постапката во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање за отуѓување на градежното земјиште, односно за едногодишна закупнина.

- Лица надлежни за реализација на Програмата

Лицата кои ќе ги спроведуваат постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост Република Македонија, кои задолжително треба да поседуваат овластување, се следните:

1.Станка Карајанова - Раководител на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина
2.Панче Ќиров, советник за планирање на просорот
3.Лидија Картова, советник - овластен урбанистички инспектор
4.Благица Митрова, советник за уредување на градежно земјиште, патишта и улици
5.Благој Ристов, виш соработник за јавни набавки

5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони во тоа населено место или локалитет.

- Гевгелија, 9-та У.Е. ,,Караорман,, 2.937.855 ден.
- Гевгелија, централно подрачје 10.488.000 ден.
- Гевгелија (Пазар) 0 ден.
- Гевгелија, дел од УБ 5 922.500 ден.
- Негорци, ,,Блокотехна ,, 1.549.800 ден.
- Богородица ,,Милци,, 19.680.000 ден.

- Богородица, граничен премин 29.289.600 ден.
- Богородица, спортски терени 391.999.770 ден.

Вкупно приходи: 456.867.525 ден.

6. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

-трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште 45.686.752 ден.

-трошоци по основ на експропријација 82.800.000 ден.

-трошоци по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица 0 ден.

-трошоци за промовирање односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште 60.000 ден.

Се вкупно: 128.546.752 ден.

7. Преодни и завршни одредби

- Програмата ја усвојува Советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на јавувањето во ,,Службениот гласник на општината,,.

Бр.07-1724/1<br>30.06.2011 год.<br>Гевглија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09 и 97/10 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**За давање согласност на Финансиски извештај за периодот 01.01.2011-31.03.2011 година при ЈПКД"Комуналец" Гевгелија**

1.Се дава согласност на Финансиски извештај за периодот 01.01.2011-31.03.2011 година при ЈПКД "Комуналец" Гевгелија, усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со одлука бр.02-568/2 од 28.04.2011 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1726/1 Претседател
30.06.2011 год. на Советот на општина Гевглија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3422/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Годишната програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното надследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2012 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-Годишната програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното надследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2012 година со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седница.

2.По Нацрт-Годишната програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното надследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2012 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3420/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Програмата за туристички развој и туристичко претставување на општина Гевгелија во 2012 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за туристички развој и туристичко претставување на општина Гевгелија во 2012 година.

2.По Нацрт-Програмата за туристички развој и туристичко претставување на општина Гевгелија во 2012 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3424/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2012 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2012 година со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

2.По Нацрт-Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2012 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3415/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата за 2012 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата за 2012 година со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

2.По Нацрт-Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата за 2012 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3416/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) за 2012 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) за 2012 година со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седница.

2.По Нацрт-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) за 2012 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07- 3423/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Програмата за подршка на НВО секторот во 2012 година за организирани активности, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за подршка на НВО секторот во 2012 година за организирани активности со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата. .

2.По Нацрт-Програмата за подршка на НВО секторот во 2012 година за организирани активности ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3426/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011година, по расправата по Нацрт-Програмата за поддршка на Месните заедници во организирање на културни активности во 2012 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за поддршка на Месните заедници во организирање на културни активности во 2012 година со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата. .

2.По Нацрт-Програмата за подршка на Месните заедници во организирање на културни активности во 2012 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3427/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011година, по расправата по Нацрт-Програмата за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во општина Гевгелија за 2012 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во општина Гевгелија за 2012 година со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седница.

2.По Нацрт-Програмата за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во општина Гевгелија за 2012 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3425/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Финансовиот план на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија за 2012 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Финансовиот план на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија за 2012 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3428/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина евгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Финансов план на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија за 2012, година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Финансов план на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија за 2012 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3429/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Финансовиот план на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци за 2012 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-Финансовиот план на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци за 2012 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3430/1
6.12.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Финансовиот план на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци за 2012 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-Финансовиот план на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци за 2012 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3431/1
6.12.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Финансовиот план на Општинското основно музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија за 2012 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-Финансовиот план на Општинското основно музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија за 2012 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3432/1
6.12.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Финансовиот план на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2012 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Финансовиот план на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за2012 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3433/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Финансовиот план на ЈОУ Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за 2012 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Финансовиот план на ЈОУ Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за 2012 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3434/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Финансовиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2012 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Финансовиот план на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2012 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3435/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на

седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Финансов план на ЈОУ Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2012 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдјува Нацрт-финансов план на ЈОУ Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2012 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3436/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет"Кирил и Методија" Гевгелија за 2012 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-финансов план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2012 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3437/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Одлуката за усвојување и финансирање на Предлог-Буџетот на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2012 година, со предлог-буџет, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-Одлуката за усвојување и финансирање на Предлог-Буџетот на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2012 година со предлог-буџет.

2.По Нацрт-Одлуката за усвојување и финансирање на Предлог-Буџетот на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2012 година ке се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3439/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Одлуката за усвојување на Програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2012 година,со предлог-програма , го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Одлуката за усвојување на Програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2012 година, со предлог-програма.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3440/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Одлуката за усвојување и финансирање на Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии за 2012 година, со предлог-програма, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Одлуката за усвојување и финансирање на Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии за 2012 година.

2.По Нацрт-Одлуката за усвојување и финансирање на Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичката технологија за 2012 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3438/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Локалниот оперативен план за родова рамноправност на општина Гевгелија за 2012 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Локалниот оперативен план за родова рамноправност на општина Гевгелија за 2012 година, со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

2.По Нацрт-Локалниот оперативен план за родова рамноправност на општина Гевгелија за 2012 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3438/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Програмата за социјална заштита за потребите на граѓаните на општина Гевгелија за 2012 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт- Програмата за социјална заштита за потребите на граѓаните на општина Гевгелија за 2012 година, со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

2.По Нацрт- Програмата за социјална заштита за потребите на граѓаните на општина Гевгелија за 2012 година,ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3441/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 6.12.2011 година, по расправата по Нацрт-Финансовите планови на Општинските основни училишта за 2012 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Во Финансиските планови на општинските основни училишта се констатира дека се предвидуваат многу средства за водовод и канализација.

Во плановите, средствата за оваа намена, треба да се планираат посебно за потрошена вода од објектите и посебно за потрошена вода за поленање на дворните и зелените површини, за да може да се согледа од што е зголемата потрошувачка на вода, што се констатира и неколку години наназад.

2.Се препорачува на Општинските основни училишта заради намалување на потрошувачката на вода за полевање на зелените површини да пристапат на полевање со распрскувачи, со систем кап по кап или да користат технолошка вода, ако за тоа има можности.

3.Овој заклучок да се достави до Општинските основни училишта.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3428/2 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), а во врска со член 125 од Деловникот на Советот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.5/07,21/07 и 3/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 6.12.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање Комисија за изработка на Предлог-Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2012 година**

1.Се формира Комисија за изработка на Предлог-Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2012 година од пет члена.

Во Комисијата се избираат:

За претседател:

-Даница Каркалашева, член на Советот на општината

За членови:

-Петар Апостолов, член на Советот на општината

-Сашо Поцков, член на Советот на општината

-Александар Тодов, претседател на Советот на општината

-Виктор Гавровски, член на Советот на општината

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3445/1 Претседател
6.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 6.12.2011 година го донесе следниот

**ПРАВИЛНИК**
**за јавност во работата на општина Гевгелија**

**Член 1**

Овој Правилник се донесува заради воспоставување на стандарди за јавност во работата на општината, како основа за транспарентно, квалитетно и организирано спроведување на надлежностите на општината, добивање на повратно мислење од граѓаните и подигнување на нивото на одговорност и отчетност на локалната самоуправа пред граѓаните.

**Член 2**

Со овој Правилник се регулира протокот на информации во рамките на општината (внатрешно информирање), протокот на информации од општината кон јавноста (надворешно информирање), како и правата и обврските на органите на општината и општинската администрација во остварување на јавност во работата.

Активностите за овозможување на внатрешното и надворешното информирање, како и јавноста во работата на општината се дефинираат во Планот за јавност во работата на општината, кој го усвојува нејзиниот Совет.

**Член 3**

Толкувања на одредени изрази од овој Правилник:

- *информации од јавен карактер* се сите информации со кои располага општината, освен оние кои со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се предвидени како исклучоци од правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
- *проток на информации* е непречена и навремена размена на информации од јавен карактер во рамките на општината (помеѓу органите на општината, помеѓу организационите облици на општинската администрација, како и помеѓу раководните лица и вработените во општината)
- *јавност во работата* е непречено, навремено и точно информирање на граѓаните, државните и јавните институции, медиумите, стопанските субјекти и невладините организации за работата на општината, како и овозможување на непречен пристап до информациите од јавен карактер со кои таа располага.

**Стручна координација на работата на општината (колегиуми)**

**Член 4**

Заради стручна и работна координација на работата на органите на општината и општинската администрација а во врска со остварување на надлежностите на локалната самоуправа, се организираат колегиуми од два вида:

- колегиум кај Градоначалникот и
- колегиуми на ниво на секторите (одделенијата).

Колегиумите се одржуваат редовно, зависно од потребите за координација на работата на општината, најмалку два пати во текот на месецот.

**Член 5**

Колегиумите имаат консултативен и координативен карактер и служат како помош на органите на општината и општинската администрација во донесувањето на одлуки, заземањето на ставови по прашањата од надлежност на општината , како и координација на работата на општината.

На колегиумите кај Градоначалникот задолжително учествуваат сите раководители на одделенија, кои се сметаат за членови на колегиумот.

На колегиумите можат да учествуваат и раководителите на јавните претпријатија и други јавни служби основани од општината, кога се разгледуваат прашања од нивна надлежност или кога прашањата се поврзани со нивниот предмет на работа. Покрај нив, на колегиумот можат да бидат поканети и други вработени во општината, како и надворешни стручни лица, кои се сметаат за учесници на колегиумот.

**Член 6**

Работата на колегиумот се одвива според однапред утврден дневен ред, доставен до сите членови и учесници на колегиумот, најдоцна еден работен ден пред неговото одржување.

Дневниот ред на колегиумот кај Градоначалникот го одредува Градоначалникот или од него овластено лице а дневниот ред на колегиумите на ниво на сектори (оддленија) го одредува раководителот на секторот (одделението) или од него овластено лице.

Дневниот ред се одредува врз основа на предлози од сите членови на соодветниот колегиум, кои имаат право и обврска да предлагаат прашања за кои ќе се разговара на колегиумот.

**Член 7**

Предлозите на прашања кои треба да се разгледаат на колегиумот задолжително треба да ги земаат во вид и предлозите од вработените во администрацијата и се доставуваат до лицето надлежно за составување на дневниот ред најдоцна два работни дена пред одржувањето на колегиумот.

**Член 8**

Колегиумот го води Градоначалникот или од него овластено лице (за колегиумите на Градоначалникот), или раководителот на одделението или од него овластено лице (за колегиумите на ниво на одделение).

Колегиумите се водат на ефикасен начин, кој овозможува рационално користење на времето и ги зема во вид работните обврски на членовите на колегиумот, согласно Деловник за работа на колегиумот кој го пропишува и донесува Градоначалникот.

**Член 9**

Дискусиите на колегиумот се водат рационално, фокусирани на темата за која се разговара и, по правило, треба да резултираат со конкретен предлог во однос на прашањето за кое се разговара. Ставовите кои се изнесуваат на колегиумот, покрај тоа што претставуваат лично мислење на членот на колегиумот, треба да ги земат во вид и информациите и ставовите добиени од вработените во администрацијата.

Дискусиите на колегиумите завршуваат со заклучоци и ставови на колегиумот по прашањата за кои се разговара, врз основа на кои се изработуваат насоки за работа за администрацијата на општината, како и информации кои ќе се дистрибуираат до јавноста.

**Член 10**

Од колегиумот се оформува записник, кој го составува записничар одреден од лицето кое го води колегиумот.

Записникот задолжително ги содржи следните податоци: време и место на одржување на колегиумот, присутни членови и учесници на колегиумот, дневниот ред, прашањата за кои се разговарало, заклучоците кои од произлегле од него, како и насоките за работа на администрацијата на општината.

**Член 11**

Извадоци од записниците, особено ставовите на колегиумот и насоките за работа на администрацијата на општината, се доставуваат до соодветните одделенија, на начин кој овозможува секој вработен во администрацијата да биде запознат со нив.

По проценка на колегиумот, извадоците од записниците, ставовите на колегиумот и насоките за работа на администрацијата, можат да се достават и до членовите на Советот на општината, како и до урбаните и месните заедници на територијата на општината.

**Член 12**

Записникот претставува официјален документ на општината, се заведува во нејзината архива и е јавен документ, освен деловите кои содржат информации кои со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се пропишани како исклучок од правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Право на пристап до записникот од Колегиумот може да се оствари врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и во процедура пропишана со него.

**Информирање на јавноста**

**Член 13**

Градоначалникот, Советот на општината, како и нејзината администрација, во својата работа се должни да овозможат активна и постојана транспарентност, односно да ги направат достапни за јавноста информациите од јавен карактер и во случаите кога тоа од нив не е изрично побарано.

**Член 14**

Под информации од интерес за јавноста се сметаат информациите од јавен карактер поврзани со надлежностите на локалната самоуправа а особено оние поврзани со:

- Донесувањето на буџетот на општината, неговите измени и дополнувања, ребаланс, годишната сметка, утврдувањето на висината на сопствените извори на приходи за финансирање, како и усвојувањето на извештаите за извршување на буџетот.

- Именувањето на членови во управните одбори на јавните служби основани од општината, усвојувањето на нивните програми за работа, финансиски планови, извештаи за работата и годишните сметки.

- Давањето дозволи за вршење дејност од јавен интерес од локално значење.

- Одлучувањето за начинот на располагање со сопственоста на општината;

- Јавните набавки на општината.

- Урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште.

- Заштитата на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето и заштита од бучавата.

- Локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика.

- Комуналните дејности - снабдувањето со вода за пиење; одведувањето и пречистувањето на отпадните води; јавното осветлување; одржувањето на јавна чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредувањето и организирањето на јавниот локален линиски превоз на патници; изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти.

- Културата - институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; организирањето културни манифестации.

- Спортот и рекреацијата - организирањето на спортски приредби и манифестации; одржувањето и изградбата на објекти за спорт; поддршка на спортски сојузи.

- Социјалната заштита и заштита на децата - финансирање, инвестиции и одржување на детски градинки и домови за стари лица.

- Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови.

- Здравствената заштита - здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; помош на пациенти со специјални потреби.
-

**Член 15**

Во текот на својата работа, раководните лица и вработените во општинската администрација, имаат право и обврска да препознаваат и селектираат информации кои се од интерес за јавноста и навремено и преку своите претпоставени да ги проследат до надлежното лице за односи со јавноста.

**Член 16**

Надлежното лице за односи со јавноста, во координација со Градоначалникот или од него определено лице, врши избор од добиените информации од интерес за јавноста, ги изготвува во форма во која ќе се пренесат на јавноста, одлучува на кој начин граѓаните ќе бидат запознати со нив и се грижи тие навреме да бидат пренесени преку формите за информирање на јавноста.

**Член 17**

Под форми за информирање на јавноста во основа се подразбираат:

- интернет страницата на општината
- соопштенија за медиумите
- изјави за медиумите
- прес конференции
- печатен билтен на општината
- електронски билтен на општината
- периодичен извештај за работата на општината
- информативни табли на општината
- информативни летоци

средби со граѓаните

- пренесување на информации преку урбаните и месните заедници.

Општината може да осмисли и користи и други форми за информирање на јавноста, прилагодени на спецификите на општината, како и на ресурсите со кои располага.

**Член 18**

Критериумите за согледување и препознавање на информациите од интерес за јавноста, изборот на информации со јавноста ќе биде запозната, изборот на формите за информирање на јавноста, како и процедурата со временски рокови за доставување на информациите од интерес за јавноста до лицето надлежно за односи со јавноста, ги определува Градоначалникот.

**Член 19**

Формите за информирање на јавноста треба да се соодветни на капацитетот и спецификите на општината, на количината информации со кои јавноста треба да се запознае а резултатите од примената на формите за информирање задолжително треба да бидат пропорционални на ресурсите вложени во нив.

**Јавност во работата на Советот на општината**

**Член 20**

Работата на Советот на општината и неговите работни тела е јавна, освен во случаите предвидени со закон или статутотот на општината кои предвидуваат исклучување на јавноста. Причините заради кои се исклучува јавноста од работата на Советот на општината се јавни.

**Член 21**

Јавноста се известува за одржувањето на седницата на Советот истовремено со членовите на Советот, преку формите за информирање на јавноста а задолжително преку огласните табли и интернет страницата на општината, како и со соопштение за медиумите.

Известувањето за одржување на седницата на Советот задолжително мора да ги содржи времето и местото на одржување на седницата и дневниот ред за негова работа.

**Член 22**

Материјалите кои ги добиваат советниците за работа на седницата на Советот се јавни и се објавуваат на интернет страницата на општината.

**Член 23**

Општината е должна да овозможи услови за присуство на граѓаните на седницата на Советот, што се регулира со дополнување на Деловникот за работа на Советот, кога на дневен ред се наоѓаат конкретни прашања од посебен интерес за поединец или група на граѓани.

**Член 24**

Следењето на седниците на Советот на општината и неговите работни тела може да се овозможи и преку:

- пренесување во живо на текот на седницата на Советот и неговите работни тела преку ТВ и радио станици, како и преку интернет

- емитување на снимки од текот на седницата на Советот и неговите работни тела преку ТВ и радио станици
- поставување на снимка од текот на седницата на Советот и неговите работни тела на интернет страницата на општината.
-

**Член 25**

Јавноста во работата на Советот и неговите работни тела се овозможува и преку пристапот до записниците од нивните јавни седници, кои треба да ги содржат времето и местото на одржување на седницата, присутните и отсутни советници, дневниот ред, одлуките кои се донесени, прашањата кои се разгледувале а не се донесени одлуки за нив, како и резултатите од гласањето за секоја од донесените и недонесените одлуки.

**Член 26**

Записникот станува достапен за јавноста најдоцна еден ден по неговото усвојување а во истиот рок се доставува до членовите на Советот на општината, соодветните сектори и одделенија, на начин на кој секој од вработените во администрацијата може да биде запознат со нив, како и до урбаните и месните заедници на територијата на општината.

**Надзор над јавноста на работата на единиците на локалната самоуправа**

**Член 27**

Заради следење на состојбата во спроведувањето на овој Правилник и Планот за јавност во работата на општината, Советот на општината формира посебно тело - Локален форум за јавност во работата, составено од претставници на здруженија на граѓани, стопанските субјекти и медиуми, како и од претставници на општината.

**Член 28**

Составот на Локалниот форум за јавност во работата, неговите надлежности, процедури и критериуми за работа ги определува Советот на општината, согласно неговите специфики и ресурсите со кои располага.

**Член 30**

Конкретните активности на Локалниот форум за јавност во работата се составен дел од Планот за јавност во работата на општината.

**Член 31**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Гевгелија.

Бр.07-3443/1
6.12.2011 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 6.12.2011 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за комуникација за 2012 година во општина Гевгелија**

## ВОВЕД

Општина Гевгелија, во своето работење, настојува да развие двострана комуникација меѓу општинската администрација и Градоначалникот, од една страна, и граѓаните и сите идентификувани групи од интерес на општината, од друга страна.

За да може да се остварува редовно и навремено информирање на граѓаните и сите идентификувани одделни групи од интерес на општината за работата и за резултатите од работата на општината, и за да се изгради еден позитивен имиџ на општина Гевгелија и нејзиниот транспарентен однос кон граѓаните и јавното мислење, предвидена е оваа – Годишна програма за комуникација за 2012 година.

Основната функција на оваа програма е на системски, плански и динамичен начин да ги определи начините на пренесување на информациите за работата на единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа. Програмата опфаќа и форми за унапредување на внатрешната комуникација во општината во насока на поефективно организирање на извршувањерто на секојдневните активности на вработените, како и поед-ноставен проток на информациите од општината кон надворешната јавност.

Оваа програма ќе послужи и како рамка за определување на основните елементи што ќе бидат потребни за изработка на подолгорочна стратегија за комуникација со јавнста.

Програмата ги дефинира општата и специфичните цели на комуникацијата, ги идентификува целните групи, ги планира активностите и ги определува алатките со кои ќе се спроведат тие активности. Програмата опфаќа и начини и инструменти за следење и оценување на нејзниното спроведување, како и мерки за постојано ажурирање и подобрување.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНИКАЦИЈА

**Општа цел:**

Одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница

**Специфични цели:**

- Зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на општината
- Поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки во насока на градење имиџ на отворена општина
- Обезбедување комуникација и распространување на информациите по мера на посебните целни групи
- Подобрување на системот на внатрешна комуникација и информираност, со која ќе се постигне задоволството при секојдневната работа на општинската администрација и ќе се зголеми чувството на лојалност на секој вработен и на неговата ‘ важност’ во донесувањето на секојдневните одлуки.

## ПРИНЦИПИ НА КОМУНИКАЦИЈА

Во процесот на спроведување на Програмата за комуникација, Општина Гевгелија ќе се придржува кон следниве принципи на комуникација:

- Процесот на комуникација да биде јасен и разбирлив
- Комуникацијата да биде навремена
- Комуникацијата да биде отворена, чесна и искрена
- Информациите да бидат достапни до сите
- Комуникацијата да биде двонасочна меѓу општината и сите целни групи.

Во процесот на комуникација, општина Гевгелија истапува со слоганот- Општина Гевгелија е сервис на граѓаните, затоа да управуваме со општината заедно.

**ЦЕЛНИ ГРУПИ**

**- Граѓаните на општина Гевгелија**

Општината редовно ќе ги информира граѓаните за своите активности со цел: да ја зголемува транспарентноста на својата работа,и да ги поттикне граѓаните за поголема вклученост во нејзината работа во сегментите каде тоа се очекува од нив (пр. за учество во процесите за донесување одлуки).

**- Урбани и месни заедници**

Да го поттикне партнерскиот однос за остварување на заеднички интереси

**- Медиуми** (локални и национални)

Општината ќе се залага за активна транпарентност преку медиумите , со тоа што постојано ќе пласира информации од секојдневните активности и случувања во општина Гевгелија, со цел граѓаните од општината и од Република Македонија да имаат постојан прилив за новостите во неа.

**- Бизнис сектор**

Општината ќе одржува постојан контакт и ќе го информира бизнис-секторот за своите активности и програми со цел да иницира активна поддршка, партиципација и заеднички проекти за локален економски развој. Во овие контакти општината настапува со мотото-Општина Гевгелија е доверлив партнер кој работи на креирање на поволна бизнис клима. Бидете и Вие наш партнер.

**- Невработени**

Ќе се одржуваат постојани средби со невработените, како и со Подрачната единица на Агенцијата за вработување на Република Македонија за да се најдат привремени или трајни решенија за решавање на проблемот на невработеноста.

**- НВО сектор**

Општината ќе ги комуницира и информира невладините огранизации за своите активности и програми со цел да иницира активна поддршка, партиципација и заеднички проекти од интерес за развојот на општината.

**- Општинска администрација**

Општината ќе ги унапредува формите на внатрешна комуникација меѓу вработените за засилувањето на нивната улога во застапување и прокламирање на интересите на општината.

**- Потенцијални инвеститори**

Општината редовно ќе ги информира потенцијалните инвеститори за своите активности, проекти и потреби со цел да привлече капитал за реализицијата на проекти и да придонесе за локален еконосмки развој.

**- Донатори**

Општината редовно ќе ги информира меѓународните организации и донатори за своите активности, проекти и потреби со цел да стимулира поддршка за следни активности и потреби.

**- Маргинализирани групи**

Општината преку ралични форми ќе одржува комуникација со ранливите категории граѓани како што се децата со посебни потреби, Ромите и други социјални групи за подобрување на нивниот статус, услови за живеење и остварување на основните човекови права.

**-Земјоделци**

Иако единиците на локалната самоуправа немаат директна надлежност во земјоделието, Општина Гевгелија ќе наоѓа начини за одржување комуникација и стимулирарање на земјоделското прозиводство.

**-Студенти**

Студентите како носители на идниот развој на општината, ќе бидат вклучени во отворениот ден на општината, а комуникацијата со нив ќе се одржува и преку различни форми за стимулирање во учењето.

**- Туристички организации**

Туризмот како еден од правците за развој на Општина Гевгелија налага потреба за редовна комуникација со турстичките субјекти. Печатење пропагандни материјали, промовирање туристичка веб страна , вклучување на традиционалните манифестации во туристичката понуди на локално и национално ниво, како и создавање на општинска асоцијација на туристички работници, ќе бидат во фокусот на интересирањето.

## АЛАТКИ И НАЧИНИ НА КОМУНИКАЦИЈА

Општина Гевгелија ќе ги користи следните алатки и начини за комуникација:

**- Месечен весник**

„Гевгелиски Магазин“, излегува еднаш во месецот, со осврт на настаните и актуелните теми организирани од Општината. Исто така обработува содржини што се од интерес на пошироката јавност.

**- Е-билтен**

Се подготвува секојдневно. Главен акцент се става на дневните настани и на актуелните случувања. Опфаќа теми од локалната самоуправа, од работата на јавните општински установи, од соработката со невладниот и бизнис-секторот и најави на значајни културни и спортски настани

**- WEB страница**

-Редовно се ажурира, со можност за интерактивна коминикација со граѓаните по проблемски прашања, но и за испитување на јавното мислење.

**- Прес конференции**

Се организираат по потреба, кога градоначалникот, лицето одговорно за комуникација со јавноста на Општината или раководителите на секторите имаат да соопштат нешто важно. Понекогаш прес-конференции се свикуваат и се организираат пред традиционалните манифестации ,според културниот календар на Општината, и кога се прави периодичен пресек на сработеното.

**- Изјави за медиумите**

Една од најчесто користените алатки за комуникација со граѓаните преку медиумите. Изјавите се даваат кога општината има активности од различни области и по барање на медиумите, кога обработуваат теми од локалната самоуправа.

**- Соопштенија за јавноста**

Се употребува кога се пренесува кратка писмена информација со различна содржина ( демант, повик, честитка... )

**- Интервјуа**

Тие спаѓаат во често употребуваните алатки, кои се користат периодично – (најчесто еднаш месечно), тематски кога се прави сублимат на одредена материја. Интервјуа прават и локалните и националните медиуми.

**- Посети на новинари**

-Кога се започнува или завршува некој капитален проект, Општината и Градоначалникот практикуваат организирање посета на новинари. Со обезбеден превоз се посетува локацијата и се информира за суштината на проектот/активноста.

**- Брифинзи за новинарите**

Ова е поретко користена алатка за комуникација, што отвора простор за нејзино поголемо практикување, поради можноста да се даваат насоки за теми интересни за јавноста.

**- Огласи (рекламни спотови)**

Ова е платен дел на локалните медиуми, во кој се емитуваат огласи поврзани со јавните набавки, лицитации на земјиште и сл.

**- Снимка од седница**

Седниците на Советот се снимаат и имаат две-три емитувања на локална телевизија (со која е склучен договор). Ова помага за поголема транспарентност во работата на Советот и подобро информирање на граѓаните за неговата работа.

**- Публикации**

Се изработуваат по одредени тематски содржини кои помагаат во профилирањето и промовирањето на општината во пошироката јавност. Публикациите како печатен материјал претставуваат траен документ сработен за манифестации и активности организирани од Општината.

**- Флаери/брошури**

-Се изработуваат по потреба: тематски, за промовирање на Општината за туристички, културни, стопански и др. Цели. Исто така се изработуваат за потребите на медиумски кампањи сврзани со одредени акции ( пр. За поголема наплата на општинските даноци, за Системот 48, за легализација на дивоградбите, за евиденција на дивоградби и сл.)

**-Настани**

Се организираат за комуникација со специфични целни групи (пензионери, невладини организации, невработени, деца со посебни потреби, бизнис-сектор и др.). Притоа се пренесуваат ставови на општината и градоначалникот и се прибираат мислења од специфичните целни групи.

-**Огласна табла**

На огласната табла се објавуваат направените интервенции во урбанистички планови, преземени соопштенија од министерсвата и владата кои се однесуваат за територијата на Општина Гевгелија, како и интерни соопштенија за вработените од општинската администрација.



**о**

Посебна грижа во рамките на програмата за комуникација ќе се посвети на унапредувањето на имиџот и идентитетот на општина Гевгелија и тоа како пред локалната, така и пред пошироката јавност.

За оваа цел ќе се користат следниве средства и начини:

- засилено користење на симболите на општината како средства за идентификација

- настојување, секогаш кога е можно, за време на јавните настапи на претставници на општината да се гледаат и симболите на општината

- изработка на општински знамиња, како големи, така и за на маса

**АКТИВНОСТИ**

1.Редовно и навремено информирање на граѓаните за работењето на општината
2.Поттикнување на граѓаните за учество во крирањето на буџетот
3. Одржување на пилот проектот - „Ден на отворена општина“
4. Поттикнување на поголема вклученост на граѓаните во донесување на стратешки документи
5. Поттикнување на поголемо учество на граѓаните на манифестациите од заеднички интерес
6. Подигање на свеста и информирање на граѓаните за даночните обврски кон општината
7. Одржување информативни средби со посебни целни групи
8. Информирање на граѓаните за законската регулатива за градење во насока на спречување на нелегална градба
9. Подигање на капацитетот за комуницирање
10. Редовно информирање на внатрешната јавност за случувањата во општината

## КРИЗНА КОМУНИКАЦИЈА

Кога редовната комуникација е оневозможена од какви и да е причини и се создаваат вонредни услови, настапува комуникација во услови на криза. Ваквата состојба ја проценува градоначалникот, кој во услови на кризна ситуација ја координира комуникацијата со јавноста.

## РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Ќе се искористат сите располжливи ресурси што и досега се користат.

Сепак, за одредени активности во насока на унапредување на досегашната комуникација беше потребно да се алоцираат и дополнителни ресурси чиј приказ е даден во продолжение:

| | Активност | Трошоци |
|---|---|---|
| 1 | Набавен е фотоапарат и камера | |
| 2 | Уреден е пулт за прес-конференции и изјави | |
| 3 | Изработени се банери за Град на култура и систем 48 | |
| 4. | Редизајнирана е веб-страницата на Општина Гевгелија | |
| **5.** | **Поставување на електронски банер** | |

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со лицето одговорно за односи со јавноста, а под раководство на градоначалникот на општината.

## МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И АЖУРИРАЊЕ

Остварувањето на програмата ќе се следи секојдневно, како што се спроведуваат планираните активности.

Оценувањето на спроведувањето ќе се прави редовно, најмалку еднаш месечно.

Ќе се спроведува квалитативно и квантитативно мерење на резултатите, според индикаторите од планот за спроведување на активностите.

По потреба, програмата ќе се ажурира, а во насока на подобрување на нејизното остварување.

Овие активности ќе ги спроведува лицето за односи со јавност.

## ПРИЛОЗИ СОСТАВЕН ДЕЛ НА ПРОГРАМАТА

- Временска рамка за спроведување на активностите
- План за спроведување на Програмата

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Гевгелија.

Бр.07-3444/1
6.12.2011 год.

Претседател
на Советот на општина Гевгелија, Гевгелија
***Александар Тодов с.р.***

# С О Д Р Ж И Н А

1.Заклучок за утврдување на Нацрт-Буџет на општина Гевгелија за 2012 година ........................................ 502

| | | 2 | | **Изградба на спортски објекти** | **1.400.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Изградба на спортски и детски игралишта во општина Гевгелија | |
| | | | 2.1.2 | Изградба на тениски терени | |
| | | | 2.1.3 | Изградба на Скејт парк | |
| | | 3 | | **Реконструкција на спортски објекти** | **1.200.000,00** |
| | | | 3.1.1 | Реконструкција на спортски и детски игралишта | |
| | | 4 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **100.000,00** |
| | | | 4.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| | | | | **ВКУПНО** | **158.350.000,00** |

**Рекапитулација на расходите:**

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **Е** | | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | **39.700.000,00** |
| | **ЕА** | Капитални трошоци на општината | 39.700.000,00 |
| **Ф** | | **УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ** | **50.000.000,00** |
| | **Ф2** | Уредување на градежно земјиште | 2.500.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ФА** | Уредување на градежно земјиште-Капитални трошоци | 47.500.000,00 |
| **J** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **65.650.000,00** |
| | **Ј7** | Одржување и користење на паркови и зеленило | 6.500.000,00 |
| | **Ј8** | Други комунални услуги | 3.200.000,00 |
| | **ЈА** | Изградба на јавно осветлување | 3.200.000,00 |
| | **ЈЕ** | Изградба на простор за паркирање | 1.000.000,00 |
| | **ЈГ** | Изградба на системи за водоснабдување | 18.800.000,00 |
| | **ЈИ** | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | 29.300.000,00 |
| | **ЈМ** | Изградба на паркови и зеленило-Капитални расходи | 1.100.000,00 |
| | **ЈН** | Урбана опрема-Капитални расходи | 2.550.000,00 |
| **Л** | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **3.000.000,00** |
| | **ЛА** | Спорт и рекреација-Капитални расходи | 3.000.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **158.350.000,00** |

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### VI.1. Уредување на градежното земјиште

Уредување на градежното земјиште е изградба на објекти на комуналната инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Планирање, проектирање и изведување на инфраструктурата со која се уредува градежното земјиште се врши според урбанистичките планови (Детални урбанистички планови, Урбанистички планови за село и Урбанистички планови вон населено место).

За уредување на градежното земјиште инвеститорот плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно.

Како целосно уредено градежно земјиште се смета градежното земјиште во општина Гевгелија на кое е изградена или се планира изградба на инфраструктура најмалку од основниот степен на уреденост на градежното земјиште.

Општина Гевгелија, за градежното земјиште во рамки на урбаните опфати на градот, населените места или вон населено место, односно за градежното земјиште за кое се донесени урбанистички планови има изградено или ќе изгради инфраструктурни објекти кои го сочинуваат најмалку основниот степен на уреденост на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува и ќе се наплатува од инвеститорите како за целосно уредено градежно земјиште, а целосното уредување на градежното земјиште општината ќе го изврши по исполнување на правните и техничките услови за тоа и обезбедување на материјални средства, односно по изготвување на проектната документација за инфраструктурните објекти, изготвување и реализација на геодетски елаборати за експропријација, како и наплата на поголем дел од средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште од делот односно Урбаниот блок кој е предмет на уредување, а по претходно планирање на инфраструктурните објекти со годишната програма за уредување на градежното земјиште.

За градежното земјиште за кое не се планира целосно уредување, односно градежното земјиште за кое во Програмата децидно е нагласено дека нема или само делумно ќе се уредува, надоместокот ќе се наплаќа како за понизок степен на уреденост, согласно процентуалнта вредност на инфраструктурните објекти кои го сочинуваат понискиот степен на уреденост.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште, односно во објектите на комуналната инфраструктура кои треба да ги изгради општината, не е земено предвид обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа, односно изградба на електрична мрежа, што треба да го обезбеди дистрибутерот на електрична енергија, и изведба на ПТТ мрежи што е обврска на операторите на телекомунакационите услуги, со што општината нема обврска да гради електрична и ПТТ мрежа. Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не се земени предвид и приклучните такси за инфраструктурните објекти (такса за приклучок на електричната мрежа и добивање на електроенергетска согласност, такси за приклучок на водоводната и канализационата мрежа и др.), кои се обврска на инвеститорите. Начинот, условите и висината на таксата, односно правата и обврските за приклучување на инфраструктурните објекти инвеститорите ги договараат со субјектите кои стопанисуваат со истите.

Инвеститорот може да го уреди градежното земјиште на свој трошок. Кога уредувањето на градежното земјиште се врши преку учество на приватен партнер истиот има право на враќање на вложеното на начин кој ќе го договори со општината, а особено преку уплатите на новите корисници на веќе поставените објекти.

Уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура како и партерно уредување во границите на градежната парцела го врши инвеститорот.

Кога заради уредување на градежното земјиште е потребно да се постави инфраструктурен објект на туѓо земјиште или друга недвижност, оштината воспоставува присилна комунална службеност заради поставување на објектот.

Одржувањето на објектите на инфрасруктурата на уредено градежно земјиште, го вршат субјектите кои стопанисуваат со истите.

Средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште се приход на општината кој се користи исклучиво наменски за уредување на градежното земјиште.

### VI.2. Степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост или планирана опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок или понизок од основниот степен на уреденост.

1. Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:
   - Непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови;
   - Подземна електрична мрежа;
   - Улично осветлување;
   - Водоводна мрежа;
   - Фекална канализација; и
   - Атмосферска канализација.

2. Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од основниот степен на уреденост и:
   - ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа;
   - Топлификациона мрежа;
   - Паркинг простори;
   - Гасоводна мрежа; и
   - Пречистителна станица за отпадни води.

3. Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:
   - Непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат;
   - Сопствено водоснабдување (нема водоводна мрежа);
   - Септичка јама (нема фекална канализација);

- Сопствен одвод на атмосферски води (нема атмосферска канализација);
- Нестандардно улично осветлување; и
- Надземна нестандардна електрична мрежа.

Трошоците за уредување на градежно земјиште, согласно кои се формира висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветниот степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура, во кои се засметани и трошоците за хидротехнички услови за приклучоци, односно согласно проектираните трошоци за целосно уредување на градежното земјиште, за деловите за кои се планира уредувањето.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основниот степен на уреденост ќе се зголеми за соодветен процент, доколку покрај објектите кои го сочинуваат основниот степен на уреденост постојат еден или повеќе други објекти од останатата инфраструктура кој претставува повисок степен на уреденост, и тоа за:

- ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа 15%
- Топлификациона мрежа 20%
- Паркинг простори 15%
- Гасоводна мрежа 20%
- Пречистителна станица за отпадни води 15%.

За делумно уредено градежно земјиште, односно за градежно земјиште за кое не се планира целосно уредување, или се планира само делумно уредување поради непостоење на технички услови за целосно уредување, надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се наплати за инфраструктурните објекти кои постојат или се планирани во делумното уредување и тоа како соодветен процент од висината на надоместокот:

- Непречен пристап до градежната парцела од јавен пат или пристап од некатегоризиран пат 45%
- Водоводна мрежа 10%
- Фекална канализација 15%
- Атмосферска канализација 10%
- Подземна електрична мрежа 15%
- Надземна нестандардна електрична мрежа или нестандардно улично осветлување 5%.

### VI.3. Начин на утврдување на корисната нето површина на објектите и Коефициенти врз основа на кои се пресметува надоместокот за уредување на градежно земјиште

Надоместокот за уредување на градежно земјиште, се пресметува врз основа на новата корисна (нето) површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините по метар квадратен на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножени со следните коефициенти:

| 1 | **СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ** | **Коефициенти** |
|---|---|---|
| - | Станбени простории | 1,0 |
| - | Станбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор | 0,2 |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,4 |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| - | Балкони, тераси | 0,2 |
| - | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 |
| - | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| 2 | **ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ** | |
| - | Простории | 1,0 |
| - | Магацини | 0,5 |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,4 |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| - | Балкони, тераси | 0,4 |
| - | Отворен наткриен простор | 0,3 |
| 3 | **ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | |
| - | Катни гаражи | 0,05 |
| - | Спортски покриени објекти | 0,5 |
| - | Спортски откриени објекти | 0,3 |
| - | Гасни станици и базни станици за 50% од површина на локацијата | 1,0 |
| - | Отворени пазаришта за 30% од површина на локацијата | 1,0 |
| - | Базени | 0,2 |
| - | Трафостаници над 35 Кв | 1,0 |
| 4 | **ЗА ОБЈЕКТИТЕ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ** | |
| - | Г1 – Тешка и загадувачка индустија | 0,05 |
| - | Г2 – Лесна и незагадувачка индустија | 0,05 |
| - | Г3 – Сервиси | 0,05 |
| - | Г4 – Стоваришта | 0,05 |
| 5 | **За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории)** | |
| - | Продажни простории на бензински пумпни станици | 1,0 |
| - | Услужни простории на бензински пумпни станици | 1,0 |
| 6 | **За објектите од група на класа на намени Б 5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класа на намени А 4-хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом** | |
| - | Сите простории | 0,05 |

Во новата корисна нето површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметува површината на:

- Инсталационите канали;
- Окната за лифтови;
- Окна за врати;
- Отворени паркиралишта;
- Подземни резервоари.

За сите објекти од табелата со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина.

За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина, согласно коефициентите од табелата и другите одредби од оваа точка.

Доколку на локацијата на која се гради, претходно постоел објект, а истиот е заведен во катастарот на недвижности (постои во Имотниот лист за предметната парцела), на инвеститорот ќе му се признае површината на објектот со платени комуналии, односно за површината на претходниот објект ќе се намали соодветна површина од новиот објект во сооднос 1м$^2$/1м$^2$, а а пренамена на објектите ќе се доплати разлика за површината која се пренаменува.

**VI.4. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура изнесува:

- **За градот Гевгелија**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште за градот Гевгелија, изнесува:

- Станбени објекти 1.500,00 ден./$м^2$
- Деловни, јавни и производни објекти 2.500,00 ден./$м^2$
- Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 6.200,00 ден./$м^2$

- **За Населени места Негорци, Миравци, Богородица, Мрзенци и Прдејци**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште за населените места Негорци, Миравци, Богородица, Мрзенци и Прдејци, изнесува:

- Станбени објекти 750,00 ден./$м^2$
- Деловни, јавни и производни објекти 1.250,00 ден./$м^2$,
- Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 6.200,00 ден./$м^2$

- **За останатите населени места**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште за населените места за кои нема донесено или е во постапка донесување на Урбанистички план, изнесува:

- Станбени објекти 375,00 ден./$м^2$
- Деловни, јавни и производни објекти 625,00 ден./$м^2$,
- Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 3.100,00 ден./$м^2$

- **Туристички локалитет Смрдлива Вода**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште за Туристичкиот локалитет Смрдлива Вода изнесува:

- Станбени објекти 1.500,00 ден./$м^2$
- Деловни, јавни и производни објекти 2.500,00 ден./$м^2$
- Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 6.200,00 ден./$м^2$

- **За изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои ќе се донесат Урбанистички планови вон населено место.**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште за изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места опфатени со Урбанистички планови вон населено место, изнесува:

- Деловни, јавни и производни објекти 5.000,00 ден./$м^2$
- Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) 6.200,00 ден./$м^2$

Одредбите од овој поднаслов се применуваат и на објекти предвидени со проектот (студијата) за просторна организација на придружни и услужни објекти и содржини на автопатот Е-75, Коридор 8, 10 и 10а, кои поминуваат низ подрачјето на општина Гевгелија.

**VI.5. Начин на плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

За надоместокот за уредување на градежното земјиште, неговата висина како и начинот на плаќање, општината и инвеститорот склучуваат Договор во кој се регулираат правата и обврските на договорните страни, а по претходно изготвена детална пресметка.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште инвеститорите (физички и правни лица) може да го платат во цел износ одеднаш, или може да го платат на рати, но исклучиво со целосно обезбедување на побарувањето (банкарска гаранција, депонирање на чекови или други начини за обезбедување на побарувањето).

Надоместокот на рати може да се плати на начин што 50% од износот се плаќа веднаш, а останатите 50% најмногу до 12 еднакви месечни рати, со целосно обезбедување на побарувањето (банкарска гаранција, депонирање на чекови или други начини за обезбедување на побарувањето).

Инвеститорите - правни лица, можат да вршат плаќање на рати само доколку износот на пресметаниот надоместок е повисок од 500.000,00 денари, со тоа што 50% од износот треба да го платат веднаш, а останатите 50% најмногу до 12 еднакви месечни рати, со задолжително обезбедување на плаќањето со Банкарска гаранција или друго средство за обезбедување.

Договорот се склучува во рок од 15 дена од доставување на барањето до Одделението за комунални работи и локални патишта.

Доколку инвеститорите не ги почитуваат договорените обврски ќе се преземаат мерки согласно Закон.“

**VII. ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ**

За реализација на инфраструктурни објекти од јавен интерес, општина Гевгелија, ќе поведува постапки за експропријација, пред надлежниот орган на управата.

Согласно Законот за експропријација, на сопствениците на недвижниот имот ќе им се надомести пазарната вредност на одземениот имот со давање на друга соодветна недвижност (доколку е можно,) или со надомест во пари.

Пазарната вредност на одземениот имот ќе се утврдува согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот (Службен весник на РМ бр.50/2005, 40/2010 и 46/2010), а согласно постапката за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија која ја користи Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија.

**VIII. ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршувањето на оваа Програма ќе зависи од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите извори на средства предвидени со оваа Програма.

**IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата ја извршува Градоначалникот на општина Гевгелија, по утврдените приоритети, односно редоследот на предвидените проекти во секоја потпрограма и точка од оваа Програма.

Измени и дополнувања на Програмата и прераспределба на средствата од една во друга позиција, се врши во иста постапка како и за донесување на нова Програма.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Гевгелија”, а ќе се применува од 01.01.2012 година.

Бр.07-3684/1<br>28.12.2011 година<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 и 6/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изработка на урбанистички планови**
**во општина Гевгелија за 2012 година**

**I.ОПШТИ ОДРЕДБИ**

1. Со оваа програма се утврдуваат планските документи, кои ќе се изработат за урбанистичко уредување на просторот во градот Гевгелија, населените места и на подрачјето вон населените места (ГУП, и ДУП за градот Гевгелија, УП за село и УП за подрачје вон населено место), во општина Гевгелија, изворите на средства за финансирање и други прашања поврзани со планските документи.

Со изработка на урбанистичките планови треба да се обезбеди рационално уредување и користење на просторот, услови за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет, одржлив развој, заштита на недвижно културното наследство и отварање на нови локации за:

-домување
-комерцијални објекти
-јавни дејности
-индустрија и мало стопанство
-спорт и рекреација и
-планска изградба на комунални објекти

Преку донесените урбанистички планови Општината ги реализира усвоените годишни програми за комунално уредување, за изградба на локални патишта и улици, водоводни мрежи, фекални и атмосферски канализациски мрежи, заштита на животната средина и др.

Потребата од изработка на урбанистичките планови исто така е иницирано и од Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина, врз основа на следењето на степенот на квалитетот и потребата за реализација на плановите, роковите на важноста на истите, новонастанатите промени и потреба за развој, како и предлозите, иницијативите и барањата од физичките и правните лица доставени до Одделението.

Изработката на урбанистичките планови ќе се финансира од Буџетот на општина Гевгелија за која намена се педвидени 5.000.000,00 денари

Урбанистичките планови ќе се изработуваат согласно Законот за јавни набавки од правни лица кои поседуваат лиценца за вршење на оваа дејност.

**II.ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**

## 1. Измена и дополнување со ревизија на сообраќајно решение за ГУП на град Гевгелија

**1.1 Предвидување на комерцијални и деловни намени покрај поголемите сообраќајници:**

- Покрај влезната сообраќајница во градот
- Западно од железничка пруга Скопје-Гевгелија
- Од двете страни на страни на стариот автопат

- Северно од "Булевар Гевгелија" во индустрискиот дел-Расадник
- Северно од "Нова индустриска 2"
- Северно од пат за Затвор
- Источно и западно од регионалниот пат за Негорци
- Северно од ул. "Слободан М. Данко"

**1.2. Проширување на опфатот** - северно од блок 15, јужно од блок 9 и западно на дел од блок 7 и блок 16

**1.3. Предвидување намена на просторот за колективно домување**

- Колективно домување - комерцијални згради
- Колективно домување - социјални згради (покрај Касарна)

**1.4. Зголемување на процентот на изграденост и висина до венец во планските одредби** - согласно новиот правилник за стандарди и нормативи

**1.5. Ревизија на сообраќајната мрежа** со можност за намалувањето на рангот на собирните улици

## 2. Ревизија и измена на донесени и изработка на нови ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ за град Гевгелија по блокови, согласно приложената скица

**2.1. Урбан блок 1**

- Поделен е на шест урбани единици (1.1; 1.2; 1.3; 1.4; 1.5; 1.6)
- Граници на опфатот на блокот:

Север: ул. "Слободан М.Данко" и "Радован Ковачевиќ";
Исток: "Таља Бикова", "Мирче Ацев", " Рајко Жинзифов";
Југ: "Јужна собирна"
Запад: дел од "Радован Ковачевиќ"; "Петар Мусев"

- Површина на опфат: 63ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување, спорт и рекреација и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.1а. Измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од урбан блок 1.3, дел од урбан блок 1.4 и дел од урбан блок 2.3** (планот е во фаза постапување по приговори од јавна презентација и јавна анкета)

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 18,05 ха

Граници:
Исток: ул.„Мечкин камен„ и „ Рајко Жинзифов„
Запад: ул„Димитар Влахов„ , „Ристо Чавдаров„и „Западна Собирна„
Север: ул.„Сараевска„и„ Ристо Фршинин„
Југ: ул.„Јужна собирна„

-Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување, спорт и рекреација и сообраќај.

**2.1б. Измена и дополнување на детален урбанистички план за урбан блок 1.2,урбан блок 2.1 и дел од урбан блок 2.2** (планот е во фаза постапување по приговори од јавна презентација и јавна анкета)

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 22,05 ха

Граници:
Исток: граничи со катастарската парцела на Монополот и на старото училиште Владо Кантарџиев„

Запад: ул,, 7ми Ноември,,и ,,Гевгелиски партизански одред,,
Север: ул.,,Слободан Митров Данко,,
Југ: ул.,,Маршал Тито,,
-Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување.

**2.2. Урбан блок 2**

- Поделен е на четири урбани единици (2.1; 2.2; 2.3; 2.4)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: дел од ул. "Слободан М.Данко";
  Исток: ул."Борис Кидрич",
  Југ: ул."Јужна собирна" и "Железничка";
  Запад: "Таља Бикова", "Мирче Ацев", " Рајко Жинзифов"
- Површина на опфат: 40,80 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, производство,дистрибуција, сервиси, хортикултурно уредување, спорт и рекреација и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.3. Урбан блок 3**

- Поделен е на три урбани единици (3.1; 3.2; 3.3)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: дел од ул. "Булевар Гевгелија";
  Исток: дел од ул."Борис Кидрич",
  Југ: ул."Слободан Митров Данко" и "Железничка";
  Запад: ул."Таља Бикова", "Мирче Ацев", " Рајко Жинзифов"
- Површина на опфат: 25,89ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, сервиси, хортикултурно уредување и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.4. Урбан блок 4**

- Поделен е на пет урбани единици (4.1; 4.2; 4.3; 4.4; 4.5)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: ул. "Булевар Гевгелија";
  Исток: дел од ул."7-ми Ноември" и дел од ул."Радован Ковачевиќ";,
  Југ: ул."Ристо Јанев"
  Запад: ул."Западна магистрална"
- Површина на опфат: 49ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.5. Урбан блок 5**

- Поделен е на осум урбани единици (5.1; 5.2; 5.3; 5.4; 5.5; 5.6; 5.7; 5.8)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: ул. " Ристо Јанев ";
  Исток: "Петар Мусев" и дел од ул."Радован Ковачевиќ";,
  Југ: дел од ул."Јужна собирна" и дел од "Моински пат"
  Запад: дел од ул."Западна магистрална"и дел од "Западна собирна"
- Површина на опфат: 50,5ха

- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување, спорт и рекреација и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.5а. Изработка на детален урбанистички план за урбана единица 5.1** (планот е во постапка на постапување по приговари и изготвување Предлог план)

-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат: 6,7 ха
Граници:
Исток: дел од ул."Западна собирна"
Запад: дел од ул. "Западна магистрална"
Север: дел од ул. "Ристо Јанев"
Југ: дел од ул. "Моински пат"
-Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, хортикултурно уредување и сообраќај.

**2.6. Урбан блок 6 ( Мрзенски рид)**

- Поделен е на две урбани единици (6.1; 6.2)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: ул. " Новопредвидена ";
  Исток: " Новопредвидена"(покрај железничката пруга Скопје-Гевгелија)
  Југ: ул."Нова индустриска 2"
  Запад: дел од регионален пат за Негорци
- Површина на опфат: 66,30ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување, спорт и рекреација и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.7. Урбан блок 7**

- Поделен е на шест урбани единици (7.1;7.2; 7.3; 7.4; 7.5; 7.6)
- Граници на опфатот на блокот:
  Север: Пат за затвор
  Исток: дел од ул." 7-ми Ноември
  Југ: дел од ул."Булевар Гевгелија "
  Запад: дел од ул. "Западна магистрална"
- Површина на опфат: 44,90ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.7а. Изработка на детален урбанистички план за урбана единица 7.2** (планот е во постапка на добивање согласност по Предлог планот)

-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат: 4,86 ха
Граници:
Исток: дел од ул. "Западна собирна"
Запад: дел од ул. "Западна магистрална"
Север: дел од ул. "Новопроектирана"(улица која води кон Затворот)
Југ: дел од ул.,,Деко Ковачев,,
-Намена на просторот: домување, хортикултурно уредување и сообраќај.

**2.7б. Изработка на детален урбанистички план за дел од блок 7.1 И дел од блок 7.2** (планот е во постапка на добивање согласност по Предлог планот)

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 16.14 ха

Граници:

Исток: дел од ул. "Новопроектирана" крак од Никола Карев

Запад: дел од ул. "Западна собирна"

Север: дел од ул. "Новопроектирана"(улица која води кон Затворот)

Југ: дел од одводен канал.,,Рауљ,,

-Намена на просторот: домување, хортикултурно уредување и сообраќај.

**2.9. Урбан блок 9 ( Караорман)**

- Поделен е на четири урбани единици (9.1; 9.2; 9.3; 9.4)
- Граници на опфатот на блокот:

  Север: новопредвидена улица

  Исток: дел од ул." Западна магистрална"

  Југ: новопредвидена улица

  Запад: новопредвидена улица
- Површина на опфат: 48,60ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување, зеленило и рекреација и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.10. Урбан блок 10 (Индустриска зона)**

- Поделен е на пет урбани единици (10.1; 10.2; 10.3; 10.4; 10.5)
- Граници на опфатот на блокот:

  Север: ул. "Нова Индустриска 2"

  Исток: дел од ул." Нова Индустриска 3"

  Југ: дел од ул. "Булевар Гевгелија"

  Запад: ул. "7-ми Ноември" и регионален пат за Негорци
- Површина на опфат: 77,43ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: производство, дистрибуција, сервиси, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување, и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.11. Урбан блок 11 (Индустриска зона)**

- Поделен е на три урбани единици (11.1; 11.2; 11.3)
- Граници на опфатот на блокот:

  Север: автопат Е75

  Исток: Регионален пат (влез во градот)

  Југ: Регионален пат (влез во градот

  Запад: железничка пруга Скопје-Гевгелија
- Површина на опфат: 45,23ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: производство, дистрибуција, сервиси, комерцијални дејности, јавни дејности, хортикултурно уредување, и сообраќај.

**2.12. Урбан блок 12 (Деленица - индустриска зона)**

- Поделен е на пет урбани единици (12.1; 12.2; 12.3; 12.4; 12.5)



Исток: дел од автопат Е75 и Река Вардар

Југ:  дел од Сува Река
Запад: железничка пруга Скопје-Гевгелија
- Површина на опфат: 115,80ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: производство, дистрибуција, сервиси, хортикултурно уредување, зеленило и рекреација и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.14. Урбан блок 14 (Ракита)**

- Поделен е на две урбани единици (14.1; 14.2)
- Граници на опфатот на блокот:

Север: "Моински пат"
Исток: дел од ул."Западна собирна"
Југ:  ул."Јужна собирна"
Запад: новопредвидена улица

- Површина на опфат: 21ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
-Намена на просторот: производство, дистрибуција, сервиси, хортикултурно уредување и сообраќај.

**2.15. Урбан блок 15**

(планот е во постапка на добивање согласност по Предлог планот)

- Поделен е на три урбани единици (15.1; 15.2; 15.3)
- Граници на опфатот на блокот:

Север: новопредвидена улица
Исток: дел од ул."Западна магистрална" и новопредвидена улица
Југ:  дел од "Моински пат" и новопредвидена улица
Запад: излетничко место- Динќут

- Површина на опфат: 21,40ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: домување, комерцијални дејности, производство, дистрибуција, сервиси, хортикултурно уредување и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

**2.16. Урбан блок 16**

- Поделен е на четири урбани единици (16.1; 16.2; 16.3; 16.4)
- Граници на опфатот на блокот:

Север: новопредвидена улица
Исток: регионален пат за Негорци
Југ:  пат за затвор
Запад: новопредвидена улица

- Површина на опфат: 51,36ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: комерцијални дејности, производство, дистрибуција, сервиси, хортикултурно уредување, зеленило и рекреација и сообраќај.

**Забелешка:** Се предвидува изработка по урбани единици

## 3.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО

### 3.1.Урбанистички план за дел од село Миравци

-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Површина на опфат: 130 ха (според ГУП)

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, спорт и рекреација, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**3.2.Урбанистички план за село Моин**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 20 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.3.Урбанистички план за село Ново Конско**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 20 ха

-Намена на просторот: домување, викенд куќи, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.4.Урбанистички план за село Смоквица**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 20 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.5.Урбанистички план за село Давидово**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 20 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, спорт и рекреација, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**3.6.Урбанистички план за село Хума**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 15 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.7.Урбанистички план за село Конско**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 10 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.8.Урбанистички план за село Серменин**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 15 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**3.9.Урбанистички план на туристички локалитет Смрдлива Вода**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 50 ха

-Намена на просторот: викенд куќи, хотели, угостителски објекти, јавни содржини, рекреација и спорт, услужни содржини, комунални објекти и др.

**3.10. Урбанистички план за село Прдејци**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 72 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**3.11. Урбанистички план за село Негорци**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 160 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**3.12. Урбанистички план за село Богородица**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 100 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**3.13. Урбанистички план за село Мрзенци**

-Фаза : Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 65 ха

-Намена на просторот: домување, деловни простори, трговија, сервиси, јавни функции, мало стопанство

-Изработка на планот ќе се реализира по урбани единици

**Забелешка**: За населените места Моин, Ново Конско, Смоквица, Давидово, Хума, Конско и Серменин предвидената површина за урбанизација се однесува на просторот за центар на населбата и непосредната негова околина.

## 4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

**4.1.Урбанистички план вон населено место западно покрај автопат Е 75 Прдејци-Смоквица**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 20,00 ха

-Намена на просторот: Услужни објекти, придружни објекти, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**4.2.Урбанистички план вон населено место покрај Автопат Е 75 од "Мотел Вардар" до граничен премин Богородица** (планот е во постапка)

-Фаза: Предлог план

-Површина на опфат: 130ха

-Намена на просторот: хотелско угостителски објекти, трговски објекти, хортикултурно уредување, спорт и рекреација, комунални објекти и др.

**4.3.Урбанистички план вон населено место спроти комплексот Негорски Бањи** (планот е во постапка)

-Фаза: Предлог план

-Површина на опфат: 30,0 ха

-Намена на просторот: хотелско угостителски објекти, здравно - туристички и објекти за банско лекување, објекти за рекреација и спорт, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**4.4.Урбанистички план вон населено место Мрзенци Прдејци (покрај автопат)**

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 30,0 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети со придружни содржини : угостителство, сервиси, комунални објекти и др.

**4.5.Урбанистички план вон населено место од Динќут до Живинарска фарма**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 30,00 ха

-Намена на просторот: мали и средни стопански капацитети со придружни содржини, сервиси, услужни дејности, партерно и хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**4.6.Урбанистички план за подрачје вон населено место Мрзенци -Негорци**

-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат: 30 ха

-Намена на просторот: хотелски комплексти, придружни објекти, услужни, комунални, хортикултурно уредување и др.

**4.7. Урбанистички план вон населено место за локалитет Негорски Бањи** (планот е во постапка на утврдување на Нацрт планот)

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 21,0 ха

-Намена на просторот: здравно-туристички комплекс со болница, хотелско-угостителски објекти, спортско-рекреативен комплекс, хортикултурно и парковско уредување, комунални објекти и др.

**4.8. Урбанистички план вон населено место во областа "Сарандар"**

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 50,0 ха

-Намена на просторот: голф терени со придружни објекти, комунални објекти и др.

**4.9. Урбанистички план вон населено место за Психијатриска болница Негорци** (планот е во постапка на добивање согласност по Предлог планот)

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 21,0 ха

-Намена на просторот: здравствен комплекс, парковско зеленило, спорт и рекреација и сообраќајна и комунална инфраструктура.

**4.10. Урбанистички план вон населено место во Прдејци**

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 20 ха

-Намена на просторот: изградба на стопански комплекс откупен центар-Агроберза.

**4.11. Урбанистички план вон населено место за индустриска зона во близина на Смоквица**

-фаза: Нацрт и Предлог план

-Површина на опфат 55 ха

-Намена на просторот: производство, дистрибуција, сервиси и сообраќајна и комунална инфраструктура.

## 5. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**5.1 Локална урбанистичка планска документација за Технолошка индустриска развојна зона кај Прдејци**

-Површина на опфат 60,0 ха

-Намена на просторот: производство, дистрибуција, сервиси, стоваришта, магацини, услужни објекти, хортикултурно уредување, комунални објекти и др.

**5.2. Локална урбанистичка планска документација вон населено место во Ново Конско**

-Површина на опфат 2,0 ха

-Намена на просторот: спорт, рекреација со сместувачки капацитети и др.

**5.3. Локална урбанистичка планска документација за потрбите на општина Гевгелија за изградба на инфраструктурни градби и водови** (согласно член 50а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање)

**5.4. Локална урбанистичка планска документација за потрбите на граѓаните и правните лица** за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела. (согласно член 50а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање)

## 6. ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ

Општините, односно општина Гевгелија согласно член член 79 став 1 и 2 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09 и 124/10 год.), донесуваат програма за поставување на времени објекти со која се утврдува просторот на кој можат да се постават времени објекти, кој треба да е градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Македонија, со изградена инфраструктура и за кој е донесена урбанистичко планска документација.

Програмата се донесува од страна на Советот на општината, по добиената согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

По одобрување на програмата од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, на предлог на општината, спроведува постапки за доделување под краткотраен закуп на градежно земјиште опфатено со програмата, согласно со Законот за градежно земјиште.

6.1.Изработка на програма за поставување на времени објекти со која се утврдува просторот на кој можат да се постават времени објекти, во градот Гевгелија.

6.2.Изработка на програма за поставување на времени објекти со која се утврдува просторот на кој можат да се постават времени објекти, во населените места во општина Гевгелија.

**7. Урбанистички планови кои ќе се донесат во постапка пропишана во членот 24-а ставовите 2,3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.**

Во постапката предвидена во претходно споменатиот член од законот,односно по скратена постапка во која урбанистичкиот план се изработува и донесува како предлог на планот, ќе се донесат следните планови предвидени со оваа програма и тоа:

Од поднасловот 2.Ревизија и измена на донесени и изработка на нови Детални урбанистички планови за град Гевгелија по блокови,согласно приложената скица, ќе се донесат плановите:

-2.5.Урбан блок 5 Урбана единица 5.7.
-2.9.Урбан блок 9 (Караорман) Урбана единица 9.2,9.3. и 9.4
-2.11.Урбан блок 11 (Индустриска зона)
-2.14.Урбан блок 14 (Ракита)
-2.16.Урбан блок 16

Од поднасловот 3.Урбанистички планови за село, ќе се донесат плановите:

-3.1.Урбанистички план за дел од село Миравци
-3.10.Урбанистички план за село Прдејци
-3.11.Урбанистички план за село Негорци
-3.12.Урбанистички план за село Богородица

8. Деталните урбанистички планови, Урбанисти чките планови за село и Урбанистичките планови за вон населено место може да сеизменат и дополнат со планирање на една градежна парцела или измена и дополнување во рамките на една градежна парцела.

Урбанистичките планови ќе се донесат во постапка пропишана во членот 13-а и 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Гевгелија кои се од општ интерес може да врши Советот на Општината Гевгелија.

**III.** Оваа Годишна програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр. 07-3686/1 | Претседател
28.12.2011 год. | на Совет на општина Гевгелија,
Гевгелија | ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 14 и 15 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/2010, 23/2011 и 53/2011 год.), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002 год.) и член 38 став 1 точка 12 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/2006 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 28.12.2011 година, донесе:

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2012 година

### Член 1

Со оваа Програма се утврдуваат изворите на средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во 2012 година, нивниот распоред и начин на користење и обемот на работите.

**Член 2**

Висината на средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици, се утврдуваат во износ од 41.500.000,00 денари и тоа од следните извори на приходи:

5. Трансфери од владини институции, и тоа од:

1.1. Агенција за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици;

1.2. Агенција за рамномерен регионален развој;

6. Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии);
7. Комунални такси;
8. Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РМ.

Износите на секој поединечен извор на приходи се прикажани во Буџетот на општина Гевгелија за 2012 година, а во оваа програма се прикажани како приходи и расходи искажани во програми и потпрограми.

Вкупни приходи искажани по потпрограми се следните:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Ј** | | **Комунални дејности** | ***<u>41.500.000,00</u>*** |
| **1** | | **Ј6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 2.200.000,00 |
| **2** | | **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 37.300.000,00 |
| **3** | | **<u>ЈФ</u>** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 2.000.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | ***<u>41.500.000,00</u>*** |

**Член 3**

Средствата во висина од 41.500.000,00 денари се распределени во следните потпрограми и се наменети за реализација на предвидените активности во секоја потпрограма:

| Надлежност | Програма | Потпрограма | Глава | Оддел | Точка | ОПИС | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ј** | | | | | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | |
| **Ј6** | **<u>Ј60</u>** | | | | | **<u>ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ</u>** | ***<u>2.200.000,00</u>*** |
| | | **1** | | | | **Поправки и Тековно одржување** | **2.200.000,00** |
| | | | *<u>1.1</u>* | | | *<u>Одржување на улици и патишта</u>* | *<u>1.900.000,00</u>* |
| | | | | 1.1.1 | | Крпење на ударни дупки | |
| | | | | 1.1.2 | | Зимско одржување | |
| | | | | 1.1.3 | | Расчистување на локалните патишта Гевгелија-Богородица, Негорци-Кованец, Негорци-Серменин и Миравци – Петрово и Габрово | |
| | | | *<u>1.2</u>* | | | *<u>Поправка и одржување на опрема</u>* | *<u>300.000,00</u>* |
| | | | | 1.2.1 | | Поправка и одржување на семафори | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ЈД** | | | **<u>ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ</u>** | ***<u>37.300.000,00</u>*** |
| **<u>ЈД0</u>** | | | **<u>Изградба и реконструкција на локални патишта и улици</u>** | **<u>10.300.000,00</u>** |
| | **1** | | **Изработка на проектна документација** | 1.000.000,00 |
| | | 1.1.1 | Изработка на проектна документација за улица кон КПУ Затвор Гевгелија | |
| | | 1.1.2 | Изработка на проектна документација за улици од Железничка станица до Мотел Вардар (Колекторска улица) | |
| | | 1.1.3 | Изработка на проектна документација за улици и патишта | |
| | | 1.1.4 | Изработка на проектна документација за улици и патишта во руралните населени места (Миравци, Давидово, Милетково и Петрово) | |
| | **2** | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | **300.000,00** |
| | | 2.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| | **3** | | **Изградба на улици и патишта** | **5.000.000,00** |
| | | 3.1.1 | Изградба на улица кон КПУ Затвор Гевгелија | |
| | | 3.1.2 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 7 (дел 7.1, 7.2, 7.5-ул.“Серменинска“ и 7.6. ) во Гевгелија | |
| | | 3.1.3 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 4 (дел 4.3) во Гевгелија | |
| | | 3.1.4 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 5 (дел 5.1-ул.„Ристо Јанев“) во Гевгелија | |
| | | 3.1.5 | Изградба на улици во дел од Урбан блок 9 Караорман во Гевгелија | |
| | | 3.1.6 | Изградба на нови улици во населените места Негорци, Богородица, Мрзенци Прдејци, Давидово и во Миравци:<br>-бетонирање на ул.„Леонид Јанков“ до спој со ул.„Бошко Буха“-100м;<br>-асфалтирање на ул.„Сава Михајлов“ до спој со ул.„М.Тито“ и спој со ул.„Лена Минчева“-350м;<br>-асфалтирање на ул.„Партизанска“ -500м;<br>- бетонирање на краци на ул.„Ѓорѓи Митров“, .„М.Тито“, „Гоце Делчев“, „Иднина“, „К.Охридски“, „В.Влаховиќ“, „Б.Буха“ и „Л.Минчева“ -650м;<br>-отворање на земјен пат односно продолжување на ул.„М.Пијаде“ на исток до Амбулантата. | |
| | | 3.1.7 | Изградба на ул.„Мирко Делев“ во Негорци од бензинската пумпа до раскрсница со патот за с.Серменин | |
| | | 3.1.8 | Поврзување на стариот дел од автопатот со новиот автопат (влез и излез од Гевгелија) | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 3.1.9 | Изградба на пат за поврзување на Мрзенци со Гевгелија покрај Мрзенски рид и стариот автопат | |
| | | 3.1.10 | Изградба на пристапен пат до с.Конско (одвојување од регионалниот пат Гевгелија-Смрдлива вода) | |
| | | 3.1.11 | Доизградба на патот до црквата св.Богородица во Давидово | |
| | **4** | | **Реконструкција на улици и патишта** | **4.000.000,00** |
| | | 4.1.1 | Реконструкција на ул.”Индустриска” | |
| | | 4.1.2 | Реконструкција на улица “Ѓоко Тутушев” | |
| | | 4.1.3 | Реконструкција на улици во населените места во општината (Негорци, Миравци, Богородица, Мрзенци Прдејци) | |
| | | 4.1.4 | Реконструкција на улици или краци на улици во руралните населени места. | |
| **ЈД1** | | | **Изградба (Довршување) на патот за с.Хума (Учество на општина Гевгелија)** | **3.000.000,00** |
| | **1** | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | 1.1.1 | Изградба (Довршување) на патот за с.Хума (Учество на општина Гевгелија) | 3.000.000,00 |
| **ЈД2** | | | **Изградба на пат од мостот на Сува Река до македонско-грчката граница (прва фаза-долен строј)** | **1.000.000,00** |
| | **1** | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | 1.1.1 | Изградба на пат од мостот на Сува Река до македонско-грчката граница (прва фаза-долен строј) | 1.000.000,00 |
| **ЈД3** | | | **Изградба на дел од заобиколен пат околу Гевгелија (Западен и Јужен Булевар)** | **2.000.000,00** |
| | **1** | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | 1.1.1 | Изградба на дел од заобиколен пат околу Гевгелија (Западен и Јужен Булевар) | 2.000.000,00 |
| **ЈДЈ** | | | **Реконструкција на локалниот пат Негорци-Серменин** | **5.000.000,00** |
| | **1** | | **Реконструкција на улици и патишта** | |
| | | 1.1.1 | Реконструкција на локалниот пат Негорци-Серменин | 5.000.000,00 |
| **ЈДЛ** | | | **Изградба на пристапна сообраќајница до споменикот на слободата на Мрзенски рид** | **2.000.000,00** |
| | **1** | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | 1.1.1 | Изградба на пристапна сообраќајница до споменикот на слободата на Мрзенски рид | 2.000.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **<u>ЈДП</u>** | | | **<u>Изградба на улица од бензинска пумпа„Шимов-Окта“ до сепарација „Интер-Бетон“</u>** | **<u>7.000.000,00</u>** |
| | | **1** | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба на улица од бензинска пумпа„Шимов-Окта“ до сепарација „Интер-Бетон“ | 7.000.000,00 |
| | **<u>ЈДР</u>** | | | **<u>Изградба (продолжување) на дел од Булевар Гевгелија во Гевгелија</u>** | **<u>7.000.000,00</u>** |
| | | **1** | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба (продолжување) на дел од Булевар Гевгелија во Гевгелија | 7.000.000,00 |
| **ЈФ** | **<u>ЈФ0</u>** | | | **<u>ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА</u>** | ***<u>2.000.000,00</u>*** |
| | | **1** | | **Изработка на проектна документација** | **200.000,00** |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација за регулација на сообраќајот со кружен тек на крстосницата на „Булевар Гевгелија” со ул.„Деко Ковачев” | |
| | | | 1.1.2 | Проектна документација за регулација на сообраќајот со кружен тек на крстосницата на „Булевар Гевгелија” со ул.„7-ми Ноември” | |
| | | | 1.1.3 | Проектна документација за регулација на сообраќајот на вкрстувањето на влезната улица во градот со стариот автопат | |
| | | **2** | | **Изградба и поставување на сообраќајна сигнализација** | **1.800.000,00** |
| | | | 2.1.1 | Поставување на сообраќајни знаци, ознаки и патокази, заштитни столбчиња на улици и патишта | |
| | | | 2.1.2 | Обележување на улици и локални патишта со хоризонтална сигнализација | |
| | | | 2.1.3 | Регулација на сообраќајот (кружен тек) на крстосницата на „Булевар Гевгелија” со ул.„Деко Ковачев” | |
| | | | 2.1.4 | Регулација на сообраќајот (кружен тек) на крстосницата на „Булевар Гевгелија” со ул.„7-ми Ноември” | |
| | | | 2.1.5 | Регулација на сообраќајот (семафори или кружен тек) на вкрстувањето на влезната улица во градот со стариот автопат | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ (Ј60, ЈД и ЈФ0)** | ***<u>41.500.000,00</u>*** |

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **<u>Ј</u>** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | ***<u>41.500.000,00</u>*** |
| | **Ј6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 2.200.000,00 |
| | **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 37.300.000,00 |
| | **ЈФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 2.000.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | ***41.500.000,00*** |

**Член 4**

Програмата ја извршува Градоначалникот на општина Гевгелија, по утврдените приоритети.

**Член 5**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува сметано од 01.01.2012 година.

Бр.07-3685/1 Претседател
28.12.2011 година на Советот на општина Гевгелија
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 3 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

### ВОВЕД

Со оваа Програмата се определуваат прашањата за работа на Советот на општина Гевгелија во 2012 година(во натамошниот текст:Советот на општината).

Покрај прашањата содржани во Програмата, Советот на опшитната ќе разгледува и одлучува и по други прашања и проблеми што ќе произлезат од законските и други прописи кои ќе бидат донесени во текот на 2012 година.

Во реализирањето на програмата, Советот на општината ќе соработува со градоначалникот на општината, јавните служби, установи и претпријатија основани од општината, Општинската администрација како и со други органи и организации.

Прашањата по кои ќе расправа и одлучува Советот на општината во 2012 година се распоредени во следните групи:

### 1.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ПОТРЕБИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

1.1.Завршна сметка за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2011 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До 15 март 2012 година

1.2.Завршна сметка за 2011 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски , "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: 15 Март 2012 година

1.3.Завршна сметка за 2011 година на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: 15 Март 2012 година

1.4.Завршна сметка за 2011 година на Општинската установа за деца- Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: 15 Март 2012 година

1.5.Завршна сметка за 2011 година на Општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа библиотека
Рок: 15 Март 2011 година

1.6.Завршна сметка за 2011 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Домот на културата
Рок: 15 Март 2011 година

1.7.Завршна сметка за 2011 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Работнички универзитет
Рок: 15 Март 2011 година

1.8.Завршна сметка на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2011 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"
Рок: 15 Март 2011 година

1.9.Квартални извештаи за извршувањена Буџетот за 2012 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Квартално во текот на 2012 година

1.10.Информација за преземените активности за реализација на Стратегијата за локален одржлив развој на општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Септември 2012 година

1.11.Информација за состојбата со имотот сопственост на општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Септември 2012 година

1.12.Буџет на општина Гевгелија за 2013 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До крајот на декември 2012 година

1.13.Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2013 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До крајот на декември 2012 година.

1.14.Годишен финансиски план за 2013 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски", "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок:Декември 2013

1.15.Годишен финансиски план за 2013 година на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Декември 2012 година

1.16.Годишен финансиски план за 2013 година на Општинската установа за деца-Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Декември 2012 година

1.17.Годишен финансиски план за 2013 година на Општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа библиотека
Рок: Декември 2012 година

1.18.Годишен финансиски план за 2013 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Домот на културата
Рок: Декември 2012 година

1.19.Годишен финансиски план за 2013 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Работнички универзитет
Рок: Декември 2012 година

1.20.Годишен финансов план на ЈОУ Пионерски дом"Јосип Броз Тито"за 2013год.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"
Рок: Декември 2012 година

## 2.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

2.1.Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2013 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2012 година

2.2.Информација за состојбата со реализацијата на урбанистичките планови во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2012 година

2.3.Информација за бесправно изградени објекти во општина Гевгелија до 2011 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари-Февруари 2012 год.

2.4.Извештај за реализација на Програмата за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2012 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2012 год.

2.5.Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2012 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2012 год.

2.6.Извештај за работата на Партиципативното тело од областа на урбанизмот.
Предлагач и изготвувач: Партиципативно тело
Рок: Декември 2012 год.

2.7.Програма за поставување на времени објекти во општина Гевгелија.
Предлагач и изготвувач: Општинска администрација
Рок: Во текот на 2012 год.

## 3.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, СООБРАЌАЈ И ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

3.1.Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2011 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок:Март 2012 година

3.2.Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта во општина Гевгелија за 2011 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Март 2012 година

3.3.Програма за уредување на речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2012 година.

3.4.Информација за состојбата со речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија, нивно уредување и користење.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2012 година.

3.5.Информација за состојбата и преземените активности за кучињата скитници во општина Гевгелија.
Предлагач и Изготвувач: КПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Мај 2012 година.

3.6.Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни-Ноември 2012 год.

3.7.Информација за состојбата со општинскиот линиски превоз на патници во општина Гевгелија.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2012 година.

3.8.Информација за состојбата со авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Јуни 2012 година.

3.9.Информација за состојбата со хоризонталната и вертикалната сигнализација во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на опшитната
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Октомври 2012 година

3.10.Информација за хортикултурно уредување во општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Ноември 2012 година

3.11.Информација за состојбата со преземените активности за изградба на регионална депонија за комунален цврст отпад.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Ноември-Декември 2012 година.

3.12.Програма за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2013 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2013 година.

3.13.Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта во општина Гевгелија за 2013 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2012 година

3.14.Програма за јавното осветлување во општина Гевгелија за 2013 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2012 година

3.15.Програма за хортикултурно и партерно уредување на јавни површини во општина Гевгелија за 2013 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2012 год.

3.16.Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2012 година

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Декември 2012 година.

3.17.Програма за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2013 година.

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Декември 2012 година.

## 4.АКТИ НА КОИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ДАВА СОГЛАСНОСТ

4.1.Програма за работа на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2012 година

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Јануари 2012 година

4.2.Програма за работа на ЈПВК "Миравци" Миравци за 2012 година

Предлагач и изготвувач: ЈПВК "Миравци" Миравци
Рок: Јануари 2012 година

4.3.Извештај за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2011 год.
Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Април 2012 година

4.4.Годишна завршна сметка на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2011 год.
Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Април 2012 година

4.5.Извештај за работењето на ЈПВК "Миравци" Миравци за 2011 год.
Предлагач и изготвувач: ЈПВК "Миравци" Миравци
Рок: Април 2012 година

4.6.Годишна завршна сметка на ЈПВК "Миравци" Миравци за 2011 год.
Предлагач и изготвувач: ЈПВК "Миравци" Миравци
Рок: Април 2012 година

4.7.Квартални извештаи за извршување на финансиските планови на јавните комунални претпријатија ЈПКД "Комуналец" Гевгелија и ЈПВК "Миравци" Миравци за 2012 година.
Предлагач и изготвувач: Јавните комунални претпријатија
Рок: Квартално во 2012 година

## 5.ОПШЕСТВЕНИ ДЕЈНОСТИ

5.1.Годишен извештај за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари 2012 година

5.2.Одлука за формирање комисија за соработка со невладиниот сектор.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари 2012 година

5.3.Извештај за работа на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2011 година
Предлагач и изготвувач: Општинска установа - библиотека
Рок: Февруари 2012 година

5.4.Годишна програма за работа на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2012 година
Предлагач и изготвувач: Општинската установа - библиотека
Рок: Февруари 2012 година

5.5.Извештај за работа на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2011 година
Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Дом на култура
Рок: Февруари 2012 година

5.6.Годишна програма за работа на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2012 година
Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Дом на култура
Рок: Февруари 2012 година

5.7.Извештај за работа на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2011 година
Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Работнички универзитет

Рок: Февруари 2012 година

5.8.Годишна програма за работа на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2012 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа - Работнички универзитет

Рок: Февруари 2012 година

5.9.Извештај за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2011 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ "Јосип Броз Тито"

Рок: Февруари 2012 година

5.10.Годишна програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2012 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ "Јосип Броз Тито"

Рок: февруари 2012 година

5.11.Извештај за јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Полициска станица Гевгелија

Рок. Февруари 2012 година

5.12.Информација за безбедност во сообраќајот на патиштата на подрачјето во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач:Полициска станица Гевгелија

Рок: Февруари 2012 година

5.13.Информација за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Завод за здравствена заштита ПЕ Гевгелија

Рок: Февруари 2012 година

5.14.Пограма за запрашување во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Март 2011 година.

5.15.Информација за преземените активности и извршеното запрашување.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Април 2012 година.

5.16.Информација за заштита на животната средина во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Мај 2012 година.

5.17.Извештај за работата на комуналните инспектори

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач: Комуналени инспектори

Рок: 31 Март 2012 година

5.18.Извештај за работата на инспекторот за патишта и патен сообраќај

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Овластен сообраќаен инспектор

Рок: 31 Март 2012 година

5.19.Извештај за работата на овластените градежни инспектори

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Овластени градежни инспектори

Рок: 31 Март 2012 година

5.20.Извештај за работата на овластениот урбанистички инспектор

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач: Овластен урбанистички инспектори
Рок: Рок: Март 2012 година

5.21.Извештај за работата на овластениот инспектор за животна средина
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластен инспектор за заштита на животната средина
Рок: 31 Март 2012 година

5.22.Одлука за доделување награда на ученици кои постигнале реултати на државно и меѓународно ниво.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 20112година

5.23.Информација за состојбата со социјалната заштита на населението во општина Гевгелија (за сите целни групи).
Предлагач и Изготвувач: Меѓуопштински центар за социјална заштита
Рок: Јуни 2012

5.24.Информација за состојбата со претшколското, основното и средното образование во општина Гевгелија за 2012 година.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јули-Август 2012 година

5.25.Информација за преземените активности за реализација на Локалниот акционен план за социјална заштита.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јули 2012 година

5.26.Извештај за работа на Општинската установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за учебната 20011/2012 година
Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Септември 2012 година

5.27.Годишна програма за работа на Општинската установа за деца Детска градина "Детска Радост" Гевгелија за учебната 2012/2013 година
Предлагач и изготвувач: Општинската установа за деца
Рок: Септември 2012 година

5.28.Извештај за работа на Општинските основни училишта за учебната 20011/2012 година на: "Крсте Мисирков","Владо Кантарџиев","Ристо Шуклев","Климент Охридски" и "Васо Карајанов"
Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта Рок: Септември 2012 година

5.29.Годишна програма за работа на Општинските основни училишта за учебната 2011/2012 година на: "Крсте Мисирков", "Владо Кантарџиев", "Ристо Шуклев", "Климент Охридски" и "Васо Карајанов"
Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: Септември 2012 година

5.30.Извештај за работа на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за учебната 20011/2012 година
Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Септември 2012 година

5.31.Годишна програма за работа на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за учебната 2011/2012 година

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште

Рок: Септември 2012 година

5.32.Информација за состојбата со изграденоста на архитектонски бариери за лица со посебни потреби.

Предлагач и Изготвувач: Меѓуопштински центар за социјална заштита

Рок: Септември 2012 година.

5.33.Одлука за одбележување на настани и личности.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Септември-Октомври 2012 година

5.34.Информација за состојбата со дивите депонии во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината.

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Октомври 2012 година

5.35.Информација за состојбата со образовните струки и профили во СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација и СОУ

Рок: Ноември 2012 година

5.36.Информација за одржување и користење на јавниот простор за паркирање во Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината.

Изготвувач:Општинска администрација

Рок. Ноември 2012 година

5.37.Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2013 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2012 година

5.38.Програма за финансирање на проекти од областа на културата за 2013 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2012 година

5.39.Извештај за реализација на Програмата за туристички развој, општа туристичка пропаганда и за подробрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија во 2012 година.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2012 година

5.40.Програма за туристички развој, општа туристичка пропаганда и за подробрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија во 2013 година.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2012 година

5.41.Извештај за преземените активности за реализација на програмата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во општина Гевгелија за 2012 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2012 година

5.42.Извештај за активностите на Територијалната противпожарна единица во 2011 година

Предлагач и изготвувач: ТППЕ
Рок: Декември 2012 година

5.43.Годишен извештај за работата на Советот за заштита на потрошувачите за 2011 година

Предлагач и изготвувач: Совет за заштита на потрошувачите
Рок: Јануари/Февруари 2012 година

5.44.Информација за тековно одржување на гробиштата во населените места.

Предлагач и Изготвувач:ЈПКД"Комуналец"Гевгелија
Рок: Во текот на 2012година

5.45.Одлука за определување име на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2012 година

5.46.Информација за состојбата со младинските културни домови во населените места во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2012 година

5.47.Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2012 година.

Предлагач и изготвувач: Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на општина Гевгелија
Рок: Ноември 2012 год.

## 6.ДРУГИ АКТИВНОСТИ

6.1.Извештај за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија.

Предлгач и изготвувач: Центар за социјална работа Гевгелија
Рок: Април-Мај 2012 година

6.2.Информација за состојбата со снабдувањето со вода за пиење во населените места во општина Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Мај 2012 година

6.3.Информација за состојбата со занаетчиската дејност во општина Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: Занаетчиска комора
Рок: Јуни 2012 година

6.4.Информација за состојбите со шумскиот фонд, пошумувањето и експлоатацијата на шумите во општина Гевгелија

Предлагач:Претседател или член на Совет, градоначалник
Изготвувач:Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство и ЈП Македонски шуми-ПЕ Гевгелија
Рок: Во текот на 2012 година

6.5.Информација за состојбата со ловниот и риболовнот фонд во општина Гевгелија

Предлагач: Претседател или член на Совет, градоначалник

Изготвувач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП Македонски шуми - ПЕ Гевгелија

Рок: Во текот на 2012 година

6.6.Програма за активности од областа на заштитата на природните ресурси и реткости

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Во текот на 2012 година

6.7.Информација за состојбата со заштитата на историските и градителските традиции во општината

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација и Завод за заш на спомениците на култура

Рок: Во текот на 2012 година.

6.8.Информација за состојбата со заштитата на археолошкото богатство на подрачјето на општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на опшитната

Изготвувач: Народен музеј

Рок: Во текот на 2012 година

6.9.Информација за поставување на билборди во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на опшитната

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Во текот на 2012 година

6.10.Извештај за работењето на Водостопанство "Јужен Вардар".

Предлагач и изготвувач: Јавното претпријатие

Рок: Во текот на 2012 година

6.11.Извештај за работењето на Водната заедница "Петрушка Река" Миравци.

Предлагач и изготвувач: Водна заедница "Петрушка Река"

Рок: Во текот на 2012 год.

6.12.Извештај за работењето на Водната заедница "Напредок" Негорци.

Предлагач и изготвувач: Водна заедница "Напредок"

Рок: Во текот на 2012 год.

7.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3711/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за поддршка на Месните заедници во организирање на културни активности во 2012 година**

**1.Цели**

Основни цели на оваа Програма е поддршка на културните и други активности организирани од Месните заедници во населените места.

Одржувањето на културните и други активности во населените места е од посебно значење за животот и работата на граѓаните во средините во кои живеат.

Месните заедници, како облици на месна самоуправа, се грижат за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

**2.Активности**

Во 2012 година Општината ќе ги подржи следните активности на Месните заедници:

| | **Предлагач** | **Активност** | **Средства од буџетот на општина Гевгелија 2012год.** |
|---|---|---|---|
| 1. | Богородица | Фолклорна вечер по повод панаѓур | 20.000 |
| 3. | Серменин | Прослава на празникот Илинден | 20.000 |
| 4. | Хума | Планинарски марш<br>Уменски денови<br>Влашка вечер<br>Коледе<br>Втора меѓународна ликовна колонија"Ума"2012 | 30.000 |
| 5. | Конско | Прослава на Илинден и Митровден | 20.000 |
| 10. | Петрово | Панаѓур по повод празникот Св.Спас и прослава на Водици, Илинден и Петров ден. | 30.000 |
| 11. | Давидово | Прослава на празникот Илинден | 30.000 |
| 12. | Прдејци | Фолклорна вечер и одбележување на празникот на селото | 20.000 |
| 13. | Ново Конско | Прослава на празникот Митровден | 20.000 |
| | **ВКУПНО** | | **190.000** |

**3.Финансирање**

Активностите утврдени со оваа програма општината ќе ги подржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2012 година, Програма Д-Градоначалник, Потпрограма Д1.

4.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3695/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов*** **с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за подршка на НВО секторот за организирање активности во 2012 година

**1.Цели**

Основни цели на оваа Програмата за подршка на активностите на НВО секторот во 2012 година се:

-создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи;

-давање подршка на проекти со кои ќе се задоволуваат потребите на поголеми групи на граѓани;

-афирмација на општината во развивање на соработка со НВО секторот.

**2.Активности**

Во 2012 година општината ќе ги подржи следните активности и проекти на НВО секторот:

| | **Предлагач** | **Активност** | **Вкупно средства од Буџетот за 2012 год.** |
|---|---|---|---|
| 2. | Здружениена глуви и наглуви | Одбележување на денот на глувите 23 септември | **17.000** |
| 3. | Здружение на слепи лица | Ден на лица со попреченост-Ден на Белиот стап | **12.000** |
| 4. | Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост"ПОРАКА | Посета на спомен куќата на Тоше Проески | **18.000** |
| | Здружение на пензионери-Гевгелија | Регионални и републички спортски натпревари<br>Активности на група пензионери пеат-друштво"Сава Михајлов"Гевгелија | **100.000** |
| 7. | Поддршка | -Проект:Подобро е кога знам<br>-Проект:Еднакви можности за сите | **110.000**<br>**125.000** |
| 8. | ОО на СЗБ Гевгелија | Реализација за програмски активности во 2012 | **110.000** |
| | **ВКУПНО** | | **492.000** |

**3.Финансирање**

Активностите утврдени со оваа програма општината ќе ги подржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2012 година, Програма Д-Градоначалник Потпрограма ДО.

4.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07- 3694/1 — Претседател
28.12.2011 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седница одржана 28.12.2011 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА

### за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2012 година

**I.ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Советот на општина Гевгелија кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на заштита на културното наследство и другите спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија

-Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Гевгелија

-Зачувување на објекти и споменици кои сведочат за историското минато на просторите на општина Гевгелија

**II.ФИНАНСИРАЊЕ**

-Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2012 година, како и со одредени домашни и странски донации.

**III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА**

| **Ред бр.** | **I. Обновување на објекти кои се прогласени за споменици на културата** | 1.000. 000,00 |
|---|---|---|
| 1. | Реставрација на фасада на Градска библиотека во Гевгелија | |
| 2. | Реставрација на фасада на "Кангов" конак во Гевгелија | |
| 3. | Реставрација на фасада на "Андреев" конак во Гевгелија | |
| 4. | Реставрација на фасада на хотел"Отоман"(кафе Центар) | |

| **Ред. бр.** | **II. Изградба на објекти од областа на културата спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија** | |
|---|---|---|
| 1. | Спомен обележје на политички затвореници од 1945-1990 година | 300.000,00 |
| 2. | Изработка на бисти на: Др. Александар Сингер, Илија Џаџев и Леонид Јанков | 300.000,00 |
| 3. | Оддржување и заштита на спомен обележјата | 200.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **1.800 000,00** |

**IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Други форми на активности со кои ќе се помагаат одржувањето и заштита на културни, споменици на културата и други објекти се следниве:

-Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Организирање на изложби и презентации на проекти од областа и заштита на образовни, културни и други објекти.

-Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Гевгелија.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма поднесуваат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.07-3688/1
28.12.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Александар Тодов с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен весник на општина Гевгелија“ бр. 25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, ја утврди,

**ПРОГРАМА**

за активностите на општина Гевгелија во областа на
Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2012 година

**1. Развојни приоритети**

Општина Гевгелија во 2012 година ќе настојува да обезбеди поволни услови за локалниот економски развој. За таа цел активностите ќе бидат насочени кон подршка на проекти за локалниот економски развој, пред се производство на здрава храна, руралниот развој и енергетската ефикасност.

**2. Цел**

Основна цел на Програмата за ЛЕР е реализација на зацртаните развојни приоритети согласно постојните стратешки документи.

**3. Проектни активности**

Активностите на Општина Гевгелија во областа на ЛЕР ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. Проектите се групираат во неколку групи:

**3.1 Поддршка на локалниот економски развој**

| **Р. Бр.** | **Проект** | **Предвидени средства (мкд)** |
|---|---|---|
| 1. | Поддршка на Центарот за регионален развој на Југоисточен плански регион | 230.000 |
| 2. | Подготовки за реализација на проектот Технолошки парк „Прдејци“ | 500.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | | Кофинансирање на IPA проекти | 820.000 |
| | 3.1. | Кофинансирање на IPA проекти со Република Грција:<br>- Проект: „Основање на центар за посредување при вработување и создавање бизниси и на локален трговски саем во прекуграничниот регион”.<br>220.000 денари | |
| | 3.2. | Кофинансирање на IPA проекти со Република Бугарија:<br>- Проект: „Промовирање одржлив и еколошки туризам преку партнерство”.<br>600.000 денари | |
| **ВКУПНО** | | | **1.550.000** |

### 3.2 Проекти од областа на руралниот развој

| **Р.Бр.** | **Проект** | **Предвидени средства (мкд)** |
|---|---|---|
| 1. | Подготовки за реализација на проектот Откупен дистрибутивен центар – Агроберза | 500.000 |
| **ВКУПНО** | | **500.000** |

### 3.3 Проекти од областа на енергетската ефикасност (во согласност со програмата за енергетска ефикасност)

| **Р.Бр.** | | **Проект** | **Предвидени средства (мкд)** |
|---|---|---|---|
| 1. | | Кофинансирање и имплементација на Програмата за енергетска ефикасност 2009-2013 | 14.350.000 |
| | 1.1. | Имплементација на програмата<br>150.000 денари | |
| | 1.2. | Апликација на проекти од областа на енергетската ефикасност за ОСУ „Јосиф Јосифовски” и ЈОУ Детска Градинка<br>14.200.000 денари | |
| **ВКУПНО** | | | **14.350.000** |

### 4. Финансирање

Предвидените проектни активности во оваа Програма, во вкупна вредност од **16.400.000 денари** ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2012 година и кофинансирани од страна на домашните и меѓународните институции, агенции и фондации.

**5.** Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3691/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 13 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржа на 28.12.2011 година, донесе

## ПРОГРАМА
## За одржување на јавното осветлување во Општина Гевгелија за 2012 година

### I.Општи одредби

Програмата се изготвува со цел да се утврдат активностите за обезбедување на функционирањето на јавното осветлување на подрачјето на општина Гевгелија во 2012 година, како и потребните финансиски средства за спроведување на истата.

1.Функционирањето на јавното осветлување опфаќа:

- потрошувачка на електрична енергија;
- материјали за одржување на јавно осветлување;
- финансиски средства

2.За функционирање на јавното осветлување се врши редовното одржување кое опфаќа:

-Замена на прегорени и искршени светилки со поставување на живини ,натриумови и еко светилки.

-Замена на заштитни стакла и нивно чистење;

-Замена на сите елементи на сијалично место;

-Подесување на уредите кои служат за автоматско палење и гаснење на електричните светилки (ден/ноќ), кои се оштетени или ја изгубиле осетливоста;

-Ослободување на светлосните тела од вегетација и др.

### II.Одржување на јавното осветлување

За одржување на јавното осветлување ќе се вршат контроли четрипати месечно, а редовно во централните подрачја на населени места во општината, крстосниците, пешачките премини, улиците во близина на болницата, училишта, детски градинки и други улици, кои се во близина на објекти од витално значење и со поголема фрекцвенција.

1. Степенот на уреденост на населените места со јавното осветлување по број и вид на светилки е следниот:

| Населено место | Вкупно |
|---|---|
| **Гевгелија** | |
| живини сијалици 125 Њ | 909 |
| живина сијалици 250 Њ | 50 |
| живина сијалица 160 Њ | 28 |
| натриумови сијалици 250 Њ | 199 |
| сијалица економик 30 Њ | 101 |
| натриумова сијалица 110 Њ | 280 |

| | |
|---|---|
| **Гевгелија вкупно:** | **1567** |
| **Негорци** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 155 |
| живини сијалици 250 Ђ | 8 |
| **Негорци вкупно:** | **163** |
| **Богородица** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 100 |
| живини сијалици 250 Ђ | 6 |
| **Богородица вкупно:** | **106** |
| **Мрзенци** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 60 |
| **Мрзенци вкупно:** | **60** |
| **Прдејци** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 69 |
| **Прдејци вкупно:** | **69** |
| **Моин** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 36 |
| **Моин вкупно** | **36** |
| **Ново Конско** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 38 |
| **Ново Конско вкупно:** | **38** |
| **Кованец** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 22 |
| **Кованец вкупно:** | **22** |
| **Серменин** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 15 |
| **Серменин вкупно:** | **15** |
| **Конско** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 19 |
| **Конско вкупно:** | **19** |
| **Смрдлива вода** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 34 |
| **Смрдлива вода вкупно:** | **34** |
| **Хума** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 37 |
| **Хума вкупно:** | **37** |
| **Миравци** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 180 |
| живини сијалици 250 Ђ | 10 |
| економик сијалици 30 Ђ | 16 |
| **Миравци вкупно:** | **206** |
| **Милетково** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 26 |
| **Милетково вкупно:** | **26** |
| **Петрово** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 38 |
| **Петрово вкупно:** | **38** |
| **Смоквица** | |
| живини сијалици 125 Ђ | 41 |

| | |
|---|---|
| живина сијалици 250 Ѓ | 3 |
| **Смоквица вкупно:** | **44** |
| **Габраво**<br>живини сијалици 125 Ѓ | <br>7 |
| **Габраво вкупно:** | **7** |
| **Давидово**<br>живини сијалици 125 Ѓ<br>економик сијалица 30ѓ | <br>52<br>6 |
| **Давидово вкупно:** | **58** |
| **Општина Гевгелија се вкупно:** | **2545** |

2.Табеларно претставени по видови на светилки за општина Гевгелија:

| **Ред.бр.** | **Општина Гевгелија** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| 1. | живини сијалици 125 Ѓ | **1838** |
| 2. | живини сијалици 160 Ѓ | **28** |
| 3. | натриумови сијалици 250 Ѓ | **199** |
| 4. | економик сијалици 30 Ѓ | **123** |
| 5. | живина сијалица 250 Ѓ | **77** |
| 6. | натриумова сијалица 110 Ѓ | **280** |
| | | |

3. Потребни материјали за одржување и проширување на јавното осветлување за 2012 година.

| **Р.бр.** | **Име на матрејалот** | **ЕМ** | **Кол.** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1. | Живини сијалици 125 Ѓ | бр. | 1000 |
| 2. | Живина сијалица 160 Ѓ | бр. | 100 |
| 3. | Живини сијалици 250 Ѓ | бр. | 60 |
| 4. | Живини сијалици 400 Ѓ | бр. | 30 |
| 5. | Сијалица ВТ 70Ѓ | бр. | 30 |
| 6. | Сијалица ВТ 150Ѓ | бр. | 30 |
| 7. | Натриумова сијалица 70Ѓ. | бр. | 50 |
| 8. | Натриумова сијалица 250 Ѓ | бр. | 150 |
| 9. | Натриумова сијалица 400 Ѓ | бр. | 20 |
| 10. | Натриумова сијалица 110Ѓ | бр. | 500 |
| 11. | Економик сијалица 30Ѓ | бр. | 200 |
| 12. | Натриумова сијалица 220ѓ | бр. | 100 |
| 13. | Натриумова сијалица 110ѓ | бр. | 500 |
| 14. | Халогена сијалица 500 Ѓ | бр. | 15 |
| 15. | Халогена сијалица 1000 Ѓ | бр. | 15 |
| 16. | Халогена сијалица 1500 Ѓ | бр. | 15 |
| 17. | Сијалица јодни 1000Ѓ | бр. | 10 |
| 18. | Сијалица јодни 1500Ѓ | бр. | 10 |
| 19. | Флуоресцентни цевки 40Ѓ | бр. | 10 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20. | Ампули за рефлектори 300Ќ | бр. | 30 |
| 21. | Неонка економик 23 Ќ | бр. | 40 |
| 22. | Флуоросцентна сијалица ПЛ55Ќ. | бр. | 10 |
| 23. | Сијалица Е14 мал винт, 60Ќ | бр. | 50 |
| 24. | Пригушница за надворешна монтажа 125 Ќ | бр. | 250 |
| 25. | Пригушница за внатрешна монтажа 125 Ќ | бр. | 200 |
| 26. | Пригушница за внатрешна монтажа 250 Ќ | бр. | 60 |
| 27. | Пригушница за внатрешна монтажа 400 Ќ | бр. | 10 |
| 28. | Пригушници 40Ќ | бр. | 20 |
| 29. | Пригушници ВТ 70Ќ | бр. | 20 |
| 30. | Пригушници ВТ 150Ќ | бр. | 20 |
| 31. | Пригушници ВТ 250Ќ | бр. | 20 |
| 32. | Пригушници ВТ 400Ќ | бр. | 20 |
| 33. | Комплет арматура 125 Ќ | бр. | 200 |
| 34. | Комплет арматура 250 Ќ | бр. | 50 |
| 35. | Комплет арматура 400 Ќ | бр. | 10 |
| 36. | Фасонки Е27-порцелански | бр. | 250 |
| 37. | Фасонки Е40-порцелански | бр. | 100 |
| 38. | Заштитно стакло Ф 200 | бр. | 300 |
| 39. | Форел со оптичко око | бр. | 15 |
| 40. | Оптичко око | бр. | 20 |
| 41. | Контактор 40А | бр. | 15 |
| 42. | Контактор 63А | бр. | 15 |
| 43. | Контактор 80А | бр. | 10 |
| 44. | Контактор 125А | бр. | 5 |
| 45. | Ел. броило 10/40А,220В трофазно еднотарифно | бр. | 4 |
| 46. | Ел. Броило 10/60А,220В трофазно еднотарифно | бр. | 4 |
| 47. | Тајмер со седмодневна меморија | бр. | 10 |
| 48. | Автоматски осигурачи 16А | бр. | 100 |
| 49. | Автоматски осигурувачи 25А | бр. | 100 |
| 50. | Автоматски осигурувачи 63А | бр. | 100 |
| 51. | Ножест осигурувач 63А | бр. | 50 |
| 52. | Ножест осигурувач 100-250А | бр. | 50 |
| 53. | Постолје за осигурувачи | бр. | 20 |
| 54. | Патрон 25А | бр. | 50 |
| 55. | Капа за осигурувач 25А | бр. | 50 |
| 56. | Гребенест прекинувач 25А | бр. | 20 |
| 57. | Комплет подножје за опална топка од 125 | бр. | 30 |
| 58. | Опална топка Ф-400 | бр. | 30 |
| 59. | Топка Ф 500/160 | бр. | 50 |
| 60. | Стега за кабел АЛ2х16 | бр. | 100 |
| 61. | Божур црево ф26мм | бр. | 20 |
| 62. | Кабелска глава за ПП00 | бр. | 20 |
| 63. | Кабел ПП00 4х35мм бакар | м | 100 |
| 64. | Кабел П/Ф 1х1,5мм | м | 100 |
| 66. | Кабел П/ф 1х2,5мм | м | 200 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 67. | Алкалекс кабел 1х16мм | м | 2000 |
| 68. | Алкалекс кабел 2х16мм | м | 5000 |
| 69. | Алаклекс кабел 4х16мм | м | 500 |
| 70. | Ињектор за натр. сијалица 250 Ђ | бр. | 30 |
| 71. | Метал халоген рефлектор 400 Ђ | бр. | 10 |
| 72. | Упаљач за метал халогена сијалиц 250-400Ђ | бр. | 10 |
| 73. | Фасонки за рефлектор со метал халогена сијал. | бр. | 10 |
| 74. | Изолирбан | бр. | 50 |
| 75. | Кабел РР-у-2х1,5мм2 | м | 100 |
| 76. | Кабел чевли за штраф 35мм | бр. | 60 |
| 77. | Кабел чевли за штраф 25мм | бр. | 60 |
| 78. | Телефонски кабел | м | 100 |
| 79. | Набавка на кабел РРОО - 4х16мм2 | м | 200 |
| 80. | Набавка на кабел РРОО - 4х10мм2 | м | 200 |
| 81. | Сува кабловска завршница за пресек на кабел до 35мм2 | бр. | 40 |
| 82. | Набавка на затегачи за Џ00/6 | бр. | 100 |
| 83. | Набавка на преносни гајки | бр. | 200 |
| 84. | Набавка на обрач за дрвен столб | бр. | 20 |
| 85. | Лира за арматуре 250ћ | бр. | 30 |
| 86. | Набавка на рефлектор тип: РТЗ НБ/400/70, производ со предспојни справи и со метал халогени сијалици тип: СОН-Т-400Ђ. Комплет со монтажа на | бр. | 5 |
| 87. | Силиконска жица 2,5мм | м | 100 |
| 88. | Светилки 125Ђ | бр. | 20 |
| 89. | Заштитни топки УЛ - 500 | бр. | 20 |
| 90. | Арматури 125Ђ УЛ - комплет | бр. | 10 |
| 91. | Стартери 40Ђ | бр. | 30 |
| 92. | Комбинирани Ал-Цу спојници 6-35мм | бр. | 100 |
| 93. | Заштитни топки Ф - 400 | бр. | 40 |
| 94. | Сенила за вандерми | бр. | 30 |
| 95. | Заштитна гума за вандерми | бр. | 30 |
| 96. | Подножје за УЛ арматура | бр. | 10 |
| 97. | Редна лустер клема 12/2,5-4 | бр. | 150 |
| 98. | Редна лустер клема 12/4-6 | бр. | 150 |
| 99. | Набавка на соларни трепкачи | бр. | 4 |
| 100. | Комбинирани Ал-Цу спојници 6-35мм | бр. | 50 |
| 101. | Елементи за батерија | бр. | 5 |
| 102. | Подножје ВЛ | бр. | 10 |
| 103. | Заштитен капак за канделабри | бр. | 10 |
| 104. | Набавка, на табличка со 4 приклучни места и еден осигурач 10-16А за заштита на сијалица со демонтажа на стара опрема во метални канделабри 4,5-12м со испуштање на кабел од канделабра до светилки | бр. | 10 |
| 105. | Плафонски сијалици 220ћ | бр. | 30 |
| 106. | Плафонски сијалици 12ћ | бр. | 30 |

Набавката и монтажата на материјалите ќе се вршат согласно Законот за јавни набавки.

Изборот на најдобар понудувач за одржување на јавно осветлување ќе го врши Комисијата за јавни набавки на Општинската администрација Гевгелија на јавен тендер.

**III.Електрична енергија за јавно осветлување**

Потрошувачката на електрична енергија во 2011 година, изнесува 151.817 кЊх во просек месечно односно за цела година 1.821.804 кЊх.

Според податоците од Подружницата на ЕВН-Гевгелија вкупниот број на корисници по електрични броила ( на кои им се фактурира и комунална такса за улично осветлување) изнесува:

- домаќинства 9214 , за кои комуналната такса изнесува 112.00 денари;
- правни субјекти 1210, за кои комуналната такса изнесува, 224.00денари.

**IV.Финансирање на јавното осветлување**

За функционирање на јавното осветлување ќе се обезбедат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2012 година од Програмата Ј3 и тоа:

-за потрошена електрична енергија 9.000.000,00 денари;

-за материјали за одржување на јавното осветлување и монтажа 3.700.000,00 денари; и

- **други оперативни расходи 100.000,00 денари.**

**Вкупно средства за реализација 12.800.000,00 денари.**

**За реализација на програмата надлежен е Градоначалникот на општината.**

**V.**Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3689/1<br>28.12.2011 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ"бр.111/08,64/09,88/10,130/10, 23/11 и 53/11г) и член 38 став 1 точка 15 од Статутот на општина Гевгелија(„Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 и 8/10 год.),Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2012 година

### I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2012 година, и тоа:

Вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временски рокови за извршување, динамика и начин на вршење на работите, обезбедување на јавни санитарни јазли и поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Согласно одредбите на Законот за јавна чистота, одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејност

од јавен интерес од локално значење, и претставува обврска на единиците на локалната самоуправа.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини во општината го врши ЈПКД „Комуналеце" Гевгелија и ЈП за водовод и комуналии „Миравци"Гевгелија.

**II. ВИД ОБЕМ ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ**

Одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се врши:

Во централното градско подрачје, утврдено со ГУП, секој ден на улиците, тротоарите, плоштадот - шеталиштето, паркиралиштата и на "Булевар Гевгелија"од 5 до 7 часот во периодот од 1.04. до 31.10. во текот на годината (летен период) и од 6 до 8 часот во приодот од 1.11. до 31.03. во текот на годината (зимски период).

Јавните површини во останатите делови од градот ќе се метат еднаш неделно.

Во населените места за кои е донесена урбанистичка документација, на јавната површина во центарот на населбата и влезната улица, јавната чистота ќе се одржува еднаш неделно, а во другите делови еднаш месечно.

Во туристичкиот локалитет Смрдлива Вода јавната чистота во центарот на локалитетот ќе се одржува секој ден во текот на целата година.

Одржување на јавната чистота со миење на улиците ќе се врши секој ден во летниот период на јавните површини во центарот на градот, а во зимскиот период по потреба (зависно од временските услови).

Во останатите делови од градот, како и влезните улици и центарот на населените места ќе се мијат по потреба.

Јавната чистота на јавните површини ( парковите, уличните тревници, дрвоардите) ќе се врши во летниот период секој ден, а во зимскиот период по потреба.

**III. ПОСТАВУВАЊЕ НА САДОВИ ЗА ОТПАД И ИЗГРАДБА НА ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ**

За одржување на јавната чистота на јавните површини во градот и населените места ќе се постават садови-корпи за фрлање на отпадоци, како и контејнери за собирање на отпадот, а се планира да се изградат и неколку јавни санитарни јазли.

Со програмата се планира да се изградат нови јавни санитарни јазли крај Градскиот стадион, на паркинг просторот пред Алатницата во Гевгелија, и на пазариштето во Миравци.

**IV.ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија за 2012 година, и истите изнесуваат 4.300.000,оо денари, и тоа:

1.Метење на улици ........................................................................ 1.000.000,оо ден.
2.Миење на улици ......................................................................... 1.100.000,оо ден.
3.Изградба на јавни санитарни јазли ........................................ 1.000.000,оо ден.
4.Набавка и поставување на садови за фрлање на отпадоци и друга опрема ....................................... 1.200.000,оо ден.

**Вкупно: ........................ 4.300.000,оо ден.**

Средствата за одржување на јавна чистота предвидени во точка 1 и 2 ќе се обезбедат од Програма Ј4, а средствата за набавка и поставување на садови за фрлање на отпадоци и изградба на јавни санитарни јазли ќе се обезбедат од Програма ЈК0-јавна чистота (капитални расходи).

**V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за одржување на јавната чистота на општина Гевгелија за 2012 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3690/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов s.r.***

Врз основа на член 3 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМее бр.45/97,23/9945/06 и 16/04 год.) и член 38 став 1 точка 15 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелијаее бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.12.2011 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во општина Гевгелија за 2012 година

**I.ВОВЕД**

Интегрираното сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки, а со цел за превентивни и куративни мерки, кои се превземаат за сузбивање или намаливање на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот. Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат на човечкото тело, причинители се на алергиски реакции, делуваат токсично и предизвикуваат болести кај граѓаните.

Што се однесува до ерадикацијата, редовно се преземаат мерки за намалување на животните скитници кои ги има во општина Гевгелија и истите претставуваат опасност по здравјето и животот на луѓето, особено децата.

**II. ЦЕЛИ**

Заради заштита на населението во општина Гевгелија од заразни болести, штетници и животни скитници, потребно е преземање соодветни мерки во текот на 2012 година. Со планираните активности според оваа програма ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во градот и населените места во општина Гевгелија.

**III.АКТИВНОСТИ**

Во 2012 година, за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми, штетници и животни скитници општина Гевгелија ќе ги преземе следните активности:

| | Мерки и активности | Место и локација | Планирани Средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | Основни училишта, детски градинки, јавни отински установи и др. објекти. Дезинсекција против комарци со аерозапрашување на територијата општина Гевгелија. | 1.000.000,оо |
| 2. | Ерадикација на животни скитници | во Гевгелија и во населените места | 300.000,оо |
| | **Вкупно денари : 1.300.000,оо** | | |

**IV.ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2012 година-Програма Ј0 Подпрограма Ј80-други комунални услуги.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3690/1
28.12.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 17/2011 и 53/2011 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.12.2011 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

**за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на**

**Општ дел**

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр. 17/2011 и 53/2011 год.), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, оштините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено или неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиштето на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановаат други стварни права.

А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на општина Гевгелија дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2012 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети:

1.За индивидуално домување

-Гевгелија, локалитет Караорман, ДУП за 9-та У.Е., Одлука бр. 08-68/4 од 24.02.1995 година;

-Гевгелија, локалитет "Касарна""ДУП за јужен дел на градот Гевгелија Одлука бр. 08-187/4 од 20.05.1993 година".

Гевгелија, локалитет "Сува Река""ДУП за јужен дел на градот Гевгелија Одлука бр. 08-187/4 од 20.05.1993 година".

2.Времено домување

-Гевгелија, ДУП за дел од УБ 5 плански опфат ,,А,, Одлука бр. 07-1617/1 од 11.05.2010 година.

3.Колективно домување

-Гевгелија, ДУП за градско централно подрачје. Одлука бр. 07-1830/1 од 8.07.2011 година".

-Гевгелија, локалитет "Сува Река""ДУП за јужен дел на градот Гевгелија Одлука бр. 08-187/4 од 20.05.1993 година".

4.Лесна индустрија и мало стопанство

-Негорци - локалитет Блокотехна, ДУП за стопанска зона, Одлука бр. 08-124/4 од 28.04.1994 година.

5.Комерцијални и деловни објекти

-Богородица, локалитет „Милци,, - урбанистички план вон населено место за мултинаменски комплекс, Одлука бр.07-554/1 од 10.02.2010 година;

-Богородица, урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, Одлука бр. 07-720/1 од 15.03.2011 година.

6.Спорт и рекреација

-Богородица, урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, Одлука бр. 07-720/1 од 15.03.2011 година.

7.Комерцијални и деловни објекти

-Гевгелија, ДУП за градско централно подрачје. Одлука бр. 07-1830/1 од 8.07.2011 година",

-ДУП за ИВ,ВИИ и дел од В станбена единица. Одлука бр. 01-144/1 од 2.03.1978 година".

Б)Основи за изработка на Програмата

- Законски основ

  Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа („Службен весник на РМ,, бр.5/2002), Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ,, бр. 17/2011 и 53/2011) и член 38, став 1, точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија,, бр. 25/06 и 8/10)

- Основни плански документи

- Стратегија за локален одржлив развој на општина Гевгелија за плански период од 2006 до 2011 година

Општина Гевгелија е надлежна за локалниот економски развој на подрачјето на својата територија, што подразбира:

- Планирање на локалниот економски развој;
- Утврдување на развојните и структурните приоритети и
- Водење на локалната економска политика.

Овој документ вклучува три стратешки компоненти, кои се меѓусебно поврзани и хармонизирани една со друга:

a) Локална проценка;

b) СВОТ Анализа - во три сектори: Инфраструктура, одржлив економски развој и квалитет на живот;

c) Стратешки планови - вклучувајќи визија, стратешки цели, развојни цели и преглед на програмите и проектите.

Стратегијата идентификува приоритетни области и стратешки избори, истата поставува широка рамка за економски, социјален и културен развој на општина Гевгелија за периодот 2006 - 2011 година. Сепак, потребна е понатамошна елаборација за креирање на планови за имплементација кои ќе ги дадат деталите за програмите и проектите, учесниците во активностите, финансиски планови, предвидувања и ризици, развојни индикатори и временски проценки. Како што Република Македонија се движи кон ЕУ интеграциите, подобрените капацитети на локалните учесници ќе бидат искористени за интегрирање и хармонизирање на стратегијата со новите европски, национални и регионални политики.

Локален еколошки акционен план на општина Гевгелија, донесен на 09.05.1998

Цели на локалниот еколошки акционен план на општина Гевгелија се:

7. Одредување, проценка и рангирање на Еко проблемите во општината врз основа на релевантниот ризик по човечко здравје, животна средина и квалитет на живеењето.
8. Создавање на таков ЛЕАП што ќе ги одреди специфичните стратегии и активности за намалување на најсериозните ризици во средината.
9. Подобрување на севкупните еколошки услови во општината и штедењето на парите и жителите преку нискобуџетски стратегии и добри резулатати со најмали трошоци.
10. Промовирање на јавната свест, разбирање и одговорност за заштита на животната средина и зголемена јавна подршка за еколошки инвестиции (решенија).
11. Зајакнување на можностите како на локалната самоуправа така и на ниво на Невладини организации (НВО) за управување со имплементирање на

еколошките проблеми вклучувајќи ја нивната способност за привлекување и на странски финансиски средства (инвестиции).

- Потстратегија за рурален развој на општина Гевгелија за плански период од 2008 до 2013 година

Визија

Создавање целосно инкорпориран и финансиски стабилен регион со услови за квалитетно живеење и работење.

Мисија

Подобрување на квалитетот на животот во руралната заедница преку:

- Создавање услови за одржлив социо-економски развој;
- Ефикасни институции;
- Јавни - приватни партнерства;
- Развиен бизнис сектор;
- Ефикасно управување со природни ресурси и инфраструктура и
- Зачувување на традиционални вредности.

Цели на потстратегијата за рурален развој

Специфични цели

- Да се анимира територијата и локалната работна сила (локални оператори / субјекти);
- Да се оддржи локално претприемништво;
- Да се подобри менаџментот и комерцијалните капацитети на локалните фирми;
- Да се зголеми вработувањето;
- Да се заштитат природните и културните ресурси низ призмата на интегрираниот развој на територијата;
- Да се подобрат услугите за руралната популација за да се подобри квалитетот на живеење;
- Да се преквалификуваат човечките ресурси.

Социјални цели

- Да се промовираат иницијативи;
- Да се создадат (ресоздадат) врски;
- Да се мобилизираат човечките и финансиските ресурси;
- Да се преразгледат и надминат традиционалните шеми.

Производствени цели

- Да се создадат нови субјекти и основни услови за рурален развој;
- Да се модернизираат структурите;
- Да се подобрат условите за производство.

- Туристички акционен план на општина Гевгелија и општина Валандово

Развојот на туризмот ќе биде остварен со креирање на линкови помеѓу сите стопански и нестопански сектори (производен, трговски, културен, невладин, образовните институции и верски установи) се со цел, поддршка на јавните и приватните иницијативи за креирање на конкурентни низи од активности кои што се перспективни на подолг рок, поради остварување на економските и социјалните придобивки во регионот.

Стратешки цели:

1. Збогатување на туристичката понуда на регионот (настани, активности и туристички услуги)
2. Да се подобри туристичката инфраструктура;
3. Да се зголеми туристичкиот маркетинг и промоција;
4. Развивање на човечки ресурси во правец на унапредување на туризмот
5. Да се зголеми развојот и инвестициите во туризмот.

- Генерален урбанистички план на град Гевгелија за плански период од 2006 до 2016 година.

Просторната организација на градот подразбира дефинирање на одделни урбани содржини и инфраструктурни системи во рамките на комплексниот социоекономски и просторен систем на градот. Преку усвоените модели во чии рамки ќе се одвива развојот на најважните градски функции се предвидува подобрување на стандардот на домување, просторно дооформување на стопанските зони и нивно инфраструктурно екипирање, просторна дисперзија на нестоипанските дејности и функции на општествената надградба, оптимализирање на услови за одмор, рекреација и спортување, екипирање на градот со комунални инфраструктурни системи, прилагодување на сообраќајниот систем, заштита на културно-историското и градителско наследство на градот и примена на системот за управување на животната средина.

- Програма за изработка на урбанистички планови за 2012 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. ..../11 год.)

В) Лица вклучени во изработка на Програмата
1.Станка Карајанова - Раководител на Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина
2.Панче Ќиров, советник за планирање на просорот
3.Лидија Картова, советник - овластен урбанистички инспектор
4.Благица Митрова, советник за уредување на градежно земјиште, патишта и улици
5.Тони Николов, помлад соработник за изработка на проекти

## Глави на програмата:

1.Цели на Програмата

- Општи цели на Програмата

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој

- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети
  Заинтересираните граѓани на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработувања на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2.Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)

- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање на тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели.

- Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план.

  А.Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање

x

29.12.2011 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.31 стр.671

29.12.2011 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.31 стр.672

29.12.2011 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.31 стр.673

29.12.2011 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.31 стр.674

29.12.2011 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.31 стр.675

29.12.2011 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.31 стр.676

29.12.2011 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.31 стр.677

29.12.2011 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА БР.31 стр.

б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање

Табела со следните информации:
-број на градежна парцела
-вкупна површина на градежна парцела
-намена на земјиштето (основна класа)
-намена на земјиштето (опис)
-броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела
-површина за градба
-бруто развиена површина
-процент на изграденост
-коефициент на искористеност на земјиштето
-максимална дозволена висина
-катност
-почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина
-вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина, и
-времетраење на закупот.

в. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно надавање

Табела со следните информации:
-број на градежна парцела
-вкупна површина на градежна парцела
-намена на земјиштето (основна класа)
-намена на земјиштето (опис)
-броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела
-површина за градба
-бруто развиена површина
-процент на изграденост
-коефициент на искористеност на земјиштето
-максимална дозволена висина
-катност
-почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина
-вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина, и
-времетраење на закупот.

г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство

Табела со следните информации:
-број на градежна парцела
-вкупна површина на градежна парцела
-намена на земјиштето (основна класа)
-намена на земјиштето (опис)
-броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела
-површина за градба
-бруто развиена површина
-процент на изграденост
-коефициент на искористеност на земјиштето
-максимална дозволена висина
-катност

-основ за давање на земјиштето на користење (концесија или ЈПП)
-заинтересирано правно лице (компанија),
-предвидени услови за договорот.
(Табелите ќе се изработат по изработка на Геодетски елаборати).

3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

- Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
- Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна група на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни. Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

4.Динамика на реализација на Програмата

- Број на турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на Програмата да се објават во четри турнуси, и тоа во по еден турнус во секој квартал од 2012 година.

- Пропишување на условите за надавање

Постапката за отуѓување се спроведува согласно Законот за градежно земјиште со електронско наддавање на интернет страницата њњњ.гевгелија.гов.мк со претходно дадена објава од страна на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање во:

- два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата, и
- "Службен весник на РМ"

Висината на депозитот за учество во јавното наддавање изнесува 10% до 30% од вкупната почетна цена за јавно наддавање.

На денот на јавното наддавање учесниците се легитимираат со лични исправи /лична карта или патна исправа/ и уредно полномошно за полномошниците.

Јавното наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник а јавното наддавање ќе биде успешно доколку има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена за отуѓување на градежното земјиште.

Наддавањето се врши „чекорно„ со зголемување на вредноста со секој ,,чекор,, не помалку од 50,00 ден. по м2.

Рокот за поднесување на пријавата за учество во јавното наддавање е 30 календарски дена сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријава за земјиштето.

Депозитот за учество на јавно наддавање се враќа на подносителот на пријавата за учество на јавното наддавање во целост, во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање.

Депозитот за учество на јавно наддавање на најповолниот понудувач му се враќа намален за 10% одреден за трошоци на постапката во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање за отуѓување на градежното земјиште, односно за едногодишна закупнина.

- Лица надлежни за реализација на Програмата

Лицата кои ќе ги спроведуваат постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост Република Македонија, кои задолжително треба да поседуваат овластување, се следните:

1.Станка Карајанова - Раководител на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина
2.Панче Ќиров, советник за планирање на просорот
3.Лидија Картова, советник - овластен урбанистички инспектор
4.Благица Митрова, советник за уредување на градежно земјиште, патишта и улици
5.Благој Ристов, виш соработник за јавни набавки

5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони во тоа населено место или локалитет.

| | |
|---|---|
| - Гевгелија, 9-та У.Е. ,,Караорман,, | 2.937.855 ден. |
| - Гевгелија, Касарна | 549.000 ден. |
| - Гевгелија, Сува Река | 4.979.125 ден. |
| - Гевгелија, централно подрачје | 10.488.000 ден. |
| - Гевгелија, "Сува Река" | 5.372.271 ден. |
| - Гевгелија (Пазар) | 0 ден. |
| - Гевгелија, дел од УБ 5 | 922.500 ден. |
| - Негорци, „Блокотехна ,, | 1.549.800 ден. |
| - Богородица ,,Милци,, | 19.680.000 ден. |

- Богородица, граничен премин 29.289.600 ден.
- Богородица, спортски терени 391.999.770 ден.

Вкупно приходи: 467.767.921 ден.

12. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

-трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште 45.686.752 ден.

-трошоци по основ на експропријација 82.800.000 ден.

-трошоци по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица 0 ден.

-трошоци за промовирање односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште 60.000 ден.

Се вкупно: 128.546.752 ден.

7. Преодни и завршни одредби

- Програмата ја усвојува Советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на јавувањето во ,,Службениот гласник на општината,,.

Бр.07-3687/1<br>
28.12.2011 год.<br>
Гевглија

Претседател<br>
на Советот на општина Гевгелија,<br>
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 22 и 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07,91/09,124/10,18/11 и 53/11 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.12.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување Нацрт-Детален урбанистички план за Урбан блок 10.2, општина Гевгелија за плански период 2011-2016 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за Урбан блок 10.2, општина Гевгелија за плански период 2011-2016 година со графички приказ на планот и текстуален дел (Во натамошниот текст: Нацрт-Детален урбанистички план).

**Член 2**

Нацрт-Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 21.2ха.

Границата на зафатот е:

На североисток: осовина на ул."Индустриска"

На југоисток: осовина на ул."Булевар Гевгелија"

На југозапад: осовина на ул."7-ми Ноември"

**Член 3**

Просторот опфатен со Нацрт-Деталниот урбнистички план е со следната намена:

1.Комерцијални и деловни намени (група на класа на намена - Б)

-Б1 - мали комерцијални и деловни намени

-Б2 - големи трговски единици

-Б4- деловен простор

2.Јавни институции (група на класа на намена - В)

-В4 - државни институции

3.Производсто, дистрибуција и сервиси (група на класа на намена - Г)

-Г2 - лесна незагадувачка индустрија

-Г3 - сервиси

4.Зеленило, спорт, рекреација и мемоијални простори (група на класа на намена Д)

-Д2 - заштитно зеленило

5.Инфраструктура (група на класа на намена Е)

-Е1 - комунална инфраструктура

-Е2 - комунална супраструктура

**Член 4**

По Нацрт-Деталниот урбанистички план ќе се спроведе јавна презентација и јавна анкета.

Јавната презентација и јавната анќета ќе ја организира Градоначалникот на општината согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3712/1<br>28.12.2011 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) и Одлуката за превземање на основачките права и утврдување како Општинска јавна установа

Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.14/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување и финансирање на Буџет на**
**ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2012 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува и финансира Буџетот на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2012 година предложен од Управниот одбор на јавната установа на седницата од 28.11.2011 година.

**Член 2**

Буџетот, составен дел на оваа одлука,ќе се финансира од Буџетот на општина Гевгелија за 2012 година во износ од 2.946.360,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3707/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 28/99, 49/03, 82/05 и 24/07 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програма за работа на ЈОУ**
**Пионерски дом"Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2012 година**

1.Се усвојува Програмата за работа на Јавната општинска установа-Пионерски дом"Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2012 година предложена од Управниот одбор на јавната установа на седницата од 28.11.2011 година.

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3708/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

# О Д Л У К А
## за усвојување и финансирање на Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија за 2012 година

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува и финансира Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија за 2012 година

**Член 2**

Програмата, составен дел на оваа одлука, ќе се финансира од основниот Буџет на општина Гевгелија за 2012 година во износ од 2.340.000,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3706/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

## Локален оперативен план за родова рамноправност во општина Гевгелија за 2012 година

**I. Вовед.**

Глобално и стратешки основите на локалната политика во сферата на поттикнување, развивање и јакнење на родовата рамноправност се поставени во Локалниот акционен план за родова рамноправност 2010-2015 година донесен од страна на Советот на општина Гевгелија.

Според истиот, заради суштинска имплементација на целите поставени во него, се предвидува Советот на општина Гевгелија за секоја фискална година да носи посебен опреративен план во кој ќе бидат предвидени приоритетни активности и буџетски средства за реализација на истите.

Првиот ваков оперативен план Советот на општина Гевгелија го донесе во декември минатата година и се однесуваше за 2011 година. Една година искуство и активности на планот на превземање мерки и активности за еднакви можности меѓу половите е скромен период за давање релевантна оценка за успешноста од работењето во оваа сфера. Сепак, за одбележување е фактот што, благодарение на веќе воспоставените локални нормативни рамки (Донесени Локален акционен план за родова рамноправност, Оперативен план за 2011 и функционална Комисија за еднакви можности) општина Гевгелија успеа да влезе како партнер во проектот ,,Јакнење на свесноста за родовата еднаквост и вклучување во процесите при градење на политики,, финансиран од ИПА 2008 ЕУРОПЕАИД 130334/Л/АЦТМК програмата, спроведуван од Мекедонското женско лоби во партнерство со Институтот ЕУРОПЕУМ од Р. Чешка во соработка со ДЕСИДЕ од Р. Македонија. Главната цел на овој проект беше да се поддржат општините, т.е. општинските комисии за еднакви можности во исполнување на

нивната законска обврска за развивање на локалните акциски планови за еднакви можности. Во таа смисла, во текот на 2011 година, Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Гевгелија зеде активно учество во неколку регионални состаноци (во проектот беа вклучени 8 општини од државата) заедно со претставници на Македонското женско лоби и локални НВО-ии, Месни заедници и други заинтересирани субјекти. Исто така, во рамки на проектот беа одржани и две работилници а завршна активност на самиот проект е студиски престој во Р. Чешка. Главните теми на сите овие состаноци и работилници беа околу ефикасното и партиципативно воведување на родови прашања во политиките на локално и национално ниво, односно преку разгледување и размена на различни искуства присутни во различни општини во државата но и искуства од Република Чешка, да се обучат Локалните Комисии за еднакви можности да утврдуваат приоритети и да изготвуваат оперативни планови.

**II. Стратешки области и цели** *(извадок од Локалниот акционен план за родова рамноправност на општина Гевгелија 2010-2015)***.**

**1. Стратешки области на дејствување.**

Поагајќи од Уставните вредности, законските норми и одредбите соджани во Националниот план за акција за родова рамноправност (НПРР), Локалниот план за акција за родова рамноправност на општина Гевгелија ги опфаќа следниве стратешки области:

1. Човекови права;
2. Одлучување;
3. Здравје;
4. Социјална заштита;
5. Образование;
6. Вработување;
7. Справување со насилство;
8. Медиуми;
9. Мировни активности;
10. Животна средина.

**III. Дефинирани приоритети за 2012 година.**

Како резлутат на учеството на општина Гевгелија во претходно споменатиот проект, Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Гевгелија, преку една широка дебата во која учествуваа сите заинтересирани и релевантни субјекти од подрачјето на општината (НВО-ии, претставници на Центар за социјална работа, Месни заедници, поединци и други субјекти) ги дефинира приоротетите за 2012 година кои се сржта на овој Локален оперативен план за родова рамноправност за 2012 година.

**ДЕФИНИРАНИ ПРИОРИТЕТИ ЗА ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА 2012 ГОДИНА**

| СТРАТЕШКА ОБЛАСТ | СТРАТЕШКА ЦЕЛ | АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНОСТ | БУЏЕТ |
|---|---|---|---|---|
| **I. СПРАВУВАЊЕ СО НАСИЛСТВО** | I.1. Подигање на свеста и информираност за форми на насилство и механизми за превенција и заштита | 1.1. Организирање на терибина за форми на насилство, мерки за пријавување и механизми за заштита вклучувајќи ги и образовните институции преку НВО | КЕМ да подготви опис и критериуми на услугата а општината да организира тендерска процедура за НВО кои би ги реализирале овие активности | |
| | | 1.2. Подготвување на информативен материјал / ТВ спот и емитување на локални медиуми; | КЕМ, ЛС | |
| | | 1.3. Формирање на локална мрежа на засегнати страни за превенција од насилство (мобинг); | КЕМ, МВР, МЦСР, Здравствени институции, училишта итн. | |
| | | 1.4. Отварање на СОС линија | КЕМ, општина преку НВО | |
| | | **Буџетски средства потребни за реализација на активностите од област I:** | | 80.000,00 |
| **II. ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНИТЕ** | II. 2. Подигање на правната заштита на вработени жени – подобрување на информираноста | 2.1. Спроведување анонимна анкета и идентификување на причини и форми на непочитување на правата на работничките. Целна група на анкетата би била жени работнички, работодавци и трудова инспекција | КЕМ да подготви опис на цели и критериуми за селекција а општината да организира тендерска процедура за селекција на организација/компанија која би ја изготвила анализата. | |
| | | 2.2. Организирање на работен состанок со трудов инспектор за отварање на дискусија за проблемот и неговото решавање | КЕМ преку координаторот да го организира состанокот | |
| | | 2.3. Организирање на трибина/дебата за информирање на жени и мажи за нивните | КЕМ да дефинира услови и критериуми а НВО да | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | и свесност за правата од работен однос на жени работнички од рурални средини | права од работен однос вклучувајќи го и правото на синдикално организирање. | организира трибина, инволвирање на правници - волонтери | |
| | | 2.4. Организирање на годишна манифестација и награда ,,најголем почитувач на работничките права,, | Градоначалник, КЕМ | |
| | | 2.5. Печатење на информативни материјали (брошури и флаери) за правата на вработените | КЕМ преку договор со НВО | |
| | | 2.6. Изработка на анализата за состојбите, положбата, статусот на жени вработени во општина Гевгелија (пазар на труд, капитал и работно време); | КЕМ преку договор со НВО/консултант | |
| | | 2.7. Информирање на женската популација за Активни мерки на пазарот на трудот-самовработување, формализација, субвенција. | КЕМ, Агенција за вработување | |
| | II.3. Зајакнување на жените во одлучувачките / менаџерски позиции | 3.1. Креирање на политики и мерки на ниво на општина за поттикнување на поставување на жените на раководни позиции во јавни и приватни претпријатија; | КЕМ, Совет на општината | |
| | II.4. Зголемување на вработливост на млади мажи и жени | 4.1. Организирање на курсеви за пишување CV, мотивациско писмо, странски јазици, работа со компјутери | КЕМ во соработка со Агенцијата за вработување и НВО | |
| **Буџетски средства потребни за реализација на активностите од област II:** | | | | 70.000,00 |
| **III. ЗДРАВЈЕ** | III. 5. Подобрување на здравствената заштита на жени и млади девојки | 5.1. Организирање на едукативна работилница за сексуално здравје во средните училишта | КЕМ, Директори на средни училишта и претставници на здравствен дом | |
| | | 5.2. Изработка на карта на најчести заболувања во општината | КЕМ, во соработка со здравствени институции кои функционираат во општината, Институт за јавно здравство, | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Министерство за здравство | |
| | | 5.3. Организирање серија на едукативни работилници за ученици од 6 и 7 одделение за штетното дејство на дрогата тутунот, алкохолот, ХИВ, сексуално преносливи болести и заштита од несакана бременост | КЕМ, директори на основни училишта, здравствени работници | |
| | III. 6. Унапредување на менталното здравје на граѓаните од општина Гевгелија | 6.1. Организирање трибина за ризик фактори и превенција | Здравствени институции, НВО | |
| | | 6.2. Организирање средби во Центар за ментално здравје со семејства кои имаат членови со ментални растројства | Центар за ментално здравје, НВО | |
| | | 6.3. Медиумска кампања за еднаков пристап кон услугите на здравствените институции | НВО | |
| **Буџетски средства потребни за реализација на активностите од област III:** | | | | 80.000,00 |
| **IV. ЖИВОТНА СРЕДИНА** | IV. 7. Подигање на свеста за придобивките од здрава животна средина | 7.1. Организирање на јавна дебата со претставници на Месните и урбани заедници на тема чиста и здрава животна средина | КЕМ, Комунален инспектор, Инспектор за животна средина | |
| | | 7.2. Организирање на едукативна работилница за сите заинтересирани субјекти (преку јавен повик) за правилно управување со смет – цврст отпад; | КЕМ, Јавно комунално претпријатие | |
| | **Буџетски средства потребни за реализација на активностите од област IV:** | | | 30.000,00 |
| I + II + III + IV | **Вкупно Буџетски средства потребни за реализација на Програмата:** | | | 250.000,00 |

**IV. Имплементација.**

Одговорни субјекти за имплементација на оперативниот план за 2012 година се Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Гевгелија и координаторот за еднакви можности. Нивна обврска и одговорност е да креираат, иницираат и организираат реализација на политики, активности и проекти согласно Локалниот акционен план за родова рамноправност, да предлагаат усвојување и да ја менаџираат реализацијата на мерки кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера.

Бр. 07-3710/1 Претседател
28.12.2011год. на Советот на општина Гевгелија
Гевгелија ***Александар Тодов s.r.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2012 ГОДИНА**

**I. ВОВЕД**

Продлабочувањето на процесот на децентрализација во делот на социјалната заштита налага поорганизиран пристап во решавање на проблемите кои произлегуваат од оваа тематика. По завршувањето на првата фаза од процесот на децентрализација во локалните самоуправи во делот на социјалната заштита, Министерството за труд и социјална политика, стави акцент на имплементирање на Законот за социјална заштита односно во делот на создадените обврски кон општините да организираат и обезбедат социјална заштита согласно специфичните потреби за социјалната заштита за своите граѓани.

Планирањето на локалниот развој и децентрализацијата ја создадоа потребата од квалитетни индикатори за следење и анализа на социјалните аспекти на човечкиот развој на национално, односно општинско ниво, конкретно во областа на социјалната сфера.

Според мислењето на повеќето експерти, децентрализацијата во делот на социјалната сфера е една од покомплексните и на неа треба да и се обрне поголемо внимание, со оглед на тоа што резултатите кои беа постигнати досега укажуваат на фактот дека општините, се недоволно подготвени (во поглед на човечки и технички ресурси) самостојно да ја спроведуваат целокупната надлежност во оваа сфера.

Од друга страна, Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во својот делокруг на јавни овластувања ги врши работите кои се утврдени со закон и истите ги прави во координација со општините во подрачјето каде што има надлежност.

Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Гевгелија е одговорен за спроведување на програмите на Министерството за труд и социјална политика на територијата на општините Гевгелија, Богданци и Дојран каде што живеат вкупно 35 121 жител.

Според тоа, о**сновна цел** на оваа Програма е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Помеѓу другото, оваа програма ја регулира и поблиската соработка помеѓу централната власт претставувана од министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа, со локалната власт, на полето на социјалната заштита.

Основен документ со кој е уредено остварувањето на социјалната заштита во Република Македонија е **Законот за социјална заштита (**„Службен весник на Република Македонија " бр 21/06)**.** Според овој закон, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со овој закон, преку донесување **сопствени Развојни програми за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита** (за лица со телесна попреченост, децата без родители и родителска грижа, децата со посебни потреби, децата на улица, децата со воспитно социјални проблеми, децата со еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата засегнати со злоупотреба на droги и алкохол, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување на лицата изложени на социјален ризик, подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјална заштита) и ги обезбедуваат обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита.

Од аспект на надлежноста на единиците на локалната самоуправа во областа на социјалната заштита, од особена важност е **Законот за Локалната самоуправа** каде во член 22 (став 7), општините помеѓу другото, се надлежни и за **Социјална заштита и заштита на деца**

Покрај овие два закони, од значење за креирањето на локалните политики во сферата на социјалната заштита е и **Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа** кој ги дефинира и поединечно ги разработува изворите на приходи и тоа како сопствените приходи на општините, така и оние што се обезбедуваат како трансфери од Буџетот на Републиката и буџетите на фондовите и можноста за финансирање преку задолжување.

Исто така, во планирањето на социјалната заштита на локално ниво свое значење има и Законот за меѓуопштинска соработка, согласно кој општините можат да основаат заедничка јавна установа и од областа на социјалната и детската заштита.

## II. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Социјалната заштита, како организирана дејност од страна на државата и локалната самоуправа, која има за цел да се спречат и надминат основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот, семејството и групи население во текот на животот, најчесто ги третира следниве ризици:

- Ризици по здравје ( болест, повреда и инвалидност )
- Ризици од стареење ( старост и преживување )
- Ризици по мајчинство и семејство
- Ризици од невработеност и професионална неадаптираност и
- Ризици од неадаптираност кон социјалната средина.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност. Односно ќе обезбеди организирање на социјалната заштита преку организирање и развивање на облици и форми на давање социјални услуги на одделни групи на граѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик.

## III. ОСНОВНИ НАЧЕЛА И ПРИНЦИПИ ВО СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Системот на социјалната заштита се засновува врз начелата на:

1. Социјална праведност и солидарност;

2. Давање посебна заштита на немоќните и на неспособните за работа;
3. Посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа.

## IV. АНАЛИЗА НА ФАКТОРИТЕ БИТНИ ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА СЛИКА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

### 1. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Подрачјето на општина Гевгелија зафаќа површина од 485 км со населеност од 47 лица на 1 км. Општината има 22.988 жители од кои 97 % се од македонската национална припадност. Подрачјето се карактеризира со мал наталитет, кој што беше во опаѓање се до 2005 година за кога постојат податоци.

На подрачјето на општина Гевгелија функционираат следните институции од областа на социјална заштита:

- Регионален центар за социјална работа Гевгелија (општина Гевгелија, Богданци, и Дојран ) – Министерство за труд и социјална политика.
- Центар за ментално здравје Гевгелија - Министертсво за здравство.
- Дневен Центар за деца со посебни потреби - Министерство за труд и социјална политика.
- Центарот за превенција и третман од зависности од дрога-Министерство за здравство и Министерство за труд и социјална политика**.**

### 2. КОМПАРАТИВНИ ПОДАТОЦИ КОИ ЈА ДЕФИНИРААТ СОЦИЈАЛНАТА СЛИКА ВО ОПШТИНАТА

| **Социјалната слика на општина Гевгелија во март 2006 година** | **Социјална слика на општина Гевгелија во март 2011 година** |
|---|---|
| 102 корисници на постојана парична помош, додека за цивилна инвалиднина 5 корисника; | 43 корисници на постојана парична помош, додека на цивилна инвалиднина 3 корисници; |
| 483 корисници за нега и помош од друго лице ( хронично болни ); | 323 корисници за нега и помош од друго лице ( хронично болни ); |
| 18 деца згрижени во социјални установи или други семејства; | 3 деца згрижени во социјални установи или други семејства; |
| 74 лица примаат посебен додаток, а евидентирани лица со посебни потреби има над 200; | 55 лица примаат посебен додаток, а евидентирани лица со посебни потреби има над 195; |
| 17 малолетни лица под старателство и 6 полнолетни лица; | 8 малолетни лица под старателство и 16 полнолетни лица; |
| 1 лице живее во старски дом; | нема лица кои живеат во старски дом; |
| 65 малолетници - деликвенти, | 30 малолетници - деликвенти; |
| 44 активни корисници на дрога кои се вклучени во метадонски третман (официјален број ); | 72 активни корисници на дрога кои се вклучени во метадонски третман ( бројка од Центар за ментално здравје ); |
| 20 деца на улица / восп. запоставени; | нема деца на улица / 7 восп. запоставени; |
| 222 семејства се корисници на социјална помош; | 82 семејства се корисници на социјална помош; |
| 43 семејства побарале помош од Советувалиштето за брак и семејство поради проблеми во бракот, 12 мислења до судот, 22 случаи регулирање и видување; | Нарушени брачни односи - Семејства кои побарале помош поради проблеми во бракот т.е средување пореметени семејни односи 12 ,Мислење за доверување на малолетни деца 13, Мислења до судот 8 ; |
| 6 случаи - пријави на семејно насилство врз жени и деца; | 30 случаи - пријави на семејно насилство врз жени и деца.; |

***SWOT АНАЛИЗА***

| **Јаки Страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| - Човечки ресурси (образовни профили од областите социјална работа, социологија, психологија, педагогија и медицина);<br>- Релативно мал број на лица корисници на правото на социјална помош;<br>- Потенцијални објекти кои со преадаптација би се користеле за реализирање на програми од социјалната заштита;<br>- Владини институции од обласа на социјална заштита;<br>- Висока покриеност со инсталации на домаќинства (водовод, струја, канализација ). | - Недостиг на финансиски средства;<br>- Немање доволно проекти;<br>- Недоволна техничка и кадровска опременост на државните институции (возило, стручен персонал);<br>- Недоволна информираност на вработените во локалната самоуправа за можностите;<br>- Мал процент на средства од државниот буџет за програми и проекти;<br>- Незаинтересираност и немотивираност за волонтерска работа. |
| **Можности** | **Закани** |
| - Меѓуопштинска соработка на ова поле;<br>- Активни здруженија, НВО од обласа на социјалната заштита<br>- Формирање на call центри;<br>- Прекугранична соработка и користење на нивни средства<br>- Соработка со меѓународни НВО и соработка на институциите од обласа на социјалата;<br>- Отворање на нови капацитети кои би ги намалиле социјалните тензии преку вработувањето;<br>- Редифинирање на односот на централната и локалната власт;<br>- Зајакнување на административните капацитети на општината преку формирање на одделение за социјална заштита;<br>- Воведување модерни софтверски ( ИТ) решенија за евиденција на лица изложени на социјалнен ризик;<br>- Интернационални организации и фондации кои донираат средства за социјални проекти. | - Изградбата на нови хотелско – туристички објекти – причина за појава на болести на зависности и неморал;<br>- Појава на облици на негативна култура (болести на агресивност, негација, некритичност);<br>- Голем процент на средства од државниот буџет се користат за директни парични плаќања;<br>- Појава на питачење (питачи од други градови) поради зголемениот број на шопинг туристи од соседна Грција;<br>- Зголемување на бројот на сиромашно население во државата. |

## V. Критериуми за избор на приоритети од социјална заштита во општина Гевгелија

Критериуми за избор на приоритети од социјална заштита во општина Гевгелија:

- Број на целната група;
- Непостоење на сличен или ист сервис или установа што може да ги задоволи потребите на конкретната целна група;
- Последиците од постоечкиот социјален проблем врз самата целна група и заедница;
- Очекуваните ефекти и резултати од активностите планирани во Акциониот План;
- Подготвеноста на општина Гевгелија со сите постоечки социјални сили и ресурси да се справи и влијае врз надминување, односно решавање на постоечките социјални проблеми во Општината;

## VI. ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛНИ ГРУПИ

Согласно претходно наведените критериуми трите целни групи кои се утврдени како приоритетни се:

1. **Лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции;**

Анализа направена во текот на 2011 година покажа дека најголемо зголемување има во категоријата на активни корисници на дрога. Показател за тоа е бројот на активни корисници на метадонска терапија во Гевгелија, и тоа од 44 корисници на метадонска терапија во Март 2006 бројот е покачен на 72 корисници на метадонска терапија во Март 2011 (податокот е од Центарот за ментално здравје – Гевгелија при Министерството за здравство на РМ).

Вкупната бројка на активни зависници од дрога во општина Гевгелија е околу 150 лица. Корисници на услугите на Дневниот центар за лица зависници од дроги е 25, но доколку се овозможат услови и воведат нови содржини овој центар би можел да прима поголем број на корисници на услуги.

Сето ова укажува на фактот дека оваа категорија на лица е сеуште една од приоритетните каде треба да се посвети најмногу внимание.

2. **Стари лица без семејна грижа – над 65 години;**

Старите лица се категорија на граѓани во општината на кои локалната самоуправа во иднина ќе им посветува поголемо внимание. Според статистичките податоци добиени како извор од Државниот завод за статистика, во поглед на популационата динамика на македонскиот простор, се констатираат мошне изразени регионални разлики. Стапката на пораст на населението е најмала во источно вардарскиот и југоисточниот регион каде припаѓа и општина Гевгелија. Во југоисточниот регион од вкупно 14 општини намалување на населението има во 8, што укажува на стареење на населението. Староснот состав на населението не само што е еден од показателите за достигнатиот развој на секое население, туку претставува и инструмент за осознавање на демографската иднина на едно подрачје или заедница. Анализата на промените во староснатa структура на населението, како и рангирањето на општините според индикаторите покажува дека со процесот на демографско стареење се зафатени поголем број од општините. Во стадиум на демографска зрелост е само општина Дебар. Сите овие аналитички податоци укажуваат на постоењето на стари лица и важноста од третман на оваа група граѓани во заедницата што се однесува на старите лица, како целна група за третман од областа на социјалната заштита на територија на општина Гевгелија.

Според податоците со кои располага општината, во општина Гевгелија има 323 корисници на право на туѓа нега од кои околу 210 се над 65 годишна возраст. Оваа бројка до 2010 година беше во благо опаѓање, но од почетокот на 2011 година е во пораст. Интересен е податокот дека околу 2/3 од вкупниот број на корисници на право на туѓа нега над 65 години се од женски пол.

Според истражувањата на терен, кај старите лица без семејна грижа се забележува недостаток во одржување на личната хигиена и на домовите, оставени се односно заборавени од блиските, запоставени од околината и немоќни се да се грижат за основните животни потреби.

Задоволни се од посетата на матичните лекари, кои што посети се доста ретки но значајни. Исто така, задоволни од Брзата помош и тоа како корисниците од Гевгелија, така и корисниците во селата кои напомнаа дека на повик доаѓа Брза помош и им ја дава потребната помош. Во анкетата наведоа дека сакаат да ги посетува лекар редовно, бидејќи треба поголем напор да се направи тие да се однесат на лекар ( станува збор за

инвалидни, неподвижни и остарени лица ). За нив секое подместување е напорно и тешко.

Исто така сакаат да им се носи готова храна, но како помош, а не за плаќање партиципација од нивна страна.

**3. Лица со ментална или телесна попреченост – над 26 години**

И покрај тоа што на национално ниво се воведува поголема медиумска кампања за помош на оваа категорија на лица, состојбите од терен укажуваат на фактот дека работите многу бавно се придвижуваат во позитивна насока. Според податоците од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи од Гевгелија, регистрирани се 195 лица во општина Гевгелија со ментална или телесна попреченост.

Од непосредните контакти со родителите на овие лица, може да се констатира дека истите се чувствуваат отфрлено, напуштено, со еден збор заборавени од општеството и оставени на самите себе. Освен семејствата кои се најповикани да ги поддржуваат овие лица, треба и општеството да води грижа за нив и да им го олеснува колку може животот и да има ги овозможи сите потреби и услови за нормално живеење и функционирање.

По спроведената анкета во Здружението на телесни инвалиди од Гевгелија, како основен проблем, го истакнаа нестандардното градење на влезовите на скоро сите институции во општина Гевгелија и немање посебна патека за пристап за лица со телесни потреби во инвалидски колички. Неможноста за пристап на овие лица им создава бариера за да си ги извршуваат непречено своите дневни обврски. На влезовите од банките, на влезот на општина Гевгелија, на влезот на Пионерскиот дом, како и на ред други објекти не постои ваков посебен пристап за овие лица.

Исто така, несовесното паркирање на паркинг местата предвидени и обележани со знак за паркинг на лица со посебни потреби е голем проблем за лицата со телесна попреченост кои поседуваат патнички возила и наидуваат на проблем за барање паркинг места, често далеку од влезот на институцијата каде се упатуваат. Подигање на свеста на граѓаните за постоењето на ваква сигнализација и помош од општинската станица на МВР за навремено делување е секако голема помош, а и законска обврска која неретко граѓаните ја занемаруваат.

Невработеноста на 80% од членството во ова здружение, лица од 30-40 години со делумна или целосна работоспособност е друг проблем со кој се соочуваат лицата со телесна попреченост од ова здружение. Еден апел до општината и другите институции за помош при вработувањето на овие лица.

Членови на Здружението има и од околните населени места, Негорци, Миравци како и од Дојран, кои секако би сакале во одредениот ден (во среда) да учествуваат во активностите на здружението, но минималните приходи кои ги имаат тоа не им го дозволува секоја недела да одвојуваат средства за превоз. Месечни карти со посебен попуст за овие лица би било решението кое општината би можела да го издејствува кај транспортните компании за превоз на патници во Гевгелија и Дојран.

## VII. АКЦИОНЕН ПЛАН ПО ЦЕЛНИ ГРУПИ

**ЦЕЛНА ГРУПА 1:** Лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции

- Превентивна програма наменета за младите во образовните институции
- Проширување на активностите на дневниот центар за зависници од droги
- Едукација на семејствата на зависниците од droги
- Психосоцијални интервенции организирани на локално ниво

**ЦЕЛНА ГРУПА 2: Стари лица без семејна грижа над 65 години**

- Изработка на студија за избор на модел за изградба на дом за стари лица во регионот.
- Изградба на дом за стари лица
- Изработка на студија за институционализирање на категоријата згрижувачки семејства и спроведување на пилот проект „згрижувачко семејство„
- Народна кујна

**ЦЕЛНА ГРУПА 3: Лица со ментална и телесна попреченост**

- Изградба на соодветни пристапни влезови за лица со инвалидитет
- Кампања за постигнување на задоволително ниво на вработеност и мерки за поттикнување на вработувањето на лица со посебни потреби и телесно инвалидизирани лица
- Организирање на граѓански трибини/ акции за подигање на свеста на граѓаните
- Обезбедување на услови за побрза социјализација и поголема вклученост на оваа група во јавниот – социјален живот
- Едукација на лицата со посебни потреби

## VIII. ПРОЕКТИ

**1.Проекти за функционирање и јакнење на капацитетот на Меѓуопштинското работно тело кое е клучен имплементатор на програмата.**

| Проект Бр. 1 | Буџет: |
|---|---|
| Обезбедување на услови за функционирање на меѓуопштинското работно тело за социјална заштита | 10.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| |
|---|
| Обезбедување на услови за функционирање на меѓуопштинското работно тело за социјална заштита |
| Меѓуопштинското работно тело кое што е формирано во рамките на проектот „Градење на капацитети за подобра социјална заштита“ кое ги опфаќа општините Гевгелија и Дојран има потреба од организирање на постојани средби заради задржување на континуитетот на работа како и поради градење на социјалните политики на локално и микрорегионално ниво. Поради тоа, неопходни се одржување на месечни средби кои можат да бидат организирани во Гевгелија, Дојран или на било кое други место со цел договарање на активностите, градење на заедничка социјална локална политика и евалвација на реализираните активности. |

| Очекувани резултати: | |
|---|---|
| Со одржување на едномесечните средби ќе се постигне континуитет во меѓуопштинската соработка на полето на социјална заштита и ќе се обезбеди неопходниот надзор над програмите за социјална заштита. | |

| Партнери | Реализација: |
|---|---|
| Меѓуопштинско работно тело за социјална заштита.<br>Општина Гевгелија<br>Општина Дојран | 2012 година |

**ЦЕЛНА ГРУПА: Меѓуопштинско работно тело**

**Опис на проектна идеја**

| **Проект Бр. 2** | **Буџет:** |
|---|---|
| Обука на членовите на меѓуопштинското работно тело | 10.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| |
|---|
| Обука на членовите на меѓуопштинското работно тело |
| За обезбедување на потребни квалификации, надградување на знаењата и размена на искуства неопходно е градење на капацитетите на членовите на меѓуопштинското работно тело. Обуките кои би се спроведувале можат да бидат организирани како од општините, но и од домашни и меѓународни организации кои во обемот на својата работа ја третираат оваа тематика. |

| **Очекувани резултати:** | |
|---|---|
| Обезбедување на знаење за членовите на работното тело<br>Размена на искуства со слични тела<br>Донесување на квалитетни одлуки базирани на знаење и искуство | |

| **Партнери** | **Реализација:** |
|---|---|
| Меѓуопштинско работно тело за социјална заштита.<br>Општина Гевгелија<br>Општина Дојран<br>Донаторски организации<br>Консултански организации | 2012 година |

**ЦЕЛНА ГРУПА: Меѓуопштинско работно тело**

**Опис на проектна идеја**

| **Проект Бр. 3** | **Буџет:** |
|---|---|
| Надградување на софтверот за социјалната карта на општините Гевгелија и Дојран | 5.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| |
|---|
| Надградување на софтверот за социјалната карта на општините Гевгелија и Дојран |
| Во рамките на проектот „Градење на капацитети за подобра социјална заштита“ кое ги опфаќаше општините Гевгелија и Дојран се изработи софтвер за потребите на општините кој е компатибилен со софтверските програми кои ги имаат во МЦСР Гевгелија, односно во МТСП. Истиот во моментот ги опфаќа само лицата од три категории на социјални случаи, но може да биде надграден и дополнет со останатите категории на социјални категории. |

| **Очекувани резултати:** | |
|---|---|
| Обезбедување на квалитетна електронска евиденција на корисници на социјални услуги | |

| |
|---|
| Овозможување на квалитетна анализа на различни категории социјални категории |

| Партнери | Реализација: |
|---|---|
| Меѓуопштинско работно тело за социјална заштита.<br>Општина Гевгелија<br>Општина Дојран<br>Донаторски организации<br>Консултански организации | 2012 година |

*** Потребни буџетски средства за реализација на овој дел од Програмата: 25.000,00 денари**

**2. Проекти за Целна група 1:** Лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции

**Опис на проектна идеја**

| Проект Бр. 1 | Буџет: |
|---|---|
| Превентивна програма наменета за младите во образовните институции | 20.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| Превентивна програма наменета за младите во образовните институции |
|---|
| Главна цел на проектот е младите луѓе да се едуцираат со стекнување на знаења и усвојување на здрави животни стилови кои ќе им помогнат во својот живот да го направат правиот избор и да станат корисни и здрави личности.<br>Се предвидуваат работилници во сите основни училишта со учениците од седмо одделение, како и работилница со ученици од втора година од средното училиште. |

| Очекувани резултати: | |
|---|---|
| Реализација на овој проект ќе овозможи младите да ги почитуваат разликите помеѓу нив самите и истите да им помогнат во развој на нивниот идентитет, елиминирајќи го стравот од непознатото. Креативната комуникација ќе овозможи нивен личен раст и развој, ќе добијат увид во сопствените емоции и начин на комуникација во разрешување на конфликтите. | |

| Партнери | Реализација: |
|---|---|
| Општина Гевгелија<br>НВО<br>Волонтери<br>Образовни институции | Континуирано во текот на учебната година |

| |
|---|
| **ЦЕЛНА ГРУПА 1:** Лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции |

**Опис на проектна идеја**

| Проект Бр. 2 | Буџет: |
|---|---|
| Проширување на активностите на дневниот центар за зависници од дроги | 50.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| |
|---|
| Проширување на активностите на дневниот центар за зависници од дроги |
| Со оглед на позитивното искуство и резултатите кои се постигнаа со отворањето на овој центар, се наметна потребата за проширување на истиот, со што би можел да се зголеми капацитетот за престој и социјализација на лицата кои го користат истиот. Неопходни се воведување на нови содржини и обезбедување на услови за престој на поголем број лица, воведување на работна терапија со лицата зависници од дроги како и културно забавни и рекреативни активности. |

| **Очекувани резултати:** | |
|---|---|
| Обезбедена ресоцијализација на лицата корисници на дроги. | |

| **Партнери** | **Реализација:** |
|---|---|
| Општина Гевгелија<br>НВО сектор<br>Министерство за труд и социјална политика<br>Приватен сектор, Здравствени домови, Волонтери | 2012 год. |

| |
|---|
| **ЦЕЛНА ГРУПА 1:** Лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции |

**Опис на проектна идеја**

| **Проект Бр. 3** | **Буџет:** |
|---|---|
| Едукација на семејствата на зависници од дроги | 20.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| |
|---|
| Едукација на семејствата на зависници од дроги |
| Како неопходен сегмент за време на третманот на лицата корисници на дроги, од досегашното искуство се покажа дека клучно е односот на семејствата и третманот од нивна страна на лицата корисници на дроги. Поради тоа, едукацијата на семејствата во кои има корисници на дрога е потребна поради намалување на ризикот од појава на други негативни дејствија, болести и слично. |

| **Очекувани резултати:** | |
|---|---|
| Намален број на лица кои се отфрлени од своите семејства со што се намалува и можноста за појава на други несакани дејствија. | |

| **Партнери** | **Реализација:** |
|---|---|
| Општина Гевгелија<br>НВО сектор<br>Здравствени институции | 2012 год. |
| **ЦЕЛНА ГРУПА 1:** Лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции | |

**Опис на проектна идеја**

| Проект Бр. 4 | Буџет: |
|---|---|
| Психосоцијални интервенции организирани на локално ниво | 20.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| Психосоцијални интервенции организирани на локално ниво |
|---|
| Овие интервенции се состојат од следниве активности:<br>- Советодавни и информативни услуги на зависниците од дроги<br>- Едукативни работилници<br>- Вработување / работно ангажирање на лицата зависници од дроги |

| Очекувани резултати: | |
|---|---|
| Намалување на штетните последици од злоупотребата на дроги | |

| Партнери | Реализација: |
|---|---|
| Општина Гевгелија<br>НВО сектор<br>МЦСР Гевгелија<br>Здравствени институции | 2012 год. |

*** Потребни буџетски средства за реализација на проектите наменати за Целна група 1: 110.000,00 денари**

**3. Проекти за Целна група 2: Стари лица без семејна грижа над 65 години**

**Опис на проектна идеја**

| Проект Бр.1 | Буџет: |
|---|---|
| Изработка на студија за избор на модел за изградба на дом за стари лица во регионот. | 100.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| Изработка на студија за избор на модел за изградба на дом за стари лица во регионот. |
|---|
| Со оглед на тоа што бројот на оваа категорија на лица е во постојан подем, како и тоа што досегашните напори за наоѓање на трајно решение не вродија со резултат на ова поле, потребата од првична студија каде што би биле земени во предвид сите можни модели за изградба на дом за стари лица како потреба во регионот е неопходна. |

| Очекувани резултати: |
|---|
| Студијата треба да даде одговор на неколку прашања: Кој модел да биде избран за изградба на дом за стари лица (јавен објект, приватно јавно партнерство, преадаптација на друг објект) местоположба на истиот, капацитет со легла. Исто така, студијата да даде одговор и на финансиските прашања (потребен буџет и финансиска одржливост на истиот.) |

| Партнери | Реализација: |
|---|---|
| Општините во регионот<br>Министерство за труд и социјална политика | 2012 год. |

**ЦЕЛНА ГРУПА 2 : Стари лица без семејна грижа над 65 години**

**Опис на проектна идеја**

| **Проект Бр.2** | **Предлог буџет:** |
| --- | --- |
| Изградба на дом за стари лица | Во зависност од студијата која треба да биде изработена (проект бр. 1 ) |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| |
| --- |
| Изградба на дом за стари лица |
| Станува збор за регионален проект од пошироко значење. Со изградбата на ваков објект (или преадаптација, во зависност од избраниот модел) трајно се решаваат проблемите на старите лица со без семејна грижа од регионот. Објектот би нудел социјални услуги (можност за престој и дружење) и здравствени услуги. Сите услуги и активности треба да бидат претходно дефинирани во студијата. |

| **Очекувани резултати:** | |
| --- | --- |
| Згрижување на старите лица без семејна грижа;<br>Можност за остварување приходи (самоодржливост) од други лица кои би ги користеле услугите;<br>Можност за развој на здравствен туризам. | |

| **Партнери** | **Реализација:** |
| --- | --- |
| Општините во регионот<br>Министерство за труд и социјална политика<br>Приватен сектор<br>Здравствени домови<br>Пензионерски здруженија | 2012 - 2013 |

**ЦЕЛНА ГРУПА 2: Стари лица без семејна грижа над 65 години**

**Опис на проектна идеја**

| **Проект Бр.3** | **Буџет:** |
| --- | --- |
| Изработка на студија за институционализирање на категоријата згрижувачки семејства и спроведување на пилот проект ,,згрижувачко семејство,, | 80.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| |
| --- |
| Анализа на реалните можности за востановување на институцијата ,,згрижувачки семејства,, за потребите на граѓани од општина Гевгелија |
| Обезбедувањето финансиски средства кои ќе бидат надоместок на оние фамилии кои кај себе ќе згрижат стари лица и ќе им помагаат за нивно нормално функционирање во моментов и покрај добрата намера сепак е нереална амбиција. Од тука потребата од аналитички пристап кон оваа проблематика и согледување на сите аспекти (потреби, капацитети, простор, инвестициони вложувања, средства за тековно функционирање, обука на семејствата и сл.) со можност за спроведување пилот проект на едно или неколку ,,сместувачки семејства,, |

| **Очекувани резултати:** | |
|---|---|
| Намалување на чувството на осаменост кај старите лица и нивното чувство на непродуктивност, воено обезбедувајќи им подобри услови за живот | |

| **Партнери** | **Реализација:** |
|---|---|
| Општина Гевгелија<br>Министерство за труд и социјална политика<br>Приватен сектор<br>Здравствени домови<br>Пензионерски здруженија<br>НВО сектор, Волонтери | 2012 год. |

**ЦЕЛНА ГРУПА 2: Стари лица без семејна грижа над 65 години**

**Опис на проектна идеја**

| **Проект Бр.4** | **Буџет:** |
|---|---|
| Народна кујна | 60.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| |
|---|
| Постои програм обезбеден преку МТСП, а кој се реализира преку МЦСР Гевгелија со кој што се обезбедува право на дневен оброк, но во моментов го користат само 27 корисници. Со проширување на оваа програма, би можел бројот на корисници да се удвои, за што е потребна дополнителна финансиска, техничка и стручна поддршка.<br>Во народните кујни се врши подготовка и дистрибуција на храната до корисниците на овој вид на услуги. |

| **Очекувани резултати:** | |
|---|---|
| Навремена и редовна исхрана за оние кои неможат финансиски или физички да си ја овозможат. | |

| **Партнери** | **Реализација:** |
|---|---|
| Општина Гевгелија<br>Министерство за труд и социјална политика, Приватен сектор,<br>Здравствени домови<br>Пензионерски здруженија<br>НВО сектор, Волонтери | 2012 год. |

*** Потребни буџетски средства за реализација на проектите наменати за Целна група 2: - 240.000,00 денари**

**4. Проекти за Целна група 3: Лица со ментална и телесна попреченост**

**Опис на проектна идеја**

| **Проект Бр. 1** | **Буџет:** |
|---|---|
| Изградба на соодветни пристапни влезови за лица со инвалидитет | 40.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| |
|---|
| Изградба на соодветни влезови за лица со инвалидитет |
| Изготвување на правилник според кој секоја институција ќе има соодветен влез кој ќе овозможи лесен пристап до просториите од страна на лицата со инвалидитет. Обезбедување на посебни патеки за пристап на лица со посебни потреби во инвалидски колички на влезот на институции чиј основач е општината. |

| **Очекувани резултати:** | |
|---|---|
| Поголема присутност на лицата со инвалидитет во секојдневните активности и давање на можноста за рамноправност во извршувањето на задачите. Овозможување рамноправност и независност во извршувањето на секојдневните обврски на инвалидизираните лица. | |

| **Партнери** | **Реализација:** |
|---|---|
| Општина Гевгелија<br>Министерство за труд и социјална политика<br>Приватен сектор<br>Здравствени домови<br>НВО сектор<br>Волонтери | 2012 год. |

| **ЦЕЛНА ГРУПА 3: Лица со ментална и телесна попреченост** |
|---|

**Опис на проектна идеја**

| **Проект Бр. 2** | **Буџет:** |
|---|---|
| Кампања за постигнување на задоволително ниво на вработеност и мерки за поттикнување на вработувањето на лица со посебни потреби и телесно инвалидизирани лица | 40.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| |
|---|
| Спроведување кампања и превземање мерки за поттикување на вработувањето на лица со посебни потреби и телесно инвалидизирани лица |
| Невработеноста кај оваа категорија граѓани е над 80 %. Доколку се сака да има се помогне на овие лица треба да се обезбедат услови. Потребно е обезбедување спроведување на политики кои ќе ја променат ваквата состојба а во догледно време да се разгледа можноста од обезбедување работен простор и услови (алат и материјали) за работа. |

| **Очекувани резултати:** | |
|---|---|
| Намален број на невработени лица од оваа категорија. | |

| **Партнери** | **Реализација:** |
|---|---|
| Општина Гевгелија<br>Министерство за труд и социјална политика<br>Приватен сектор | 2012 год. |

| | |
|---|---|
| Здравствени домови<br>НВО сектор | |

| ЦЕЛНА ГРУПА 3: Лица со ментална и телесна попреченост |
|---|

**Опис на проектна идеја**

| Проект Бр. 3 | Буџет |
|---|---|
| Организирање на граѓански трибини / акции за подигање на свеста на граѓаните | 30.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| Организирање на граѓански трибини / акции за подигање на свеста на граѓаните |
|---|
| Организирање на граѓански трибини и акции во кои отворено ќе се зборува за предрасудите за лицата со инвалидитет, нивните права и можности, запознавање на граѓаните со состојбата и можностите на овие лица во општеството. |

| Очекувани резултати: | |
|---|---|
| Дефинирање на моменталната положба и изнаоѓање решенија за подобрување на социјалната поставеност на лицата со инвалидитет во општеството. | |

| Партнери | Реализација: |
|---|---|
| Општина Гевгелија<br>Министерство за труд и социјална политика<br>Приватен сектор<br>Здравствени домови<br>НВО сектор<br>МЦСР Гевгелија | 2012 год. |

| ЦЕЛНА ГРУПА 3: Лица со ментална и телесна попреченост |
|---|

**Опис на проектна идеја**

| Проект Бр. 4 | Буџет: |
|---|---|
| Обезбедување на услови за побрза социјализација и поголема вклученост на оваа група во јавниот – социјален живот. | 50.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| Олеснување на условите за социјализација и вклученост на лицата од руралните подрачја |
|---|
| Позитивниот пример посочен од членови на здружението на оваа категорија граѓани е попустот кој за нив го обезбедува Македонски телеком. По примерот на оваа пракса, добро е да се разгледаат сите можности преку кои за членовите на здружението оснодно за сите граѓани со телесна и ментална попреченост би се обезбедиле слични или исти поволности (попуст при користење на разни услуги како на пример превоз, при купување на дрва за огрев и слично) |

| **Очекувани резултати:** | |
|---|---|
| Зголемување на активноста на лицата од населените места во активноста на здруженијата во кои членуваат. | |

| **Партнери** | **Реализација:** |
|---|---|
| Општина Гевгелија<br>Министерство за труд и социјална политика<br>Приватен сектор<br>Здравствени домови<br>НВО сектор<br>МЦСР Гевгелија<br>Транспортни компании | 2012 год. |

| **ЦЕЛНА ГРУПА 3: Лица со ментална и телесна попреченост** |
|---|

**Опис на проектна идеја**

| **Проект Бр. 5** | **Буџет:** |
|---|---|
| Едукација на лицата со посебни потреби | 30.000,00 денари |

**Краток опис на проектот: (активности)**

| Едукација на лицата со посебни потреби |
|---|
| Потребата од едукација на самите лица со посебни потреби кои не се членови на здружението е неопходна, коишто заради срам или страв да не бидат етикетирани се затворени во домашни средини, ретко излегуваат и не учествуваат во активности кои би им го подобрил квалитетот на живеењето. Членовите на здружението прават самостојни напори преку разговор или покани за ги вклучат во своите дружења, но ретко кога тоа е успешно. |

| **Очекувани резултати:** | |
|---|---|
| Пребродување на стравот дека се непосакувана категорија на граѓани.<br>Активирање во активностите на здружението | |

| **Партнери** | **Реализација:** |
|---|---|
| Општина Гевгелија, Министерство за труд и социјална политика, Приватен сектор, Здравствени домови,НВО сектор, МЦСР Гевгелија | 2012 год. |

*** Потребни буџетски средства за реализација на проектите наменати за Целна група 3: 190.000,00 денари**

**IX. Други активности и трансфери од социјалната сфера.**

**1. Меѓународна – прекугранична соработка.**

Во делот на социјалната заштита, општина Гевгелија преку ИПА-Програмата ќе реализира „Проект за социјална кохазија – Прекугранична мрежа Р. Македонија - Р. Бугарија за европско занење и квалификации„. Учеството за кофинансирање на овој проект од страна на општина Гевгелија изнесува 320.000,00 денари кои ќе се реализираат преку оваа Програма.

**2. Други социјални трансфери.**

Имајќи предвид дека во текот на секоја фискална година, до општина Гевгелија со ургентни барања на финансиска помош се обраќаат лица или семејства кои од одредени причини се изложени на социјален ризик (болест, непогода од различен вид, материјална загрозеност и слично), од Буџетот на општината преку оваа Програма се предвидуваат 115.000,00 денари за еднократна финансиска помош.

**X. БУЏЕТ.**

За реализација на активностите и проектите предвидени со оваа програма потребни финансиски средства во вкупен износ од **1.000.000,00** денари од Буџетот на општина Гевгелија за 2012 година.

Бр. 07-3709/1
28.12.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов s.r.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08,33/10,116/10,156/10 и 18/11 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија за 2012 година

1.Се усвојува Финансовиот план на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија за 2012 година предложен со Одлука бр.02-4/29 и 30 од 25.11.2010 година на Училишниот одбор на основното училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3696/1
28.12.2011год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08,33/10,116/10,156/10 и 18/11 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија за 2012 година

1.Се усвојува Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија за 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3697/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08,33/10,116/10,156/10 и 18/11 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за 2012 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3700/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08,33/10,116/10,156/10 и 18/11 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за 2012 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци за 2012 година предложен со Одлука бр.02-31/6 од 24.11.2010 година на Училишниот одбор на основното училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3698/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 126 став 1 алинеа 5 од

Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 103/08,33/10,116/10,156/10 и 18/11 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски" Миравци за 2012 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски" Миравци за 2012 година предложен со Одлука бр.02-320/1и2 од 24.11.2010 година на Училишниот одбор на основното училиште.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3699/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 89а став 1 алинеа 3 од Законот за средно образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 26/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, , 33/10,116/10, 156/10 и 18/11год год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2012 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3701/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 98 став 1 алинеа 2 од Законот за заштина на децата ("Службен весник на РМ" бр.98/00, 17/03, 65/04 , 113/05,98/08,107/08 и 83/09 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска Радост" Гевгелија " Гевгелија за 2012 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3702/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр. 31/98,49/03,82/05,24/07 и 116/10 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2012 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на Јавната општинска установа-Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3705/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 32 став 3 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр. 66/04,89/08 и 116/10 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Финансовиот план на ЈОУ - Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија за 2012 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на Јавната општинска установа-Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија за 2012 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3703/1 Претседател
28.12.2011 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр. 31/98,49/03,82/05,24/07 и 116/10 год.) и

член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на Финансовиот план на ЈОУ Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2012 година**

1.Се усвојува Финансовиот план на Јавната општинска установа-Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3704/1
28.12.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 9, став 4 од Законот за таксата за привремен престој ("Службен весник на РМ", бр. 19/96 и 26/02) и член 38, став 1, точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија", бр. 25/06), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за туристички развој и туристичко претставување на општина Гевгелија во 2012 година**

1.Со оваа програма се утврдува намената на средствата за туристички развој и за туристичко претставување на општина Гевгелија во 2012 година.

2.Средствата за финансирање за оваа намена се утврдени во износ од **1.000.000** денари и се обезбедуваат од Буџетот на општина Гевгелија за **2012** година.

3.Средствата ќе се користат за:

| Р.Бр. | Проект | Износ |
|---|---|---|
| 1. | **Пропагандно-туристички материјал за презентација на општина Гевгелија** | 700.000 |
| | - Туристички водич | |
| | - Изработка на мултимедијално ЦД | |
| | - DVD Презентација | |
| | - Папки | |
| | - Разгледници | |
| | - Флаери | |
| 2. | **Организирање и учество на саемски манифестации** | 300.000 |
| | **Вкупно:** | **1.000.000** |

4.Оваа Програма ќе се реализира според динамиката на приливот на средствата од туристичката такса за привремен престој и од Буџетот на општина Гевгелија за 2012 година.

5.За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на општина Гевгелија.

6.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Гевгелија.

Бр. 07-3692/1
28.12.2011 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 6 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11 и 54/11 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, ја дава следната

## И З Ј А В А
**за согласност за утврдување правен статус на**
**бесправно изграден објект**

1.Општина Гевгелија се согласува на деловниот објект изграден на КП бр.3240 КО Негорци, имотен лист бе.1450, сопственост на општина Гевгелија, да се утврди правен статус на бесправно изграден објект.

2.Деловниот објект (локал бр.6/4) сопственост на Никола Мицев од Негорци, подносител на барањето за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, е изграден пред влегувањето во сила на Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11 и 54/11 год.).

3.Изјавата да се достави до подносителот на барањето за легализација на бесправно изграден објект.

4.Оваа Изјава ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3713/1<br>
28.12.2011 год.<br>
Гевгелија

Претседател<br>
на Советот на општина Гевгелија,<br>
***Александар Тодов с.р.***

Врз основа на член 6 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11 и 54/11 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2011 година, ја дава следната

## И З Ј А В А
**за согласност за утврдување правен статус на**
**бесправно изграден објект**

1.Општина Гевгелија се согласува на деловниот објект изграден на КП бр.3240 КО Негорци, имотен лист бе.1450 сопственост на општина Гевгелија, да се утврди правен статус на бесправно изграден објект.

2.Деловниот објект (локал бр.5/2) сопственост на Васил Велков од Негорци, подносител на барањето за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, е изграден пред влегувањето во сила на Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11 и 54/11 год.).

3.Изјавата да се достави до подносителот на барањето за легализација на бесправно изграден објект.

4.Оваа Изјава ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3714/1<br>
28.12.2011 год.<br>
Гевгелија

Претседател<br>
на Советот на општина Гевгелија,<br>
***Александар Тодов с.р.***

# С О Д Р Ж И Н А

1.Буџет на општина Гевгелија за 2012 година ............................................ 537
2.Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2012 год... 605
3.Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2012 година ...................................................................................................... 608
4.Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2012 година .................................................................................................. 625
5.Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2012 година ...................... 635
6.Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2012 год........ 640
7.Програма за поддршка на Месните заедници во организирање на културни активности во 2012 година ..................................................................... 650
8.Програма за поддршка на НВО секторот за организирзње активности во 2012 година ...................................................................................................... 651
9.Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2012 година ........................................................................................................... 652
10.Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2012 година ............................................... 654
11.Програма за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2012 година .................................................................................................. 656
12.Програма за одржувањето на јавната чистота во општина Гевгелија за 2012 година ...................................................................................................... 661
13.Програма за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во општина Гевгелија за 2012 година ...................................... 663
14.Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2012 година ....................................................................................... 664
15.Одлука за утврдување Нацрт-Детален урбанистички план за Урбан блок 10.2, општина Гевгелија за плански период 2011-2016 година .............................. 681
16.Одлука за усвојување и финансирање на Буџет на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2012 година ......................................................... 683
17.Одлука за усвојување на Програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2012 година ......................................................... 683
18.Одлука за усвојување и финансирање на Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии за 2012 година ..........................................................684
19.Локален оперативен план за родова рамноправност на општина Гевгелија за 2012 година ....................................................................................... 684
20.Програма за социјална заштита за потребите на граѓаните на општина Гевгелија за 2012 година ....................................................................................... 689
21.Решение за усвојување на Финансов план на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија за 2012 година ...................................... 705
22.Решение за усвојување на Финансов план на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија за 2012 година ..........................................705
23.Решение за усвојување на Финансов план на Општинското основно музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија за 2012 година ........................... 706
24.Решение за усвојување на Финансов план на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци за 2012 година .............................................. 706
25.Решение за усвојување на Финансов план на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци за 2012 година ....................................... 707

26.Решение за усвојување на Финансов план на Средното општинско училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за 2012 година ....................................... 707
27.Решение за усвојување на Финансов план на ЈОУДГ "Детска Радост" Гевгелија за 2012 година ........................................................................................ 707
28.Решение за усвојување на Финансов план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2012 година .................................. 708
29.Решение за усвојување на Финансов план на ЈОУ- Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2012 година ..................................................................... 708
30.Решение за усвојување на Финансов план на ЈОУ Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2012 година ..................................................................... 709
